Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 287, 15 ноември 2021 година

ноември 2021 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област анализа и функционална анализа и применета математика и математичко моделирање на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник за наставно-научната област социјална медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-стручно звање виш лектор за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебник со наслов „Сметководствени информациони системи“ од проф. д-р Благица Колева, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 40

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебник „Економија на пари банкарство и финансиски пазари (второ издание)” од проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 43

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот–практикум „Колекција“ од доц. д-р Марија Ќертакова, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Екстракција на растителни масла“ – учебник од вон. проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 48

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Меѓународни односи и дипломатија” - скрипта од доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Меѓународни односи и дипломатија” -практикум од доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебникот „Претприемништво“ од д-р Марија Магдинчева-Шопова, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 56

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис (учебник) со наслов „Трговско право” од проф. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот (учебник) „Право на осигурување” од вон. проф. Марија Амповска, Правен факултет,Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 65

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Борба за опстанок или експанзија?” од вон. проф. д-р Дејан Маролов, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 69

**РЕЦЕНЗИЈА** за оцена на докторската дисертација „Улогата на туристичките агенции врз развојот на туризмот во Република Северна Македонија“ од кандидатката м-р Билјана Николовска ........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација „Анализа на квалитетот на ресторанската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството” од м-р Јулијана Саздова, пријавена на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 79

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторска дисертација со наслов “Значењето на пренаталниот скрининг на серумските биомаркери од quadriple test-от и фето-плацентарната единица во предвидување на перинаталниот ризик и исходот од бременоста” пријавена на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 84

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 89



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНАЛИЗА И ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА И ПРИМЕНЕТА МАТЕМАТИКА И МАТЕМАТИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1502-120/4 од 1.11.2021 година донесена на 203. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, одржана на 1.11.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област анализа и функционална анализа и применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– д-р Билјана Јолевска-Тунеска, редовен професор за наставно-научната област математика (10900) на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – претседател;
– д-р Љупчо Настовски, редовен професор за наставно-научната област анализа и функционална анализа (10902) на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член;
– д-р Владо Гичев (10912), редовен професор за наставно-научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 16.10.2021 година и во предвидениот рок се пријави д-р Лимонка Коцева-Лазарова, доктор на математички науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Лимонка Коцева-Лазарова** е родена на 30.8.1983 година во Кочани. Основното образование го завршува во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ во Оризари со одличен успех. Средното образование на природно-математичката насока го завршила во ДСУ „Љупчо Сантов“– Кочани со континуиран одличен успех.

Во 2002 година се запишува на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Наставна математика на Институтот за математика. Додипломските студии ги завршува на 8.11.2006 година со бранење на дипломскиот труд со наслов „Линеарен функционал и линеарен оператор“ (под менторство на проф. д-р Љупчо Настовски), со просечен успех 8,93 со што се стекнува со звањето дипломиран професор по математика.

Согласно со Одлуката на Матичната комисија за формирање на државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во јуни 2007 година, кандидатката е избрана за помлад асистент по предметите на областа математика на Факултетот за информатика.

Во учебната 2008/2009 година се запишува на постдипломски студии по применета математика во областа на електротехниката и информациските технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Постдипломските студии ги завршува со просечен успех 10,00, а магистерскиот труд го работи под менторство на проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска. Со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Модели на Black-Scholes и нивна примена“ на 8.7.2011

година се стекнува со академскиот степен магистер по електротехника и информациски технологии во област (потесна специјалност) применета математика во електротехниката и информациските технологии.

Во мај 2012 година е избрана во звањето асистент на Катедрата за математика и статистика.

Во учебната 2011/2012 година се запишува на докторски студии при Школата за докторски студии на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на насоката Математички науки и примени. Предвидените испити на докторските студии ги положува со просечен успех 10,00. За време на докторските студии истражува во областа на Функционалната анализа под менторство на проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска.

Со Одлука бр. 02-1557/8 од 11.1.2016 донесена од Наставно-научниот совет од Природно-математичкиот факултет во Скопје, усвоен е извештајот од Комисијата за оцена на темата и одобрена е изработка на докторска дисертација под наслов „Нови прилози во неутрикс сметањето" и за ментор при изработката на докторската дисертација е определена проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

На 13.12.2016 година со успешна одбрана на докторската дисертација со наслов „Нови прилози во неутрикс сметањето", на Природно-математичкиот факултет во Скопје се стекнува со академскиот степен доктор на математички науки.

Д-р Лимонка Коцева-Лазарова активно се служи со англискиот јазик. Член е на Сојузот на математичари на Македонија и Сојузот на истражувачи на Македонија.

**Општи услови за избор:**

- Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (остварен просек на додипломски четиригодишни студии – прв циклус посебно 8,93 и остварен просек на постдипломски студии – втор циклус – 10,00);
- Научен степен доктор на математички науки, област анализа и функционална анализа.
- Претходен избор во звање: со Одлука број 1502-90/8 од 8.5.2017 година на 134. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, д-р Лимонка Коцева Лазарова е избрана во звањето доцент за наставно-научните области анализа и функционална анализа (10902) и применета математика и математичко моделирање (10912).
- Објавени најмалку пет (5) рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/Публикација | Години на излегување на списанието/ конференцијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Limonka Koceva Lazarova**, Marija Miteva, Teuta Jusufi-Zenku (2021) | Commutative Neutrix Convolution Product of Generalized Fresnel Cosine Integrals and Convolution | Journal of Computer Science and Applied Mathematics, 3 (2). pp. 83-91. ISSN 1857-9582 Индексирано во Mathematical Reviews (MathSciNet) Crossref Scilit WorldCat – OCLC Google Scholar | списание од 2015 7 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Miteva, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** and Stojkovic, Natasa and Stojanova, Aleksandra (2020) | A way to generate singular matrix | Advances in Mathematics: Scientific Journal, 9 (7). pp. 4329-4344. ISSN 1857-8365, 2020<br>Индексирано во Scopus<br>ZentralBlatt MATH<br>Mathematical Reviews (MathSciNet)<br>ICI World of Journals<br>COBISS<br>http://eprints.ugd.edu.Mk/24371/) | списание од 2012<br>10 години |
| 3 | Miteva, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** (2018) | Result on Colombeau product of generalized functions containing delta distribution | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 1 (2). Pp. 7-16. ISSN 2545-4803 | списание од 2018<br>4 години |
| 4 | **Koceva Lazarova, Limonka** and Jolevska-Tuneska, Biljana and Akturk, Inci and Ozcag, Emin (2018) | Note on the Distribution Composition (x_+^\ mu)^\ lambda | Bulletin of the Malaysian Mathematical Sciences Society. Pp. 709-721. ISSN 0126-6705 (print) IF(2018)=0.867 | списание од 1977<br>44 години |
| 5 | Zlatanovska, Biljana and Stojkovic, Natasa and Kocaleva, Mirjana and Stojanova, Aleksandra and **Koceva Lazarova, Limonka** and Gobubovski, Roman (2018) | Modeling of Some Chaotic Systems with AnyLogic Software | TEM Journal, 7 (2), ISSN 2217-8309 / 2217-8333 (Online), pp. 465-470 ,2018<br>Индексирано во: Web of Science, Scopus, Copernicus, Google scholar, DOAJ, EBSCO etc. (http://eprints.ugd.edu.Mk/20140/) | списание од 2011<br>11 години |
| 6 | Ljubenovska, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** and Stojkovikj, Natasha and Stojanova, Aleksandra and Miteva, Marija (2021) | Mathematical modeling of COVID-19 virus | In: 18th International Conference on Informatics and Information Technologies, CIIT 2021, 6-7 May 2021. | конференција од 2001 |
| 7 | Kocaleva, Mirjana and Stojanova, Aleksandra and Stojkovic, Natasa and **Koceva Lazarova, Limonka** and Zlatanovska, Biljana | Changes in the teaching and learning caused of the COVID-19 pandemic | South East European Journal of Sustainable Development, 5 (2). pp. 67-76. ISSN 2545-4471 | списание од 2017 |

– Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – Кембриџ меѓународен сертификат по англиски јазик на ниво Б1;
– Способност за изведување на високообразовна дејност: д-р Лимонка Коцева-Лазарова е ангажирана во наставата по повеќе предмети од прв и втор циклус на Факултетот за информатика и повеќе предмети на прв циклус на Технолошко-техничкиот факултет и Економскиот факултет. Била ментор на 1 (една) успешно одбранета дипломска работа (Милена Андреева-Аргирова), член на повеќе комисии за одбрана на дипломска работа и член на 3 комисии за оценка и јавна одбрана на три магистерски работи на студенти од Факултетот за информатика. Коавтор е на еден учебник и коавтор на две учебни помагала.

**Посебни услови:**

– Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД: Кандидатката како коавтор има објавено учебник „Веројатност“ и две учебни помагала „Збирка задачи од математика 1 за технички факултети“ и „Збирка задачи по Веројатност“.
– Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати: Во изборниот период д-р Лимонка Коцева-Лазарова е учесник во проектот Contributions in mathematical theory, mathematical modelling and their applications, Introduction of New Space of Distributions and its Application, финансирани од Универзитет „Гоце Делчев“.
– Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници: Досега д-р Лимонка Коцева Лазарова има соработувано со неколку помлади наставници и соработници на Факултет за информатика во доменот на научноистражувачката работа и одржувањето на наставата.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Согласно со Одлуката на Матичната комисија за формирање на државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во април 2007 година, кандидатката д-р Лимонка Коцева-Лазарова е избрана за помлад асистент по предметите од областа математика на Факултетот за информатика, каде што работи и денес. Со Одлука бр.2002-45/5 од 31.5.2010 година е реизбрана во помлад асистент на Факултетот за информатика. Две години подоцна, со Одлука бр.2002-131/12 од 21.5.2012 година е избрана за асистент во научната област математика.

Со Одлука бр. 1502-90/8 од 8.5.2017 година на 134. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за информатика е избрана во звањето доцент за наставно-научните области анализа и функционална анализа (10902) и применета математика и математичко моделирање (10912). Досега кандидатката учествувала во наставата на прв и втор циклус на Факултет за информатика и на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет, Економски факултет, Машински факултет и Електротехнички факултет и тоа по предметите:

**Прв циклус студии**
**Факултет за информатика**

- Дискретна математика
- Алгебарски структури
- Веројатност и статистика
- Финансиска математика
- Основи на актуарство
- Математичка анализа
- Комбинаторика
- Историја на математика
- Статистика
- Топологија;

**Економски факултет**
- Финансиска и актуарска математика
- Математика за бизнис;

**Технолошко-технички факултет**
- Математика 1
- Математика 2;

**Машински факултет и Електротехнички факултет**
- Дискретна математика
- Веројатност и статистика;

**Втор циклус студии**

**Факултет за информатика**
- Одбрани поглавја од финансиска математика
- Финансиско моделирање
- Стохастичко сметање во финансиите
- Теорија на ризик и управување со финансиски ризици
- Одбрани поглавја од алгебра
- Напредни поглавја од веројатност и статистика
- Одбрани поглавја од функционална анализа
- Специјални функции
- Обопштени функции.

Научните резултати на кандидатката се објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание, меѓународни списанија и зборници од конференции. Наведените трудови се составен дел на е-репозиториумот при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Koceva_Lazarova=3ALimonka=3A=3A.html

**I. Листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации (научни списанија и зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири), научни проекти и други научноистражувачки референци од последниот избот (2017-2020).**

1. **Koceva Lazarova, Limonka** and Miteva, Marija and Jusufi Zenku, Teuta (2021) Commutative Neutrix Convolution Product of Generalized Fresnel Cosine Integrals and Convolution. Journal of Computer Science and Applied Mathematics, 3 (2). pp. 83-91. ISSN 1857-9582 (https://eprints.ugd.edu.mk/28700/ )

Во овој труд се разгледува обопштениот Френелов косинусен интеграл и функциите кои се дефинираат преку него како локално интеграбилни функции. Пресметани се комутативни неутрикс конволуции на обопштениот Френелов интеграл и неговите соодветни функции со дистрибуцијата $x^r, r=0,1,2,\dots$

Kocaleva, Mirjana and Stojanova, Aleksandra and Stojkovic, Natasa and **Koceva Lazarova, Limonka** and Zlatanovska, Biljana (2021) Changes in the teaching and learning caused of the COVID-19 pandemic. South East European Journal of Sustainable Development, 5 (2). pp. 67-76. ISSN 2545-4471 (https://eprints.ugd.edu.mk/27998/)

Во овој труд е направена анализа дали онлајн учењето влијае на знаењето на студентите. Направена е анализа на промената на процесот на учење и предавање поради COVID-19 пандемијата. Статистички се анализирани резултатите на студентите по предметот Математика кои полагале физички и онлајн преку Microsoft Teams.

Stojanovski, Strasko and **Koceva Lazarova, Limonka** and Todorova, Biljana (2020) Политики на високо образование: Веројатност во перцепциите на средношколците за студирање на универзитетите. Proceedings of the Seventh International Scientific Conference ‘Social changes in the global world’ (7). pp. 729-756. ISSN 978-608-244-778-0 (https://eprints.ugd.edu.mk/26918/)

Во овој труд се прави анализа за перцепциите на средношколците за студирање на универзитетите, во однос на повеќе критериуми. Сепак, политиките во високото образование, како во регионот, така и во земјата упатуваат на доминација на квалитетот и квантитетот во државните наспроти приватните високообразовни институции. Направена е статистичка анализа на податоците со цел да се изведат некои заклучоци за движењата

на перцепциите на средношколците во однос на можноста за продолжување на нивното образование на терцијално ниво.

Miteva, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** (2020) Пропусти во предзнаењата на студентите и учениците забележани при изучување на предметот математика. Математички омнибус - Книга 8. pp. 9-19. ISSN 978-608-4762-28-7 (https://eprints.ugd.edu.mk/28556/).

Во овој труд се разгледани најчестите типови на грешки кои учениците и студентите ги прават при изучување на математиката. Направена е анализа кога и зошто се појавуваат ваквите типови на грешки и дадени се предлози за нивно надминување.

Miteva, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** and Stojkovic, Natasa and Stojanova, Aleksandra (2020) A way to generate singular matrix. Advances in Mathematics: Scientific Journal, 9 (7). pp. 4329-4344. ISSN 1857-8365 (https://eprints.ugd.edu.mk/24371/).

Во трудот се разгледуваат производи на матрици кога матрицата што се добива при овие производи е сингуларна. Главниот резултат се состои во начинот на кој се добива сингуларна матрица, со множење на две случајни матрици со специфична форма: кога се множат $n \times k$ матрица со $k \times n$ матрица, за $n > k$, секогаш се добива сингуларна $n \times n$ матрица како резултат.

**Koceva Lazarova, Limonka** and Miteva, Marija (2019) Поимот функција во наставата по математика. Математички омнибус - Книга 6. ISSN 978-608-4762-23-2 (https://eprints.ugd.edu.mk/22256/).

Во трудот се разгледува проблемот со совладувањето на поимот функција во наставата по математика во основно и средно образование. Поимот функција е од големо значење за разбирање на многу други математички поими и концепти. Разгледан е еден реалистичен пристап на функциите кој им помага на наставниците по математика да го доближат овој важен концепт на своите ученици, за да понатаму учениците правилно го користат не само во математиката, туку и во останатите науки.

Miteva, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** (2018) Result on Colombeau product of generalized functions containing delta distribution. Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 1 (2). pp. 7-16. ISSN 2545-4803 (https://eprints.ugd.edu.mk/21566/).

Во трудот се разгледани производи на бесконечно диференцијабилни функции и r-тиот извод на Dirac делта дистрибуцијата. Производот е добиен во алгебра на Colombeau од обопштени функции кои се најрелевантни алгебарски конструкции за работа со дистрибуциите на Schwartz.

Srebrenova Miteva, Maja and **Koceva Lazarova, Limonka** (2018) Notion For Connectedness and Path Connectedness in Some Type of Topological Spaces. Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 1 (1). pp. 55-62. ISSN 2545-4803 (https://eprints.ugd.edu.mk/21565/) .

Во овој труд се разгледуваат сврзаноста и пат сврзаноста во некои типови тополошки простори. Дадени се примери за сврзани и пат сврзани тополошки простори како и дополнителен услов со кој сврзан простор е пат сврзан простор.

**Koceva Lazarova, Limonka** and Jolevska-Tuneska, Biljana and Akturk, Inci and Ozcag, Emin (2016) Note on the Distribution Composition (x_+^\ mu)^\ lambda. Bulletin of the Malaysian Mathematical Sciences Society. pp. 1-13. ISSN 0126-6705 (print) / 2180-4206 (online), (https://eprints.ugd.edu.mk/17559/).

Во овој труд, користејќи го неутрикс сметањето, пресметани се композициите на дистрибуците x^λ и (x_+^μ ) за λ=-1,-2,…,μ>0 и λμZ^- . Докажани се неколку теореми и последици кои се однесуваат на композиции на овие дистрибуции.

Stojanova, Aleksandra and Kocaleva, Mirjana and Stojkovic, Natasa and Bikov, Dusan and Ljubenovska, Marija and Zdravevska, Savetka and Zlatanovska, Biljana and Miteva, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** (2018) Optimization models for scheduling in kindergarten and healthcare centers. Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 1 (1). pp. 65-71. ISSN 2545-4803 (https://eprints.ugd.edu.mk/20318/).

Трудот е изработен како резултат на работата спроведена на работилница од The First Modelling Week. Во овој труд се прави оптимизационен модел за справување со голем број деца и вработени во детските градинки или во дневни центри за деца. Проблемот може да се прошири и на проблемот за здравствените услуги за стари лица.

Zlatanovska, Biljana and Stojkovic, Natasa and Kocaleva, Mirjana and Stojanova, Aleksandra and **Koceva Lazarova, Limonka** and Gobubovski, Roman (2018) Modeling of Some Chaotic Systems with AnyLogic Software. TEM Journal, 7 (2). pp. 465-470. ISSN 2217-8309 / 2217-8333 (Online). (https://eprints.ugd.edu.mk/20140/).

Во овој труд е дадена анализа на познатите системи од диференцијални равенки на Рослер, Чуа и Чен со користење на софтверот AnyLogic.

Ljubenovska, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** and Stojkovikj, Natasa and Stojanova, Aleksandra and Miteva, Marija (2021) Mathematical modeling of COVID-19 virus. In: Proceedings of 18th International Conference on Informatics and Information Technologies, CIIT 2021, 6-7 May 2021. (https://eprints.ugd.edu.mk/28564/).

Во овој труд е искористен SEIRS-D моделот за да се опише состојбата со COVID-19 вирусот. Исто така е применет SEIRS-D моделот во AnyLogic Simulation Modeling Software. COVID-19 вирусот е опишан во зависност од повеќе фактори: време за оздравување, репродукциски број, време за инкубација.

**Koceva Lazarova, Limonka** and Miteva, Marija and Zenku, Teuta (2020) Teaching and Learning Mathematics during COVID period. In: XI International Conference of Information Technology and Development of Education ITRO 2020, 30 Oct 2020, Republic of Serbia. (https://eprints.ugd.edu.mk/27321/).

Во овој труд се разгледани некои можности за адаптација на новите услови кога учениците и наставниците не можат да бидат во училниците. Главната цел на овој труд е да се анализираат онлајн начини и ресурси за учење и предавање математика.

Miteva, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** and Ljubenovska, Marija (2019) Conceptual Errors - Serious Barrier in Math Education. In: X International conference of information technology and development of education ITRO 2019, June 2019, Zrenjanin, Republic of Serbia. (https://eprints.ugd.edu.mk/28553/).

Во трудот се анализирани концептуалните грешки кои учениците и студентите ги прават при совладување на математичките содржини. Анализирано е погрешното разбирање и погрешната примена на основни математички поими од страна на учениците. Дадени се заклучоци и препораки за нивно надминување.

**Koceva Lazarova, Limonka** and Miteva, Marija and Atanasova-Pacemska, Tatjana (2019) ERASMUS+ Projects as Tool for Improvement Mathematics Teaching. In: X International conference of information technology and development of education ITRO 2019, June 2019, Zrenjanin, Republic of Serbia. (https://eprints.ugd.edu.mk/28554/).

Во трудот се презентирани и анализирани резултатите од неколку Еразмус+ проекти кои можат да помогнат во подобрувањето на наставата по математика. Покажано е дека со примена на добиените резултати може да се направи иновативност во процесот на учење и подучување математика.

**Koceva Lazarova, Limonka** and Miteva, Marija and Stojanova, Aleksandra (2019) Modernization of Mathematics Education by Using Educational E-platforms. In: International Conference on Information Technology and Development of Education – ITRO 2019 June, 2019. Zrenjanin, Republic of Serbia, Zrenjanin. (https://eprints.ugd.edu.mk/22657/).

Главната цел на овој труд е да се анализира состојбата со едукативните е-платформи за изучување математика во Македонија и соседниот регион.

Zlatanovska, Biljana and Ljubenovska, Marija and Kocaleva, Mirjana and **Koceva Lazarova, Limonka** and Stojkovic, Natasa and Stojanova, Aleksandra (2018) Dynamical Analysis of Two Cubic Discrete Dynamical Systems. In: International Conference on Information Technology and Development of Education – ITRO 2018, 29 June 2018, Zrenjanin, Republic of Serbia. (https://eprints.ugd.edu.mk/20352/).

Во овој труд е дадена динамичка анализа на две кубни дискретни динамички системи кои зависат од промена на еден реален параметар преку анализа и класификација на фиксните точки, анализа на периодични орбити со период два и анализа на нивните бифуркациони дијаграми. За графичката визуализација е користен програмскиот пакет Mathematica.

2. Miteva, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** (2019) Mathematical models with stochastic differential equations. Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 2 (2). pp. 73-79. ISSN ISSN 2545-4803

Во трудот се дадени математички модели со стохастички диференцијални равенки. За подобро моделирање на реалните процеси е потребно да се земе предвид и нивната случајност, т.е. нивната промена во текот на времето. Токму поради тоа со примена стохастичките диференцијални равенки се овозможува реално претставување на многу реални процеси.

Atanasova-Pacemska, Tatjana and Jolevska-Tuneska, Biljana and Makrides, Gregory and **Koceva Lazarova, Limonka** and Miteva, Marija and Pacemska, Sanja and Trifunov, Zoran (2017) Increasing Motivation for Learning Mathematics Through Debate. In: Proceedings of papers / VIII International Conference on Information Technology and Development of Education ITRO 2017. University of Novi Sad, Technical Faculty „Mihajlo Pupin", Zrenjanin, Republic of Serbia, Zrenjanin, pp. 143-147. ISBN 978-86-7672-302-7 (https://eprints.ugd.edu.mk/18409/).

Во трудот се претставени резултати од проектот MATHDebate. Презентиран е метод на дебата, што може да се примени во наставата по математика со цел зголемување на мотивацијата за учење математика кај учениците.

Trifunov, Zoran and Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Koceva Lazarova, Limonka** and Miteva, Marija and Makrides, Gregory and Trifunov, Pance and Leova, Hristina and Lazarovska, Marija (2017) A Method for Increasing the Level of Knowledge in Mathematics. In: Proceedings of papers / VIII International Conference on Information Technology and Development of Education ITRO 2017. University of Novi Sad, Technical faculty „Mihajlo Pupin", Zrenjanin, Republic of Serbia, Zrenjanin, pp. 186-190. ISBN 978-86-7672-302-7 (https://eprints.ugd.edu.mk/18410/).

Во трудот се презентирани резултати од проектот Math Labyrinth. Презентиран е практичен пристап во наставата по математика. Дадени се практични проблеми од секојдневниот живот кои им помагаат и на учениците и на наставниците да ја воочат применливоста на математиката, а со тоа да ја зголемат мотивацијата за учење.

**II. Учества во работата на конференции, работилници и семинари:**

- 133th European Study Group with Industry, 25 Sep-29 Sep 2017, Bled, Slovenia.
- „Да се биде учител" - научно-стручна трибина. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за образовни науки, 2017.

136th European Study Group with Industry (ESGI), L'Aquila, Italy, 14 May – 18 May 2018.

- International Conference on Information Technology and Development of Education ITRO 2017, 2018, 2019, 2020, Zrenjanin, Republic of Serbia.
- First winter modelling week in Macedonia, 12-16 Feb 2018, Stip, Macedonia;
- Workshop on Fractional calculus 2018, COST Action CA15225, May 10-11, 2018, Skopje.
- Семинар: Ден на диференцијалните равенки, УГД, Штип, 2019, 2020.
- Congress of Young Mathematicians in Novi Sad, Serbia, 3-5 Oct 2019, Novi Sad, Serbia.
- Seventh International Scientific Conference 'Social changes in the global world' (7), Faculty of law, Goce Delcev University, 2020.
- 4th TSD Conference, 18 Dec 2020, Skopje, Macedonia.
- 18th International Conference on Informatics and Information Technologies, CIIT 2021, 6-7 May 2021.

**III. Соопштенија/постер-презентација на научноистражувачки собири (конференции/работилници):**

3. Stojkovic, Natasa and Stojanova, Aleksandra and **Koceva Lazarova, Limonka** and Miteva, Marija and Redzepovska, Pamela (2021) Vaccination Queueing System Simulation. In: Ninth International Conference of FMNS (FMNS-2021) Modern Trends in Science, September 15-19, 2021, Blagoevgrad, BULGARIA. (In Press)
4. **Koceva Lazarova, Limonka** and Stojanova, Aleksandra and Stojkovic, Natasa and Miteva, Marija and Ljubenovska, Marija (2021) Analysis and Prediction of the Spread of COVID-19 in North Macedonia. In: Ninth International Conference of FMNS (FMNS-2021) Modern Trends in Science, September 15-19, 2021, Blagoevgrad, Bulgaria. (In Press)

5. Ljubenovska, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** and Stojkovikj, Natasha and Stojanova, Aleksandra and Miteva, Marija (2021) Mathematical modeling of COVID-19 virus. In: 18th International Conference on Informatics and Information Technologies, CIIT 2021, 6-7 May 2021.
6. Kocaleva, Mirjana and Stojanova, Aleksandra and Stojkovic, Natasa and **Koceva Lazarova, Limonka** and Zlatanovska, Biljana (2021) COVID-19 model of learning – advantages and disadvantages. In: 4th TSD Conference, 18 Dec 2020, Skopje, Macedonia.
7. **Koceva Lazarova, Limonka** and Miteva, Marija and Zenku, Teuta (2020) Teaching and Learning Mathematics during COVID period. In: XI International Conference of Information Technology and Development of Education ITRO 2020, 30 Oct 2020, Republic of Serbia.
8. **Koceva Lazarova, Limonka** (2019) Some compositions of distributions in neutrix calculus. In: Congress of Young Mathematicians in Novi Sad, Serbia, 3-5 Oct 2019, Novi Sad, Serbia.
9. Miteva, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka** and Ljubenovska, Marija (2019) Conceptual Errors - Serious Barrier in Math Education. In: X International conference of information technology and development of education ITRO 2019, June 2019, Zrenjanin, Republic of Serbia.
10. Miteva, Marija and **Koceva Lazarova, Limonka**, Пропусти во предзнаењата на студентите и учениците забележани при изучување на предметот математика, Четврти семинар „Математика и примени“, 13-14 Декември 2019, Скопје, Македонија.
11. **Koceva Lazarova, Limonka** and Miteva, Marija (2018) Поимот функција во наставата по математика. In: Трет семинар „Математика и примени“, 14-15 Dec 2018, Skopje, Macedonia.
12. Bikov, Dusan and Dvoriashyna, Mariia and Ertugrul, Ümit and Kresoja, Milena and **Koceva Lazarova, Limonka** and Repetto, Rodolfo and Stojancevic, Tijana and Stojanova, Aleksandra and Stojkovic, Natasa and Stojkovska, Irena and Veneva, Milena and Ying, Fabian and Zlatanovska, Biljana (2018) Increasing efficiency of on-line shopping by optimizing the staff schedule. In: 136th ESGI , 14-18 May 2018, Gran Sasso, Italy.
13. **Koceva Lazarova, Limonka** (2018) Compositions involving Dirac-Delta and Heaviside functions. In: Workshop on Fractional calculus 2018, COST Action CA15225, May 10-11, 2018, Skopje.
14. Kalamar Vegi, Alen and Zlatanovska, Biljana and **Koceva Lazarova, Limonka** and Simionica, Mircea and Bokal, Drago and Jerebic, Janja (2017) Meat sales forecasting. In: 133th European Study Group with Industry, 25 Sep-29 Sep 2017, Bled, Slovenia.

**IV. Издавање на наставни содржини и учебни помагала во електронска форма (на CD, DVD и сл.)**

**Учебник/Книга**

15. Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Koceva Lazarova, Limonka** and Karamazova, Elena (2018) Веројатност. UGD, Stip. ISBN 978-608-244-591-5. (http://e-lib.ugd.edu.mk/800)

**Учебни помагала**

Goracinova Ilieva, Lidija and Zlatanovska, Biljana and **Koceva Lazarova, Limonka** (2019) Збирка задачи од математика 1 за технички факултети. ISBN 978-608-244-682-0. (http://e-lib.ugd.edu.mk/874) .

Atanasova-Pacemska, Tatjana and **Koceva Lazarova, Limonka** and Karamazova, Elena and Veta Buralieva, Jasmina (2018) Збирка задачи по Веројатност. ISBN 978-608-244-592-2. (http://e-lib.ugd.edu.mk/792).

Кандидатката д-р Лимонка Коцева-Лазарова од декември 2019 година е шеф на Катедрата за математика и статистика.

**V. Докторска дисертација и магистерски труд:**

**Koceva Lazarova, Limonka** (2016) Нови прилози во неутрикс сметањето. Докторска дисертација, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. (https://eprints.ugd.edu.mk/17649/).

**Koceva Lazarova, Limonka** (2011) Модели на Black-Scholes и нивна примена. Магистерска теза, Факултет за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**VI. Научни и стручни проекти**

16. Jolevska-Tuneska, Biljana and Koceva Lazarova, Limonka and Miteva, Marija (2019) MATH4everyone. [Project] (In Press)
17. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Jolevska-Tuneska, Biljana and Sarac, Vasilija and Koceva Lazarova, Limonka and Miteva, Marija and Karamazova, Elena and Timovski, Riste and Runcev, Kostadin and Srebrenova, Maja (2017) Contributions in mathematical theory, mathematical modelling and their applications. [Project]
18. Jolevska-Tuneska Biljana and Koceva Lazarova, Limonka and Miteva, Marija (2019) mathSTEM. [Project] (In Press)
19. Miteva, Marija and Koceva Lazarova, Limonka and Zlatanovska, Biljana (2020), Mathematics of the Future: Understanding and Application of Mathematics with the help of Technology.
20. Mathematics for industry network (MI-NET) TD1409, MC Substitute.

**VII. Член на програмски комитет на научни списанија, научни конференции**

21. “Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics” – Faculty of Computer Science, University Goce Delcev – Stip.

**VIII. Рецензент на трудови во научни списанија, научни конференции**

22. “Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics” – Faculty of Computer Science, University Goce Delcev – Stip.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во однос на организациско-развојна дејност, кандидатката ги реализира следниве активности:

**Членство во факултетски комисии:**

43. Комисија одговорна за прием на документи и уписи на студенти на прв циклус студии, 2018, 2019 година.

**Учество во приготвување на елаборати за прв и втор циклус**

23. Математика – наставна, прв циклус
24. Математика, едногодишни и двегодишни, втор циклус студии
25. Финансиска и актуарска математика, едногодишни и двегодишни, втор циклус студии.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Лимонка Коцева-Лазарова.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Лимонка Коцева-Лазарова: во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање вонреден професор; има континуирано научно напредување, позитивни научноистражувачки резултати и извонреден придонес во доменот на математичките науки и нивна примена; дел од научните трудови, чиј автор е кандидатката, покрај научно, стручно и теоретско, имаат и апликативно значење; има извонреден придонес во наставно-образовната, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност; ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере кандидатката д-р Лимонка Коцева-Лазарова во звањето вонреден професор за наставно-научните области анализа и функционална анализа и применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Билјана Јолевска-Тунеска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Љупчо Настовски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Владо Гичев, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>- прв автор (реф.1,9)<br>- втор автор (реф.5,7,8,18)<br>- останати автори (реф.10,11) | | | 2<br>4<br>3 | 9<br>6<br>3 | 18<br>24<br>9 |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>- во земјата (реф.2,3,4,6,12)<br>- во странство (реф.13,14,15,16,17,19,20)) | 5 | 2 | 7 | 3 | 10<br>21 |
| **9** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава (реф.23,24,28,29), и во странство (реф.21,22,25,26,27,30,31,32) | 5 | 1,5 | 8 | 2 | 7,5<br>16 |
| **10** | Одбранета докторска теза (реф.36) | 1 | 8 | | | 8 |
| **12** | Одбранета магистерска работа (реф.37) | 1 | 4 | | | |
| **14** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) во земјата (реф.39), во странство (реф.42) | 1 | 2 | 1 | 3 | 2<br>3 |
| **16** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) (реф.43) | 1 | 1 | | | 1 |
| **24** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) (реф.44) | 4 | 1 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **123.5** |
| | | | | | | |

| Р. бр. | Стручно апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | Книга/учебник (реф.33) | 1 | 10 | | | **10** |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (реф.38, 40, 41) | | | 3 | 8 | **24** |
| 17 | Елаборати и експертизи (реф.45,46,47) | 5 | 2 | | | **10** |
| 26 | Раководител на катедра/оддел/центар | 1 | 3 | | | **3** |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | | **4** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **51** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **204,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука бр. 2002-267/4 донесена на 265. седница одржана на 15.9.2021 година, определи Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област **социјална медицина (30818)** – еден извршител, на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- д-р Дончо Донев, редовен професор во пензија за научно-наставна област социјална медицина - претседател;
- д-р Милка Здравковска, редовен професор за наставно-научната област епидемиологија и здравствена статистика и информатика, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член;
- д-р Ѓорѓи Шуманов, редовен професор во пензија за наставно-научната област епидемиологија и здравствена статистика и информатика - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 2.9.2021 година, а во предвидениот рок се пријави кандидатот:

1. Насл. доцент д-р Валентина Симоновска, специјалист по социјална медицина со организација на здравствената дејност.

Врз основа на анализа на приложената документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД-Штип го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци за кандидатката д-р Валентина Симоновска**

Насловен доцент д-р Валентина Симоновска е родена во Скопје на 20.2.1971 г. Средно образование завршува во Средно медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје во 1989 г. со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје дипломира во 1995 г., со просечна оцена 9,24. Магистрира на Медицинскиот факултет во Скопје во 2005 г., на тема „Зачестеност на метаболен синдром во популација изложена на ризик за појава на коронарна артериска болест“, и се стекнува со звањето магистер на медицински науки. Докторска дисертација на тема „Модел за проценка на чинење на исхемичните болести на срцето во болничката здравствена заштита“ ја брани во 2015 г. на Медицинскиот факултет во Скопје и се стекнува со звање доктор на медицински науки од областа на јавното здравје.

Од 1996 до 2000 г. д-р Валентина Симоновска работи како лекар по општа медицина во ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје и започнува специјализација по социјална медицина и организација на здравствената дејност. Во 2000 г. положува специјалистички испит и се стекнува звање специјалист по социјална медицина и организација на здравствената дејност, а во 2004 г. е на дополнително усовршување по менаџмент во јавното здравје во USA, Georgia, CDC Atlanta-Sustainable Menagement Development Program in Public Health**.** Во 2002 и 2006 година е избрана за помлад асистент, а во 2008 и 2011 година за асистент на Катедрата по социјална медицина при Медицинскиот факултет - Скопје. Од 2005 до 2007 г. извршува функција шеф на Отсекот за здравствено воспитание во ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје. Од 2007 до 2008 г. е началник на Одделението за социјална медицина, а во 2008 г. и заменик-директор на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје. Во 2018 г. е назначена за шеф на Отсекот за статистички истражувања во болничката здравствена заштита, а во 2021 г. е именувана и за раководител на Одделението за социјална медицина. Работи на

изготвување на многубројни информации, анализи и извештаи за здравствената состојба и здравствената заштита на населението на подрачјето на Скопје. Во Светската здравствена организација (СЗО) е избрана како национален соработник на СЗО за сиромаштија и здравје (надворешен соработник) од 2008 до 2009 г. Во Министерството за здравство извршува функција на национален консултант со „КАРЛ Консалтинг“ - Австралија (надворешен соработник), национален соработник за имплементација на дијагностички сродни групи на болести (DRG-Diagnosis Related Groups) во Р. Македонија од 2008 до 2009 г. Во истиот период е член и на Работна група на Владата на РМ за имплементација на Cash Transfer System во областа на здравството. Во 2008 г. го положува испитот за директор на јавна здравствена установа. Во 2009 г. учествува во изготвувањето на Законот за јавно здравје во РМ, како и во Холандија и во Белгија. Во 2013 г. посетува Интернационална тренинг програма за докторанди по јавно здравје во Браун Школа за јавно здравје, Ерусалим, Израел. Во 2020 г. е избрана за раководител на Одделението за социјална медицина во центар за јавно здравје - Скопје.

Насловен доцент д-р Валентина Симоновска е координатор и учесник во повеќе национални и меѓународни работни групи и проекти:

- Проект на Министерството за здравство (МЗ) за изработка на Регистар за Рак на РС Македонија,
- Проект на Министерство за здравство за акредитација на болниците;
- Проект на МЗ за Ревизија на Националната здравствена политика и развој на стратегија;
- Проект на CDC –USA, Медицински факултет-Ск. и МЗ (Healthy Communities)
- Национален координатор на РМ за сиромаштија и здравје на СЗО;
- Национален координатор за РМ на МЗ и Карл консалтинг - Австралија за имплементација на Дијагностички сродни групи на болести (DRG) во болниците во РМ;
- Национален координатор за парични трансфери на Светската банка и Влада на РМ;
- Проект РАНД -Америка за финансирање во здравствениот систем;
- Проект за ментално здравје на Советот на Град Скопје;
- Проект на Медицински факултет и Хенри Форд центар за откажување од пушење;
- Проект на МЗ за изготвување на Закон за јавно здравје на РМ;
- Проект на МЗ за изработка на Стратегија за Ромите во РС Македонија,
- Проект на СЕМОС Македонија за информатички системи во здравство;
- Проект за здраво стареење на МЗ;
- Проект за здравјето на Ромите во РМ;
- Проект на МЗ за информатички систем и водење регистри за хронични незаразни болести;
- Проект на МЗ за здрави училишта;
- FARE Проект на МЗ за зависности и алкохолизам во РМ;
- ЕСПАД Проект за пушење, зависности и употреба на седативи кај адолесценти во РМ;
- Член на Работна група на МЗ за изработка на Закон за јавно здравје;
- Член на Комисија при Владата на РС Македонија за справување со учесници во странски војни и нивните семејства и нивна ресоцијализација;
- Член на Комисијата за изработка на Пријава за насилство на РС Македонија;
- Член на Работна група на СЗО во Р.С. Македонија за “Health inequity and COVID-19 in North Macedonia: Investing in health and well-being for a fairer and more equitable future for all”;
- Член на Комисија за внатрешна контрола во ЦЈЗ - Скопје на системот за стандардизација ISO 9001-2015 и акредитација со ISO 17025;
- Кодер и контролор на второ ниво на верификација во „Мој термин“ и МЗ, на Пријава за дијабет и хронична бубрежна инсуфициенција;
- Експерт по јавно здравје и учесник во изработка на анкети за проценка на ризик на пациенти позитивни на COVID -19, изработка на упати за тестирање со PCR метода и ослободување на оздравените во РС Македонија;

- Учесник во имунизација на населението од сезонски грип;
- Претседател на Комисија при ЦЈЗ – Скопје за испитување на лица едуцирани во обука за хигиенски минимум.

Кандидатката е потпретседател на Здружението на специјалисти по социјална медицина и организација на здравствена дејност и член на Лекарската комора на РС Македонија каде што е и акредитиран испитувач за полагање на државен испит. Член е на Македонското лекарско друштво и добитник на Плакета за достигнување во областа на социјалана медицина и организација на здравствената заштита.

Активно се служи со англискиот јазик.

Кандидатката е вработена како лекар специјалист во ЈЗУ Центар за јавно здравје во Скопје, на работно место раководител на Одделението за социјална медицина во ЦЈЗ-Скопје.

Во март 2017 г. д-р Валентина Симоновска се пријавила на Конкурсот за избор во наставно звање насловен доцент за наставно-научна област медицинска етика и деонтологија и организација на здравствената служба на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Со приложената документација потврдила дека ги исполнува законските услови за избор во звање доцент, и тоа: диплома за завршен Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1995 г., со просечна оценка 9,24, и диплома за одбранета докторската дисертација во 2015 г. на Медицинскиот факултет во Скопје и стекнато звање доктор на медицински науки од областа на јавното здравје, како и објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Насловен доцент д-р Валентина Симоновска е доктор на медицински науки од областа на јавното здравје - одбранета докторската дисертација во 2015 г. на Медицинскиот факултет во Скопје;
2. Има сертификат за владеење со англиски јазик;
3. Има препорака од работодавец и двајца професори;
4. Има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии од 9,24, завршена специјализација по Социјална медицина и организација на здравствената дејност, завршен втор циклус (магистерски) студии;
5. Има доставено сепарати од сите нејзини научноистражувачки трудови во соодветната област (законски предуслов за избор во доцент се најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации).

Во овој извештај се евалуирани трудовите на насловен доцент д-р Валентина Симоновска публикувани во последните 5 години.

Научните трудови со кои насловен доцент д-р Валентина Симоновска ги исполнува законските критериуми за избор на звање доцент:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Efremov, Ljupcho, Petrusevska, Aneta, Dimitrievska, Vera, **Simonovska, Valentina**. | Factors Underlying Perceptions of Quality of Life Among Acne Patients in R. N. Macedonia. | Journal of Health and Medical Sciences, Vol.4, No.1, 23-28. March 2021 | Impact factor 1,12 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Simonovska, V.,** Zdravkovska, M. | CONDITIONS OF CHRONICLE OBSTRUCTIVE PULMONARY DISEASE IN SKOPJE REGION POPULATION FROM 2014-2018. | *Knowledge International Journal*, *46*(4), 649 - 654. July, 2021 | 2008 |
| 3 | **Simonovska, V.,** Spirova, V. | THE HEALTH CONDITION AND THE HEALTH PROTECTION OF THE POPULATION FROM THE SKOPJE REGION FOR 2018. | *Knowledge International Journal*, *46*(4), 603 - 608. July 2021. | 2008 |
| 4 | Petrovski, M., **Simonovska, V.,** Terzieva-Petrovska, O. | NEED OF ASSISTENCE FOR MAINTAINNING OF ORAL HYGIENE AMONG INSTITUTIONALIZED ELDERLY. | . *Knowledge International Journal*, *46*(4), 561 - 566. July 2021 | 2008 |

**2. Публицирани трудови**

Насловен доцент д-р Валентина Симоновска е автор/коавтор на поглавја во пет учебника од областа на јавно здравје, како и автор и коавтор на голем број стручни и научни трудови кои се печатени во домашни и меѓународни списанија и зборници од конгреси во земјава и во странство.

**2.1. Рецензирани трудови при изборот во наставно звање насловен доцент, Универзитетски билтен бр. 212 од 1.6.2018 г.:**

1. Симоновска В, Спасовски М, Ќосевска Е. Влијание на споредните дијагнози врз трошокот кој го создаваат пет групи најскапи пациенти со исхемични болести на срцето. Physioacta, 2014; 8(2): 93-101.
2. Симоновска В, Спасовски М, Ќосевска Е. The average treatment and its cost, age and gender of patients with ischemic heart diseases. Journal of US-China Public Administration, 2014; 11(6): 471-7.
3. Петковски К, Симоновска В, Спасовски М, Rutebemberwa E. Management in Healthcare. Makerere University, Kampala, Uganda, 2014: 214.
4. Симоновска В. The frequency of metabolic syndrome. LAP Lambert Academic Publishing, Germany, 2015: 133.
5. Donev D, Lazarevik V, Simonovska V. Health Promotion in Prevention of Non-communicable Diseases. In: Donev D, Pavlekovic G, Zaletel Kragelj L, editors. Health Promotion and Disease Prevention. Stability Pact Forum for Public Health Cooperation in South Eastern Europe. Lage: Hans Jacobs Publishing Company, 2007:518-27.
6. Петковски К, Симоновска В. Менаџмент во здравството (Учебник, коавтор). Херакли комерц, Битола, 2008: 256.
7. Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, Симоновска В и др. Социјална медицина (Учебник, коавтор). Медицински факултет-Скопје, 2013: 464.
8. Каранфилова М, Симоновска В, Спирова В. Анализа за состојбата со малигните заболувања на територијата на Центарот за Јавно здравје – Скопје. ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје, 2013 (публикација, коавтор).
9. Србова А, Симоновска В. Анализа на утврдениот морбидитет во амбулантно - поликлничката дејност на подрачјето на Скопскиот регион за периодот од 2011 - 2013 г. ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје, 2013 (публикација, коавтор).
10. Каранфилова М, Симоновска В, Осман М. Информација за здравјето на жените и децата во Скопскиот регион во 2014 г. ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје, 2015 (публикација, коавтор).

11. Симоновска В. Исхемичните болести на срцето - приоритетен јавно здравствен проблем во Р. Македонија. Денови на превентивна медицина, 2016 - Охрид (стручно-научен труд, автор).
12. Симоновска В, Муса Ш, Спирова В, Каранфилова М, Малинска П, Србова А, Крстев Б, Осман М. Малигните заболувања - значаен социо-медицински проблем. Денови на превентивна медицина 2017 - Охрид (стручно-научен труд, автор).
13. Симоновска В. Извештај за здравјето на населението од Скопскиот регион за 2016 година. ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје; 2017 (публикација, автор).
14. Симоновска В. Извештај за вработен кадар во здравствените установи за 2016 г. ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје, 2017 (публикација, автор).
15. Каранфилова М, Спирова В, Србова А, Симоновска В. Информација за повредите кај населението во Скопскиот регион во периодот од 2012 - 2016 г. ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје, 2017 (публикација, коавтор).

1.2 **<u>.Трудови за рецензија за избор во звање доцент</u>**

16. **Ќосевска Е, Кишман-Христовска М, Симоновска В. Здравствена состојба и здравствена заштита на деца до 6 години. Во: Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, уредници. Социјална медицина – учебник. Медицински факултет при УКИМ, Скопје, 2013: 116-24.**

Заштитата на децата ги опфаќа сите социјални и здравствени мерки кои една заедница со уставна и правна основа сака да им ги обезбеди на своите граѓани за подобри услови за живот и работа. Во оваа смисла, под здравствена заштита на дете се подразбира заштита во текот на мајчинството и заштита во текот на периодот на раст и развој на децата. Првите денови по раѓањето се најкритични заради потребата од приспособување на детето на новите услови, кои се многу поразлични од условите во утробата на мајката, при што посебно е тешко за децата кои се раѓаат предвреме како недоносени, кои се слабо развиени или, пак, доживеале оштетувања за време на интраутериниот развој или породувањето на мајката. За време на првата година од својот живот, детето интензивно расте и се развива. Телесната тежина до крајот на доенечкиот период се утростручува, а во висина, детето расте за околу 27 см. Во овој период се развиваат и моториката и психата на детето, така што тоа проодува пред крајот на првата година, ги изговара своите први зборови, покажува чувства и разбирање за предметите и луѓето што го опкружуваат. Во првите 4-5 месеци детето е заштитено од имунитетот на мајката, но со текот на времето, бројот на антитела кои детето ги добило од мајчината крв во текот на бременоста, се намалува и детето станува чувствително на сите заразни болести. Здравствената заштита на децата е организирана на сите три нивоа на здравствена заштита - примарна, секундарна и терцијарна. Примарната здравствена заштита се остварува во рамките на ординациите на избран лекар. На ниво на секундарната здравствена заштита, здравствените услуги се даваат во детските одделенија во рамките на општите и клиничките болници, како и во специјалистичките ординации. Универзитетската клиника за детски болести, институтите и специјалните болници даваат терцијарна здравствена заштита.

17. **Ќосевска Е, Симоновска В, Кишман-Христовска М. Здравствена состојба и здравствена заштита на училишни деца и младина. Во: Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, уредници. Социјална медицина – учебник. Медицински факултет при УКИМ, Скопје, 2013: 125-35.**

Во структурата на населението, популациската група на училишни деца и младина има посебно место и значење. Демографските движења во поголемиот дел од земјите во светот одат во правец на намалување на застапеноста на младите до 24-годишна возраст во вкупното население. Денес во светот живеат повеќе од 1,1 милијарда адолесценти, т.е. еден од секој петти човек на планетата е на возраст помеѓу 10 и 19 години. Околу 1,5 милијарди од денешната популација се млади луѓе од 10 до 24 години; 85% од нив живеат во земјите во развој. Важно е да се нагласи дека адолесцентите не се хомогена група. Нивните потреби варираат во зависност од полот, степенот на развој, животните околности и социо-економските услови во нивната средина. Образованието е од големо значење за развојот на

адолесцентите. Училиштата овозможуваат околина за добивање на знаење и за вештини како писменост, математички операции со бројки и мисловни вештини. Националната политика и достапните ресурси одредуваат дали образованието на адолесцентите е задолжително и достапно. Многу адолесценти не го завршуваат своето средно образование. Одреден број бара работа во неформалниот сектор. Во целиот свет околу 73 милиони адолесценти на возраст од 10 до 14 години работат во услови кои го загрозуваат нивното здравје. Рамковните програми ги искажуваат двојните цели - промоција на здрав развој на адолесцентите, од една страна, и превенција и одговарање на здравствените проблеми, доколку ги има од друга страна. Интервенциите кои треба да се обезбедат за достигнување на овие цели се: создавање на сигурна средина и средина која ќе обезбедува поддршка, обезбедување на информации, градење животни вештини и обезбедување здравствени и консултативни услуги. Исто така, се одредени и местата (советувалишта за млади, служби и услуги по мерка на младите, училишта со училишна здравствена програма) каде што овие услуги треба да се обезбедуваат, како и субјектите кои би ги обезбедуваат. Во поглед на адолесцентите, препорачани се специфични концепти за пристап во програмите. Младите луѓе во земјата треба да бидат поздрави и подобро оспособени да ја исполнуваат својата улога во општеството.

18. **Ќосевска Е, Кишман-Христовска М, Симоновска В. Здравствена состојба и здравствена заштита на жените. Во: Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, уредници. Социјална медицина – учебник. Медицински факултет при УКИМ, Скопје, 2013: 136-47.**

Здравјето на жените и девојчињата е од особено значење, бидејќи во многу општества тие се обесправени од дискриминација вкоренета во социо-културните фактори. Некои од социо-културните фактори што ги спречуваат жените и девојките да имаат полза од квалитетни здравствени услуги и постигнување на најдобро можно ниво на здравје вклучуваат: нееднаков однос на моќ меѓу мажите и жените; општествените норми кои го намалуваат образованието и можностите за вработување на работни места кои соодветно се плаќаат; фокусирање исклучиво само на репродуктивната улога на жените; потенцијално или вистинско искуство на физичко, сексуално и емоционално насилство. Здравствените потреби на жените, пред сè, зависат од нивната возраст, при што потребите се разликуваат меѓу земјите со висок и среден приход и земјите со низок приход. Во земјите со висок и среден приход, бремените жени се соочуваат со проблеми во перинаталниот период, како што се ненадејна смрт на фетусот или новороденчето, конгенитални малформации, генетски нарушувања, ментални заболувања, сообраќајни несреќи, зголемена телесна тежина, како и проблеми поврзани со адолесценцијата, имено, злоупотреба на лекови и опојни дроги, пушење, алкохолизам, ризично сексуално однесување. Во земјите во развој, пак, покрај недостатокот на здравствен кадар, недоволните стручни знаења, надополнети со недоволни финансиски средства и инфраструктура, доведуваат до појава на следниве проблеми: висока стапка на матернална смртност, недоволна и несоодветна исхрана, паразитарни и инфективни болести, но и постојан подем на хроничните незаразни болести, голем број на зачестени бремености и породувања кои го исцрпуваат организмот на мајката. Здравствените потреби на жените во репродуктивниот период се поврзани со нејзината генеративна природа, како што се планирање на семејството, подготовка пред и заштита во тек на бременоста со антенатална заштита, стручна помош при породувањето и постпарталната нега.

19. **Ќосевска Е, Симоновска В, Кишман-Христовска М. Социјалномедицински аспекти на кардиоваскуларните болести. Во: Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, уредници. Социјална медицина – учебник. Медицински факултет при УКИМ, Скопје, 2013: 206-13.**

Кардиоваскуларните болести (КВБ), посебно исхемичните болести на срцето и мозочните апоплексии се водечка причина за смрт, како во развиените земји, така и во земјите во развој. Продолженото очекувано и просечно траење на животот, забрзаното темпо на живот и работа, урбанизацијата, брзиот техничко-технолошки развој,

несоодветниот начин на исхрана, зголемениот напор на што се изложени поединци во современиот свет, предизвикуваат интензивна појава на КВБ. Според СЗО, 16,7 милиони луѓе секоја година умираат од КВБ во светот. Од сите нив, 8,6 милиони се жени. Срцевиот и мозочниот удар како причина на смрт кај жените за двапати е зголемен над канцерот. Според одредени истражувања, коронарната артериска болест кај мажите е најчеста во Финска, а најретка во Велика Британија. Околу 275 илјади срцеви удари се случуваат годишно, при што КВБ се дел од водечките причини за смрт во светот. Тие го заземаат првото место како причина за смрт и во нашата земја. Појавата на сè поголем број болни од кардиоваскуларни болести донесува зголемена стапка на инвалидитет и смртност, како и големи материјални трошоци за лекување и апсентизам, и според тоа постои потреба овие заболувања да се разгледуваат со посебно внимание. Почнувајќи од раните педесетти години на минатиот век, со исклучок на Јапонија и Франција, индустриски развиените земји се соочиле со експлозивен раст на овие заболувања. Изненадени од таквата состојба, здравствените служби реагирале со мерки кои најмногу биле насочени кон лекување и рехабилитација. Тоа, пак, довело до трошење на голем број средства за овие состојби, но не постоела никаква промена во движењето на овие заболувања. Откривањето на ризик-факторите кои се поврзани со зголемената појава на овие болести, како и можностите да се влијае на тие фактори, довеле до можноста за превенција на овие заболувања. Анализата на стапката на смртност по возрасни групи покажала дека ревматските болести на срцето се одговорни за најголемиот процент на умрени до 45 години старост, додека коронарните срцеви болести се водечка причина за смрт за оние на возраст над 45 години.

20. **Ќосевска Е, Симоновска В, Кишман-Христовска М. Социјалномедицински аспекти на малигните неоплазми. Во: Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, уредници. Социјална медицина – учебник. Медицински факултет при УКИМ, Скопје, 2013: 214-21.**

Стапката на инциденца на малигните заболувања воопшто е висока и има тренд на натамошен пораст. Во Република Македонија, вкупниот број на новозаболени од малигни неоплазми покажува позитивна развојна тенденција. Исто така, може да се заклучи дека кај мажите трендот на зголемување е поблаго изразен во однос на тој кај жените. Мажите доминираат со 54,1% во структурата на вкупниот број на регистрираните нови случаи на малигни неоплазми во однос на жените кои учествуваат со 45,9%. Од дистрибуцијата на вкупниот број новорегистрирани случаи на малигни неоплазми во Република Македонија по возраст може да се заклучи дека малигните неоплазми со најголема фреквенција се јавуваат кај возрасните групации над 40 години. Притоа, максимален број се регистрира во возрасната група од 65 до 69-годишна возраст. Во однос на десетте најчести примарни локализации на малигните неоплазми кај мажите, може да се заклучи дека првото место им припаѓа на малигните неоплазми на бронхии и бели дробови, чиешто процентуално учество во структурата на десетте најчести примарни локализации изнесува 22,6%. Потоа следат малигните неоплазми на желудник, кожа, ларинкс, мочен меур, црн дроб и жолчни патишта, итн. Кај жените на доминантното прво место во дистрибуцијата на десет најчести примарни локализации на малигни неоплазми се наоѓа карциномот на дојката со 22,2%. Потоа следуваат малигни неоплазми на цервикс на утерус, други на кожа, желудник итн. Примарната превенција подразбира насочени активности кон превенција на настанувањето на овие болести. Со намалувањето или отстранувањето на влијанието на позитивните канцерогени материи врз индивидуални лица или целокупното население се постигнува намалување на стапката на морталитет од овие заболувања. Значајно е тоа дека со овие мерки на примарна превенција за малигните болести се намалува стапката за морбидитет и морталитет и на други заболувања. Ефективните превентивни програми мора да содржат активности за намалување и контрола на факторите на ризик за развој на малигните болести. Најефективни превентивни мерки за овој фактор на ризик се преземаат преку процесот на здравствено воспитување. Превенцијата на пушењето со овие мерки главно влијае на индивидуалните одлуки (престанување со пушење или намалување на бројот на испушени цигари и др.) и јавноздравствените мерки кои подразбираат заштита на специфичната средина.

21. **Тозија Ф, Симоновска В. Информатика, статистика и евиденции во здравството. Во: Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, уредници. Социјална медицина – учебник. Медицински факултет при УКИМ, Скопје, 2013: 400-15.**

Здравствениот информатички систем е дисциплина која се занимава со теорија и практика на информатичките процеси во здравствената заштита, односно со обработка на податоци и информации од здравствениот систем. Според СЗО, здравствениот информатички систем е дел од општиот информатички систем и подразбира систем на собирање, обработка, анализа и достапност на информации кои се потребни за организација и спроведување на здравствената заштита, но и за истражување и организација во здравството. Здравствениот информатички систем се дефинира и како организација на луѓе, машини и методи кои заемно дејствуваат, сè со цел да обезбедат податоци и информации за здравствената состојба на населението во процесот на планирање и управување во здравството. Националната информатичка инфраструктура се однесува на сите аспекти од здравствените информациски системи, заедно клиничка медицина и јавно здравје и претставува збир од технологии, стандарди, апликации, системи, вредности и закони кои ги поддржуваат сите страни на индивидуалното здравје, здравствената нега и здравјето на населението. Дијагноза е израз кој се користи во медицината за препознавање на одредена болест. Класификација на болести е систем од категории со кои се означуваат болните состојби според веќе утврдени критериуми. Статистичко истражување е подготовка, прибирање, обработка, архивирање и чување на податоците и анализа и објавување на статистичките податоци. Евиденциите служат како извор на податоци за статистички истражувања во областа на здравството и се користат за следење и проучување на здравствената состојба на населението, планирање, односно преземање на потребни мерки во областа на здравствената заштита, потребите на научните истражувања, потребите на локалната самоуправа, известување на јавноста, извршување на меѓународните обврски во областа на здравството и други потреби на Министерството за здравство и државата.

22. **Ќосевска Е, Симоновска В, Кишман-Христовска М. Однесување и воспитание за здравје - дефиниции, цели, принципи и фази во развојот на здравственовоспитниот процес. Во: Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, уредници. Социјална медицина – учебник. Медицински факултет при УКИМ, Скопје, 2013: 419-28.**

Однесувањето на луѓето кон сопственото здравје отсекогаш се сметало за значаен фактор кој го определувал нивниот стил на живот. Животот е исполнет со многу предизвици како што се незнаењето, болести, повреди, економска состојба, професија итн. Со оглед на тоа, учењето, образованието, воспитанието во текот на животот се секогаш актуелни и корисни активности, особено ако се насочени кон унапредување на здравјето на луѓето и проценка на здравјето како највисока вредност во животот. Во литературата постојат повеќе различни дефиниции и концепти на однесување кон здравјето, меѓу кои спаѓа и Енгловиот психосоцијален модел кој гласи: Однесувањето претставува интеракција меѓу биолошки, психолошки и социокултурелни варијабли на човекот, а тоа подразбира волни и неволни активности, условени рефлекси, навики, обичаи, научени одговори, адаптација на промени и слично. На формирањето или промената на однесувањето влијаат повеќе фактори. Според Тејлор, тие се делат на повеќе групи на фактори, и тоа: социјални, емоционални, когнитивни, забележани симптоми и достапност на здравствената служба. Но, исто така, постојат и некои специфични фактори кои имаат значајно влијание врз однесувањето на луѓето, а тоа се: знаењата, застрашувањето, верувањата-убедувањата, вредностите, ставовите и поставениот акцент на контролата, односно дали одговорноста кон здравјето се презема лично или пак се бара поддршка од околината. Целите на здравственото воспитание се различни, што зависи од човековите потреби, нивото на развиена свест за чување на здравјето, возраста, личното однесување кон здравјето итн. Според Ракиќ Д. (Белград, 2001), принципите во здравственото воспитание се основни правила или начела, односно насоки, кои ги применуваме во здравствено воспитната работа, за да ги оствариме што поефикасно поставените цели.

**23. Ќосевска Е, Кишман-Христовска М, Симоновска В. Содржини и подрачја на активност на здравственото воспитание. Во: Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, уредници. Социјална медицина – учебник. Медицински факултет при УКИМ, Скопје, 2013: 429-33.**

Воспитувањето за здравје е сложен континуиран долг процес на оспособување на поединците или заедниците да ги контролираат социјалните и економски фактори кои влијаат врз здравјето и на тој начин да го унапредуваат. Европската Унија уште во 1991 година објавила дека здравственото воспитание е незаменливо средство со кое секое општество обезбедува услови луѓето да развијат знаења и вештини за да достигнат здрави животни стилови и здрави заедници. Знаењето се стекнува во текот на образовниот процес преку правилен избор на содржините кои треба да бидат усвоени и правилна примена на облиците на здравствено-воспитниот процес. Основни облици на здравствено воспитание се личниот пример, советување, образование, воспитание, работа со заедницата, здравствени акции и здравствена пропаганда. Процесот на воспитување за здравје се развивал од исклучиво медицински модел за здравје до современа наука со мултидисциплинарен карактер, каде освен медицинските, особено јавно-здравствените науки, свое значајно место и улога имаат и социолошките (социологија, социјална антропологија), бихевиоралните (педагогија, психологија, андрагогија) и комуникациските науки (информатика, маркетинг). Социолошките науки даваат одговор на прашањата каде и за кого, бихевиоралните науки даваат одговор на прашањето зошто, комуникациските науки, на прашањето како, додека медицинските науки даваат одговор на прашањето што. Имено, медицинските науки се користат за да се определат содржините на здравствено-воспитната работа на кои треба да им се посвети посебно внимание. Содржините на здравствено-воспитната работа треба да се приспособени на потребите на луѓето и заедниците. Секоја индивидуа или средина има свои специфични проблеми со кои се соочува, од каде и произлегува дека едукацијата со соодветни содржини треба да одговори на интересите на луѓето и да ги мотивира за промена или примена на нови знаења, ставови и однесување.

**24. Ќосевска Е, Симоновска В, Кишман-Христовска М. Здравственовоспитни методи. Во: Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, уредници. Социјална медицина – учебник. Медицински факултет при УКИМ, Скопје, 2013: 434-8.**

Под поимот здравствено-воспитни методи се подразбираат техники и постапки на работа со индивидуални лица (поединци) или групи, кои овозможуваат успешно менување на знаењата, ставовите и навиките поврзани со здравјето. Во текот на здравствено-воспитниот процес се применуваат различни видови на здравствено-воспитни методи. Различни автори на различни начини ги делеле методите на работа со луѓето. Една од најстарите поделби на овие методи е поделбата на: дидактички и Сократови методи на работа. Дидактичките методи на работа подразбираат класичен „екс-катедра“ пристап и структурно изнесување на материјалот, додека Сократовите методи означуваат модерни методи кои подразбираат прашања и одговори, односно водење на дискусија. Здравствено-воспитните методи и нивната содржина треба да бидат приспособени на слушателите, на нивното културно ниво и нивото на образование, како и на проблемите кои со нив се обработуваат. Здравствениот воспитувач во текот на сложениот процес на пренесување на знаење може да ги комбинира здравствено-воспитните методи во соработка со слушателите. Друга поделба на здравствено-воспитните методи е поделбата на: индивидуални, групни и масовни здравствено воспитни методи. Додека првата поделба на здравствено-воспитните методи се однесува на начинот на работа, втората поделба зборува главно за бројот на лицата со кои се работи. Масовните методи се однесуваат на користење на масовните медиуми или методот на предавање, групните методи се работа со група и индивидуалниот метод е методот на интервју или друг метод на работа со поединец.

**25. Ќосевска Е, Симоновска В, Кишман-Христовска М. Здравственовоспитни средства. Во: Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, уредници. Социјална медицина – учебник. Медицински факултет при УКИМ, Скопје, 2013: 439-57.**

Бидејќи кај човекот не постои вроден мотив, вродена заинтересираност за здравје, за да успешно се изврши овој процес потребно е да се мобилизираат, мотивираат и заинтересираат лицата за промена на ставовите и однесувањето во врска со здравјето и на тој начин да се промени знаењето. Тоа е многу важно кога се во прашање нагледните средства и нивната содржина. Што да се напише, со што да се претстави одреден здравствен проблем, што ќе го придвижи луѓето кон активност во оваа смисла? Поради сето ова при изработка на здравствено-воспитните средства (постер, фланелограф, филм и печатени средства) мора да се внимава на тоа да се применат личните и групните пријатни искуства како пропаганда за здравствените навики. Во врска со изработка на здравствено-воспитното средство треба да се разликува: впечатокот кој се добива на прв поглед - боја и форма, а секако и формирање на впечатокот преку содржината на здравствено-воспитното средство. Во здравствено воспитниот процес значајно е одржувањето на вниманието на потребно ниво во текот на целиот процес на учење па токму заради тоа користењето на здравствено-воспитните средства е многу корисно. Постојат повеќе видови на поделба на здравствено-воспитните средства. Денес најмногу се користи поделбата на здравствено-воспитните средства спрема нивната ефикасност во работата.

**Симоновска В, Јанокоска А. Анализа за искористеноста на болничките капацитети во здравствените установи на територијата на ЦЈЗ-Скопје во 2019 г. ЦЈЗ-Скопје, септ. 2020: 56. Достапно на: http://cph.mk/mk/pub**

Анализата, изготвена со годишна динамика, ја прикажува мрежата на болници според видот, нивната организациска структура и нивниот сместувачки капацитет. Болниците во Скопскиот регион се прикажани вкупно за јавниот и приватниот сектор. Во Анализата, преку избрани индикатори е отсликана секоја болничка здравствена установа посебно. Анализата потврдува дека на територијата на Скопскиот регион постои широка мрежа на болнички здравствени установи од видот на универзитетски клиники, клинички болници, специјализирани болници, институти и општи болници. Во 2019 г., 170.662 лица биле лекувани во болничките одделенија на болниците во Скопје, вклучително и престој во болница поради породување и хоспитализација за рехабилитација и палијативна нега. Од нив, 23.401 пациент бил третиран во приватните болници и 147.261 во јавните здравствени установи. Вкупниот број на хоспитализации на 1000 жители е 82,2. Пресметани се следните индикатори за искористеност на капацитетите: број на зафатени постели во текот на годината, искористеност на капацитетот во денови, стапка на искористеност на капацитетот, стапка на празни постели, интервал на обрт, просечно траење на лекувањето, стапка на хоспитализација и зафатени постели на 1000 жители.

**Јанкоска А, Симоновска В, Неџипи С. Информација за состојбата со психози за населението од Скопскиот регион за 2019 г. ЦЈЗ-Скопје, дек. 2020: 15. Достапно на: http://cph.mk/mk/pub**

Анализата дава приказ за учеството на регистрираните психотични заболувања во Скопскиот регион во 2019 г. Во Скопскиот регион во 2019 г. се регистрирани вкупно 799 психотични заболувања. Бројот на пријавени психози кај мажите (56,8%) е поголем во однос на женскиот пол (43,2%). Во однос на брачната состојба, бројот е најголем кај неженетите мажи (253) или со процентуален удел од 31,7% во вкупниот морбидитет. Според националната структура, најголем број психотични заболувања се регистрирани кај македонската популација со учество од 83,4% во вкупниот број пријавени болни за 2019 г. во Скопскиот регион. Најголем број регистрирани пријави во Скопскиот регион за 2019 г. има во Општина Кисела Вода (136), Општина Аеродром (133) и Општина Карпош (125). Од групата на шизофренија, шизотипни и налудничави растројства (F20-F29), најголем удел има шизофренијата (F20) со учество од 67% и предоминација кај машкиот пол, акутните и транзиторни психотични растројства учествуваат со 13,7%, шизоафективните растројства се застапени со 7,2%. Најголем број пациенти со шизофренија се регистрирани во старосната група од 50- 54 години (51). Во РСМ во текот на 2019 г. 78 лица со утврдена дијагноза од F00-F99 во вкупно утврден морталитет учествуваат со 0,4%. Дадени се препораки за мерки и активности за подобрување на свесноста и јавното мислење за да се

намали стигматизацијата на пациентите и да се поттикнат здравствените кадри за редовно пријавување на случаите и следење на состојбите преку Регистар за психози.

**28. Симоновска В, Јанкоска А. Информација за состојбата со дијабет за населението од Скопскиот регион во текот на 2019 г. ЦЈЗ-Скопје, јуни 2020: 18. Достапно на: http://cph.mk/mk/pub**

Редовното пријавување на дијабетот и правилното кодирање на дијагнозата е од значење за: проценка на товарот на дијабетот врз општеството на национално ниво; професионален пристап при планирање на здравствената заштита на населението (опрема, персонал и простор потребен за дијагностицирање, лекување и рехабилитација на пациенти); развој на превентивни стратегии и програми за превенција со цел да се спречи / одложи развојот на дијабетот и неговите компликации, со модифицирање на начинот на живот и напуштање на штетните навики (информации, здравствено образование, скрининг); проценка на спроведените програми за превенција; формулирање на здравствена политика и подобрување на организацијата на дијабетична здравствена заштита и почетна точка за епидемиолошки и клинички истражувања. Во Скопскиот регион се регистрирани вкупно 9.537 дијабетичари во 2019 г. Најчест коморбидитет на регистрираните болни со дијабет тип 2 во Скопскиот регион за 2019 г. е групата на нарушувања на липопротеинскиот метаболизам и други липидемии (Е78) - 52,12%. Следуваат есенцијална хипертензија (I10)-41,82% и хроничната опструктивна пулмонална болест (Ј44)-6,06%. Најчестите компликации од дијабет тип 2 кај пријавените пациенти за 2019 г. во Скопскиот регион се: периферните циркулаторни компликации – Е11.5 (46,19%), офталмичните компликации - Е11.3 (35,72%) и невролошките компликации - Е11.4 (18,09%). Покрај напредокот, постои голема некоординираност во пријавувањето на дијабетот во примарната здравствена заштита, од една страна, и во секундарната и терцијарната здравствена заштита, од друга страна. Квалитетот на кодирање сè уште не е на високо ниво.

**29. Симоновска В. Извештај за хронична бубрежна болест за пациенти регистрирани во 2019 г. ЦЈЗ-Скопје, јуни 2020: 12. Достапно на: http://cph.mk/mk/pub**

Даден е приказ на бројот на лицата со дијагностицирана хронична бубрежна инсуфициенција (ХБИ) и нивна структура според возраст и пол, националност и место на живеење. Во текот на 2019 г. се контролирани и обработени вкупно 306 пријави за ХБИ од Скопскиот регион. Анализираните податоци покажуваат дека мажите имаат поголема процентуална застапеност (52,2%), во однос на жените (47,7%) со ХБИ. Ова анализа покажува совпаѓање со истражувањата во светот кои велат дека хроничното заболување на бубрезите е честа појава кај постари лица. Состојба на зголемена ранливост на физички стрес може да ја објасни зголемената процентуална зачестеност кај населението од урбаните општини (Чаир, Аеродром и Карпош) во однос на руралните. Од анализираните податоци следува дека лицата од македонска националност кај кои е дијагностицирана ХБИ имаат најголемо процентуално учество од 67,0%. По нив следуваат лицата од албанска (23,9%) и ромска националност (2,9%). Постојат комплексни интеракции помеѓу биолошките фактори и културните, социоекономските влијанија на односот меѓу националната припадност и бубрежната болест. Според анализата следува дека 25% од пациентите со ХБИ имаат претходно дијагностициран дијабет тип 2.

**30. Малинска П, Симоновска В, Јанкоска А. Информација за здравствени индикатори, 2009-2019 г., на подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје – Скопје. ЦЈЗ-Скопје, јуни 2020: 35. Достапно на: http://cph.mk/mk/pub**

Во Скопскиот регион има незначително зголемување на процентот на хируршки инфицирани рани за 0,2% во 2019 г. во однос на 2009 г. Во истражуваниот период од 2009 до 2019 г. во Скопскиот регион има зголемен број на хируршки процедури извршени на болнички пациенти (на годишно ниво) во 2019 г. за 62,08% во однос на 2009 г. Стапката (%) на аутопсии на умрени во болниците во Скопје, во 2019 г. е намалена за 1.7% во однос на 2009 г. Индексот на структура на живородени од мајки на возраст од 35+ години по години, во истражуваниот период изнесува 60,8% во 2019 г. во однос на 2009 г. Во однос на живородени од мајки на 35+ години во РСМ, 60,1% се породени во Скопскиот регион.

Во Скопскиот регион, во истражуваниот период 2009-2019 г., бројот на извршени царски резови е за три пати зголемен во 2019 г. во однос на 2009 г. Бројот на сите живородени од мајки на возраст помала од 20 години, за период 2009-2019 г. во Скопскиот регион е намален за 33,6% во 2019 г. во однос на 2009 г. Бројот на абортуси кај сите возрасти кај жените во 2019 г. е за 7,1% зголемен во однос на 2009 г. Споменатата стапка за број на абортуси на сите возрасти за период 2009-2018 г. во однос на РСМ, учествува со 45,3% или скоро половина од жените абортусите ги вршат во Скопските болници. Бројот на абортуси во Скопскиот регион кај жените од 35+ години е зголемен за 25,63% во 2019 г. во однос на 2009 г. Истите учествуваат со 46,2% во РСМ. Во Скопскиот регион, во истражуваниот perіод, податоците за родени деца со конгенитални аномалии од 2009 г. кога истиот изнесувал 367, рапидно почнал да се зголемува за неколку пати, така да во 2015 г. се искачил на 1288 деца родени со конгенитални аномалии. После преземање на мерки од Министерството за здравство, бројот на децата родени со конгенитални аномалии се намалил за 33,7% во 2019 г. во однос на 2015 г. Согласно ѕо препораките на СЗО, дадени се предлог-мерки за јакнење на примарната превенција и унапредување на водењето на медицинската документација и евиденција и доставување на пропишаните извештајни обрасци согласно ѕо законот.

**31. Симоновска В, Јанкоска А. Мрежа на болнички здравствени установи во 2019 г. во Скопскиот регион. ЦЈЗ-Скопје, мај 2020: 17. Достапно на: http://cph.mk/mk/pub**

Даден е приказ на мрежата и видот на болничко-стационарните установи, кадарот и постелниот фонд во болниците во Скопскиот регион. Болничката здравствена заштита се спроведува во: универзитетски клиники, клинички болници, општи болници, специјални болници, заводи и институти. Во нашата земја постојат и болници кои според сопственоста се приватни, но се дел од мрежата на здравствени установи бидејќи даваат специфични услуги кои се плаќаат на товар на Фондот за здравствено осигурување (ФЗО). Трошоците во врска со болничкото лекување на осигурените лица се покриваат од задолжителното здравствено осигурување, како и со партиципацијата од пациентите, во согласност со законските одредби. Доколку пациентот не е осигуреник во ФЗО во нашата земја наплатата на услугата за лекување се врши приватно. Во ова истражување претставено е просечното траење на лекување, искористеноста на болничките капацитети и интервалот на обрт на болничките постели во болничката здравствена заштита на Скопскиот регион за 2019 г. Најголем број лекувани болни има во ГОБ „8-ми Септември“ (14.338) од јавниот сектор и во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ (13.177) од приватните болници. Во болничките капацитети за акутно лекување највисок процент на искористеност имаат: ЈЗУ Клиника за државна кардиохирургија (112,3%), ЈЗУ Клиника за ревматологија (113,7%), ЈЗУ Клиника за урологија (103,4%) и ЈЗУ Клиника за трауматологија (95,1%). Функцијата на болничката постела т.е. бројот на пациенти по кревет е највисока во ЈЗУ Клиника за пластична и реконструктивна хирургија која имала 133,1 пациент по кревет во 2019 г. Препораките се во правец на рационализирање на капацитетите со ниска стапка на искористеност, намалување на должината на болничкото лекување и јакнење на примарната здравствена заштита и домашното лекување.

**32. Србова А, Симоновска В. Информација за обемот и видот на здравствените услуги во специјалистичката здравствена заштита на подрачјето на Скопскиот регион во 2019 г. ЦЈЗ-Скопје, мај 2020: 28. Достапно на: http://cph.mk/mk/pub**

Даден е приказ на обемот и видот на извршената работа по одделни специјалистички гранки и дејности во градот Скопје и Скопскиот регион во 2019 г. Од Информацијата може да се согледа следното: во јавните здравствени установи во 2019 г. се остварени вкупно 1.428.585 посети кај лекар од кои 1.124.591 се први. Кај останати медицински работници се остварени 1.614.761 посети. Овие посети кај лекар се дадени од вкупно 221 лекар, од кои 196 се специјалисти, 6 лекари по општа медицина и 19 лекари на специјализација. Еден лекар остварил просечно 6.464 посети годишно или 26,9 посети дневно. Најголем дел од посетите се реализирани во дејноста внатрешни болести, вкупно 437.209 или 30%. Од тоа најмногу од нив се остварени на Клиниката за кардиологија. Рендген дијагностика најмногу се правела во Радиолошкиот институт. Оваа специјалистичка гранка е на второ

место по остварени посети. Хируршки болести се наоѓаат на трето место според бројот на посети кај лекар, а најголем дел се извршени во ГОБ „8-ми Септември", на Одделот за урологија. Нервните болести се лекувале најмногу на Клиниката за неврологија. И овие посети се на четврто место по број на посети од вкупниот број направени посети. Во амбулантите за уво, нос и грло се остварени 69.513 посети кај лекар од кои најголем број се остварени во Здравствен дом - Скопје. Во приватните специјалистички ординации на подрачјето на Скопје е извршен следниот обем на работа: остварени се вкупно 513.364 посети кај лекар од кои 381.473 се први, а кај останати медицински работници се остварени 323.860 посети. Овие посети се дадени од 218 лекари од кои 204 се специјалисти, 7 на специјализација и 7 лекари по општа медицина. Еден лекар остварил просечно 2354 посети годишно или 9,8 посети дневно. Во дејноста внатрешни болести, вкупно се реализирани 107.505 посети или 21% најмногу од вкупниот број. Очните болести се на второ место по број на посети. Ординациите по гинекологија и акушерство се трети по број на посети. Анализата на приватните специјалистички ординации гледано по општини носи одредена специфика и затоа се прикажани посебно јавните, а посебно приватните здравствени установи. Дадени се предлог мерки за подобрување на организацијата и функционирањето на специјалистичката здравствена заштита во Скопје и Скопскиот регион.

**33. Симоновска В. Извештај за вработен кадар во здравствените установи за 2019 г. ЦЈЗ-Скопје, мај 2020: 42. Достапно на: http://cph.mk/mk/pub**

Даден е приказ на мрежата на здравствени установи и вработен кадар, како и структурата на вработените според видот на здравствената дејност, степенот на стручната подготовка и нивниот профил во Скопскиот регион. Во установите кои спроведуваат здравствена дејност на подрачјето на Скопскиот регион во 2019 г. биле вработени вкупно 14.459 лица. Од нив 69,2% биле здравствени работници, или 10.011 лица. Здравствените соработници учествувале со 8,2%, односно 1186 лица. Останати работници, т.е административно-финансиски работници, технички работници и хигиеничари, имало вкупно 3.262. Тие биле 22,5% од вкупниот број на вработени во здравствениот сектор на подрачјето на Скопскиот регион. Бројот на здравствени работници го чинат: 5.065 здравствени работници со висока стручна подготовка (50,6%), 163 здравствени работници со виша стручна подготовка (1,6%), 4.783 работници со средна стручна подготовка (47,8%). Во болничката дејност на подрачјето на Скопскиот регион работеле 47,0% од вкупниот број на вработени. Од нив 60,4% биле здравствени работници, 10,5% здравствени соработници и 29,0% останати работници. Бројот на вработени во амбулантно-поликлиничката дејност во структурата на вкупно вработените во здравствениот систем на Скопскиот регион, учествува со индекс од 16,7%. Од нив, 87,8% биле здравствени работници, 1,0% здравствени соработници и 11,3% останати работници во здравството. На специјалистичко-консултативната дејност - во болниците на подрачјето на Скопскиот регион им припаѓаат 8,7% од вкупно вработените. Од нив 83,2% биле здравствени работници, 8,6% здравствени соработници и 8,2% останати работници во здравството. На специјалистичко-консултативната дејност - вон болниците на подрачјето на Скопскиот регион им припаѓаат 15,2% од вкупно вработените. На фармацевтската дејност и припаѓаат 5,1% од вкупно вработените. На останатите здравствени дејности им припаѓаат 7,3% од вкупно вработените во здравството на подрачјето на Скопскиот регион. Од нив 39,8% биле здравствени работници, 17,9% здравствени соработници и 42,3% останати работници во здравството. Предлог-мерките се насочени кон обезбедување рамномерен развој на здравствената мрежа и кадровскиот потенцијал согласно со зацртаните стандарди.

**34. Симоновска В, Јанкоска А. Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет за жителите од Скопскиот регион во 2019 г. ЦЈЗ-Скопје, дек. 2020: 81. Достапно на: http://cph.mk/mk/pub**

Според оваа Анализа неоплазмите, C00-D48, со 18,3% се најчестата причина за хоспитализација на населението во Скопскиот регион во 2019 г. Болестите на циркулаторниот систем, I00- I99, со 17,7% се втората најчеста причина за прием во болница. Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99, се на третата позиција со 13%. Потоа следат болестите на респираторниот систем со 11,4%, болестите на дигестивниот систем со 9,2% итн. Во текот на 2019 г. болничка здравствена заштита користеле вкупно

130.175 лица, од нив 72.295 биле жители на Скопје, 54.149 биле жители на Република Северна Македонија и 3.731 жители на други држави. Останува потребата да се постигне добра пракса за целосно и веродостојно известување преку Индивидуалниот извештај за стационарно лекувано лице и тесна соработка со Институтот за јавно здравје, Мој термин, Министерство за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и болничките установи.

**35. Симоновска В. Пријавување на малигните болести во Регистер за рак. Презентација за подобрување на квалитетот на податоците за кодирање на малигните болести - Регистар за рак „Мој термин“, Microsoft Teams meeting, 23.02.2021.**

Контролирање се врши на шифрата за топографско кодирање од C00-D09 - анатомска локализација на малигната неоплазма - примарна и ако има метастаза и за неа се контролира шифрата на хистопатолошката класификација - шифрарна номенклатура за морфологија на неоплазмите. Се контролира - Еднозначната шифра за природата како што следува: /2 карцином ин ситу - интерепителијален, неинфилтративен, неинвазивен, /3 малигна, примарна локализација, /6 малигна, метастатска локализација- малигна, секундарна локализација, /9 малигна, неодредено дали е примарна или е метастатска локализација. Понекогаш проблем се јавува кога локализацијата дадена во дијагнозата се разликува од локализацијата која укажува локализација-специфична шифра. Во такви случаи треба да се употреби соодветна шифра за локализацијата вклучена во дијагнозата. На пр. C50 (дојка) е додадена на морфолошкиот термин Инфилтративен дуктален карцином (M8500/3), бидејќи овој карцином обично се јавува на дојката. Меѓутоа, ако терминот „Инфилтративен дуктален карцином“ се користи за примарен карцином кој потекнува од панкреасот, точната шифра би била C25.9. За неоплазмите од лимфно, хематопоетско и сродно ткиво (M959-M998) дадени се релативни шифри од C81-C96 и D45-D47. Овие шифри би требало да се користат независно од утврдената локализација. На пр. епидермоиден карцином од преодни клетки. Карцином од преодни клетки ИН е M8120/3, а епидермоиден карцином ИН е M8070/3. Во овие случаи треба да се користи повисоката шифра (M8120/3) бидејќи таа е поспецифична, како на пр. аденокарцином ИН (M8140/3) нема топографска шифра бидејќи може да биде примарен во повеќе регии. На пр. нефробластомот (M8960/3) секогаш потекнува од бубрегот, хепатоцелуларниот карцином (M8170/3) е секогаш примарен во црн дроб, а базоцелуларниот карцином (M8090/3) обично потекнува од кожата.

**36. Симоновска В, Амети И. Чекори и фази во процесот на пополнување на пријавите за дијабет. Презентација на форум на Национален комитет на РМ за дијабет, Медицински факултет-Скопје, 13.12.2018 г.**

Податоците согласно со Законот за евиденции во областа на здравството (Сл. в. на РМ бр. 20/2009; 53/2011 и 164/2013) *се доставуваат до Регионалниот центар за јавно здравје, а потоа се препраќаат до Институтот за јавно здравје на РМ. Собраните информации потребни за пријава* се внесуваат во Дневникот за хронични незаразни болести во установата која го врши пријавувањето како запис (доказ). Основен сет на податоци, кои се базични податоци, е Извештајот за шеќерна болест - Обр. бр. МЗС-02, кој по својата структура е Индивидуален извештај, а по својата временска дистрибуција има месечно ниво на прикажување. На пријавување подлежат лица заболени од ДМ, блок Е10-Е14 во МКБ -10. Општите податоци за пациентот и за Установата која ја доставува пријавата треба да бидат во целост и јасно пополнети. Дијагнозата на заболувањето и шифрата по МКБ -10 задолжително да содржи и субкатегорија (четвртиот знак) од алфанумеричката ознака (0, 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9) како класификација на компликациите. Пр. Е11.3 Diabetes melitus со офталмички компликации (дијабетична катаракта или ретинопатија). Задолжително да биде пополнето: потврдата за лабораториски наод, датумот на првото утврдување на заболувањето (дијагнозата), датумот на пријавување на дијагнозата, видот на шеќерната болест, видот на лекувањето и исходот на лекувањето. Со цел да се утврди инциденцата и преваленцата на дијабетес мелитус, неговите акутни и хронични компликации, како и да се следи морбидитетот, морталитетот и клиничките индикатори на национално ниво, треба да постои Национален регистар на луѓето со дијабетес. Националниот регистар има големо значење за планирање на превентивни активности и намалување на трошоците во здравствена заштита, а не помалку важна е неговата улога за унапредување и обезбедување на подобра грижа за пациентите.

**37. Efremov, Ljupcho, Petrusevska, Aneta, Dimitrievska, Vera, and Simonovska, Valentina. (2021), Factors Underlying Perceptions of Quality of Life Among Acne Patients in R. N. Macedonia. In: Journal of Health and Medical Sciences, Vol.4, No.1, 23-28. March 2021, Достапно на https://www.asianinstituteofresearch.org/**

Вулгарните акни се нарушување на пилосебалните единици. Тоа е хронична инфламаторна дерматоза значајна за отворени/затворени комедони, папули, пустули и нодули. Се карактеризира со отворени комедони, затворени комедони и пустуларни нодули. Во овој труд е прикажан квалитетот на животот на младите луѓе со акни. Факторската анализа во ова истражување открива три основни фактори: самоперцепција за непријатност, социјален фактор и лоша функционалност во секојдневниот живот. Наодите во овој труд го потврдуваат општото мислење дека луѓето со акни имаат проблеми во квалитетот на животот и затоа треба да се посвети посебно внимание на психолошката интервенција во третманот на ова заболување посебно кај младите лица.

**38. Simonovska, V., Zdravkovska, M. (2021). CONDITIONS OF CHRONICLE OBSTRUCTIVE PULMONARY DISEASE IN SKOPJE REGION POPULATION FROM 2014-2018. *Knowledge International Journal*, *46*(4), 649 - 654. July, 2021. Достапно на: https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/5215**

Хроничната опструктивна белодробна болест (ХОББ) не е само едно заболување, туку термин кој се користи за опишување на хронични белодробни заболувања кои предизвикуваат ограничување во протокот на воздухот во белодробието. Овој труд ја прикажува состојбата со хроничната опструктивна белодробна болест (ХОББ) на населението од Скопскиот регион. Децата од градската средина од 0 до 6 години за испитуваниот период учествувале со над 80% во групата на болести на респираторниот систем. Почесто заболувале малите деца од машки пол. Училишните деца од рурална средина со хронични опструктивни пулмонални болести учествувале со помалку од 25%. Кај возрасното население најчесто била застапена возрасната група од 75+ години. Преваленцијата на ХОББ во РС Македонија за период од 36 години покажува растечки тренд. Со оглед на тоа што ХОББ доминира кај возрасната популација во градската средина, се потенцира улогата на влијанието на аерозагадувањето како фактор за појава на ова заболување.

**39. Simonovska, V., Spirova, V. (2021). THE HEALTH CONDITION AND THE HEALTH PROTECTION OF THE POPULATION FROM THE SKOPJE REGION FOR 2018. *Knowledge International Journal*, *46*(4), 603 - 608. July 2021. Достапно на: https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/5206**

Во трудот е прикажана здравствената состојба на населението во Скопскиот регион. Населението старее и во наредниот период треба да се очекува пораст на хроничните заболувања. Со анализа на утврдениот морбидитет во примарната здравствена заштита кај населението генерално се наоѓаат болестите на респираторниот и циркулаторниот систем. Во болничката здравствена заштита доминираат малигните болести и болестите на циркулаторниот систем. Високото рангирање на овие болести во морбидитетот и морталитетот на населението од Скопскиот регион укажува на сериозноста на овој здравствен проблем, кој очекуваме и понатаму да остане еден од приоритетните јавно-здравствени проблеми на Скопскиот регион во наредниот период.

**40. Petrovski, M., Simonovska, V., Terzieva-Petrovska, O. (2021). NEED OF ASSISTENCE FOR MAINTAINNING OF ORAL HYGIENE AMONG INSTITUTIONALIZED ELDERLY. *Knowledge International Journal*, *46*(4), 561 - 566. July 2021. Достапно на: https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/5201**

Потребата од туѓа помош во извршувањето на секојдневните активности, како и во текот на одржувањето на оралната хигиена кај институционализираните стари лица е доста голема. Со зголемувањето на бројот на стари лица се зголемува и потребата на лицата одговорни за нив, да се запознаат со основните аспекти и карактеристики на оралната хигиена кај овие лица. Здравјето на сите структури локализирани во оралниот медиум е важен социо-медицински проблем, па оттука и интересот за етиологијата и епидемиологијата на забниот кариес, парадонтопатијата и други болести на устата. Во овој труд е докажано дека 68,5% од испитаниците не одржуваат редовна орална хигиена.

Само 10,5% од испитаниците субјективно го оцениле своето орално здравје како добро или одлично. Оттаму следува дека постои голема потреба од туѓа помош за секојдневните активности кај институционализираните стари лица, особено при извршување на активностите поврзани со одржување на општата како и на оралната хигиена.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на севкупната стручна, наставна и научноистражувачка ангажираност на насловен доцент д-р Валентина Симоновска, Рецензентската комисија утврди дека кандидатот ги задоволува формалните и суштинските барања за избор во наставното звање доцент.

Едногласна е оценката на Комисијата дека се работи за активен и плоден стручњак, наставник и научник со бројни стручни и научни трудови од потесната и пошироката област на дејствување, кој со целокупната своја досегашна работа и позитивната оценка од самоевалуацијата дал особено значаен придонес во унапредувањето на едукацијата во јавното здравје, научноистражувачката работа, како и во унапредувањето на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на здравствената заштита во РС Македонија, преку работа во повеќе важни стратешки проекти.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно- стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатот насловен доцент д-р Валентина Симоновска да биде избрана во звањето доцент за наставно-научната област социјална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Childа**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА Д-Р ВАЛЕНТИНА СИМОНОВСКА**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање помлад асистент ( 2 x 10 ) | 20 |
| | Избор во звање асистент ( 2 x 15 ) | 30 |
| | Избор во звање насловен доцент | |
| | **ВКУПНО** | **50** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 3 | Научен труд објавен во научно списание со фактор на влијание (прв автор, втор автор, останати автори) (15/10/5)<br>Останати автори под реден број 37 (1 x 5 = 5 бода) | 5 | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3)<br>Прв автор под реден број 38 и 39 (2 x 9 = 18 бода)<br>Втор автор под реден број 40 (1 x 6 = 6 бода) | 24 | |
| 6. | Пленарно предавање | 3 | |
| 10 | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 11 | Одбранета специјализација | 6 | |
| 12 | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| 12 | Раководител на научен проект<br>(три проекти во земјата - 3 x 4 = 12 бода) | 12 | |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | |
| | **ВКУПНО** | **70** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| | Стручни трудови<br>Прв автор под реден број 26 - 35 (10 x 2= 20 бода)<br>(3 x 4 = 12) | 20 | |
| 13 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) (3 x 5 = 15 бода) | 15 | |
| 19 | Стручни награди и признанија<br>1. Плакета МЛД | 4 | |
| 26 | Раководител на центар | 3 | |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела<br>Член на 5 комисии при МЗ на РМ (5 x 5 = 25 бода) | 25 | |
| | **ВКУПНО** | **67** | |
| | **ВКУПНО ПО СИТЕ ОСНОВИ** | **187 бода** | |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕРМАНИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-180/4 од 6.10.2021 година донесена на 234. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 6.10.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за наставно-научната област *германистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **д-р Драгана Кузмановска** (претседател), вонреден професор во наставно-научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **д-р Билјана Ивановска** (член), редовен професор во наставно-научната област германистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип; и
- **д-р Нина Даскаловска** (член), редовен професор од наставно-научната област методика на наставата по англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 23.9.2021 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

1. **м-р Марица Тасевска**, вработена како лектор на Филолошкиот факултет, Катедра за германски јазик и книжевност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, РС Македонија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката м-р Марица Тасевска е родена во 1987 година во Штип. Основното и средното образование ги завршува во Штип, а понатамошното образование го продолжува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, на Катедрата за германски јазик и книжевност со просек 7.69 и се здобива со стручен назив: дипломиран професор по германски јазик и книжевност.

Во 2012 година се вработува на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како кореспондент по германски јазик на Катедрата по германски јазик и книжевност. Со искуство во образовниот процес се здобива претходно работејќи во приватно училиште во Скопје и одржувајќи приватни часови по германски јазик за ученици од основно и од средно образование.

Во 2013 година се запишува на постдипломските студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на Катедрата за германски јазик и книжевност, насока *Методика на наставата по германски јазик и книжевност*, каде што по одбраната на магистерскиот труд под наслов *„Вештината зборување во учебниците по германски јазик како странски јазик и нејзината употреба во наставата“,* магистрира со просек од 9.85 и се стекнува со титулата: магистер по филолошки науки од областа методика на наставата по германски јазик и книжевност.

Во 2018 година се избира во наставно-стручното звање лектор по германски јазик на Катедрата по германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при УГД-Штип, каде што работи до денес.

**Општи услови за избор**

Според член 168 од Законот за високо образование за виш лектор може да биде избрано лице кое има завршено студии од втор циклус од научна област во која се избира и покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

1. М-р Марица Тасевска има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за научната област *германистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Има објавено научни и најмалку пет стручни трудови (подолу следи нивна евалуација).
3. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатката м-р Марица Тасевска има завршено втор циклус студии од научната област наука за јазик – *германистика*, има работно искуство во областа во која се избира и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање *виш лектор*.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатката м-р Марица Тасевска се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката активно учествува во подготвување на вежбите како на задолжителните, така и на изборните предмети организирани од Катедрата за германски јазик и книжевност и тоа: Современ германски јазик 1, 2, 3 и 4, Методика на наставата по германски јазик 1, 2, 3 и 4, Германски јазик ниво А1.1, ниво А1.2, ниво А2.1, ниво А2.2 како странски јазик на нематичните факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за германски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

М-р Марица Тасевска важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, објавените трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за избор на кандидатот до денес:

***Објавени научни и стручни трудови***

Резултатите од научната и стручната активност на м-р Марица Тасевска се презентирани преку следниве трудови:

Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2020) *Усвојување на вештината зборување во наставата по германски јазик.* Зборник на трудови / ФИЛКО Четврта меѓународна научна конференција, 23-25 мај 2019. pp. 360-371. ISSN ISBN: 978-608-244-698-1

Вештината зборување претставува една од четирите јазични вештини покрај слушањето, читањето и пишувањето, а нивната подеднаква застапеност во наставата по германски јазик ја дефинира основната цел на модерната настава која се стреми кон стекнување на јазични компетенции и оспособување на учениците за комуникација во автентични комуникативни ситуации. Што се однесува на усвојувањето на германскиот јазик во основните и во средните училишта искуството покажува дека сè поголем број на ученици, и покрај долгогодишното изучување на германскиот јазик, се соочуваат со проблеми при усна комуникација. Оттука се поставува прашањето дали всушност вештината зборување се третира според нормативите за стекнување јазични компетенции предвидени во европската референтна рамка за јазици. Како ќе се дефинира оваа вештина зависи од тоа дали таа претставува наставна или посредна цел. Кога зборуваме за вештината зборување како посредна цел мислиме на зборување како посредно средство за контролирање на знаењата на учениците за одредена граматичка структура или лексика,

додека пак вештината зборување како наставна цел укажува на зборувањето во функција на оспособување за комуникација. Токму ова претставува предмет на истражување на овој труд, а тоа е да се утврди фактичката состојба на вештината зборување и нејзиното третирање во наставата по германски јазик со посебен акцент на употребата на германскиот јазик во текот на часот, како и имплементирање на разновидни вежби кои придонесуваат за полесно и забавно усвојување на оваа вештина, спроведувајќи анкетни листови како за учениците од средното гимназиско училиште во Штип, така и за наставниците кои предаваат германски јазик во истото училиште со цел да се детектираат проблемите кои го попречуваат процесот на стекнување комуникативни компетенции и да се предложат нови техники и методи како и интерактивни вежби кои би се имплементирале во секојдневната настава по германски јазик.

Hadzi-Nikolova, Adrijana and Tasevska, Marica (2019) *Стратегии за учење според Оксфорд.* Зборник на трудови / ФИЛКО Четврта меѓународна научна конференција, 23-25 мај 2019. ISSN 978-608-244-698-1

Стратегиите за читање се многу важен дел од наставата. Тие се свесни активности што учениците ги преземаат и што им го олеснуваат изучувањето на јазикот. Па токму затоа, во наставата може да се влијае за учениците подобро да се запознаат со тие стратегии, кои не функционираат изолирано една од друга, но како целина влијаат во генералното разбирање на текстот и неговата суштина. Постојат разновидни класификации на стратегиите за читање. Во овој труд ќе ја разгледаме класификацијата на Оксфорд, која се однесува на стратегиите за учење како целина, односно за сите четири јазични вештини според Европската референтна рамка на јазици, а ние ставаме акцент на оние што се поврзани со читањето. Главната поделба на стратегиите според оваа класификација е на директни и индиректни стратегии за учење. Директните стратегии директно влијаат врз дадената задача, односно ученикот учи со нивна директна примена врз јазикот. Директните стратегии ги опфаќаат мемориските, когнитивните и компензациските стратегии. Од друга страна, со индиректните стратегии ученикот учи странски јазик без директно да го вклучи јазикот, односно на индиректен начин влијаат врз конкретната задача. Тука спаѓаат метакогнитивните, афективните и социјалните стратегии. Сите групи на стратегии се делат понатаму на неколку подгрупи. Бидејќи примената на стратегиите може свесно да се испланира, сметаме дека треба да се влијае врз наставниците во планирањето на наставната дејност, што понатаму ќе креира успешни и подготвени ученици.

Hadzi Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina an Tasevska, Marica (2019) *Стратегии за читање пред, за време и после читањето.*
Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 30 (5). pp. 1107-1112. ISSN 2545-4439

Живееме во еден современ и информиран свет, свет на постојан напредок и усовршување, па треба да се движиме во согласност со промените. Промените во образовните процеси се одразуваат и на наставата по англиски како странски јазик. Главна цел на усвојувањето на англискиот јазик денес е развивање на комуникативна компетенција преку активирање на четирите јазични вештини, една од кои е читањето. За да бидат успешни, учениците треба да се обучат да бидат самостојни и стратешки читатели, да знаат да ги искористат предностите што може да се добијат со владеењето на вештината читање. Со постојано вклучување на стратегиите за читање на училишниот час по англиски јазик, резултатите ќе бидат долгорочни за учениците. Овде ќе ставиме акцент на стратегиите што се применуваат пред, за време и по читање на текстот кои наставниците треба успешно да ги пренесат на учениците. Значи, промените треба да настанат од наставниците, што на крај ќе резултира во подобри и поуспешни ученици.

Kuzmanovska, Dragana and Tasevska, Marica and Ulanska, Tatjana and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2019) *Explicit instruction as a tool for improving language competence.* 13th International Technology, Education and Development Conference, INTED, 11-13 March 2019, Valencia, Spain, 13 (13). pp. 3054-3057. ISSN 2340-1079

Трудот е резултат на истражувањето спроведено преку проектот Дополнителна настава како алатка за подобрување на јазичната компетенција на студентите на Филолошкиот факултет

Целта на овој проект е да се откријат слабостите на студентите од нивното претходно образование и како да се надминат со дополнителна настава во траење од два семестри, два часа неделно. Резултатите од овие тестови имаат за цел да ја подобрат јазичната компетенција на студентите од Катедрата за германски јазик и книжевност.

Tasevska, Marica and Milenkoska , Milkica (2019) *Застапеноста на вештината зборување во учебниците по германски јазик.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Трета меѓународна конференција за филологија, култура и образование, 3. pp. 635-642. ISSN 978-608-244-593-9

Зборувањето како една од четирите јазични вештини својот подем го достигнува во 19 век со појавата на директниот метод. Од тоа време па сè до денес претставува предмет на истражување на многу методичари ширум светот, со цел да се изнајдат најдобрите методи и техники со кои ќе се поттикне вештината зборување. Сведоци сме на тешкотиите и препреките при зборувањето на голем број ученици кои го изучуваат германскиот јазик осум години, што е доволен временски период за да може еден ученик да се впушти во слободна комуникација и притоа да биде разбран од соговорникот. Се отвора прашањето дали можеби не се почитуваат европските нормативи за учење на странски јазик или проблемот се јавува во наставниот процес каде што сè повеќе се нагласува значењето на граматичките правила на еден јазик, а се запоставуваат сите други вештини, кои се од клучно значење за усвојување на еден јазик во целост. Во овој труд, преку анализа на вежбите за зборување во учебникот кој се користи во средното гимназиско образование, кој според Piepho претставува доминантна варијабла во наставниот процес (1976:46), се утврдува фактичката состојба на вештината зборување во наставата по германски јазик и се дискутира за важноста на оваа вештина во процесот на комуникација, со цел нејзино имплементирање во наставниот процес.

Hadzi-Nikolova, Adrijana and Tasevska, Marica (2019) *Educational technology, threat or benefit to teachers.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 3. pp. 715-725. ISSN 978-608-244-308-9

Овој труд се занимава со претходните теории и истражувања во врска со користењето на технологија во училницата. Се зборува за идејата компјутер за секое дете во Македонија и се споредува со сличен таков проект во Ирска.

Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana and Donev, Dragan (2018)

*Мотивацијата како клучен фактор за изучување на германскиот јазик кај учениците од средно гимназиско образование.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (12). ISSN 1857-7059

Теоријата на мотивацијата има една долга традиција пред сè со мноштво од најразлични тенденции карактеристични за своето време. Нејзините почетоци се присутни уште во антиката преку старогрчкиот филозоф Епикур (314 –270 год. пр.н.е) и неговиот хедонизам чија цел е достигнување среќен и мирен живот кој би се одликувал со душевна непоматеност, ослободеност од страв и отсуство на болка, а кулминацијата ја достигнува со појавата на хуманистичката психологија и Адам Маслов (1908 –1970), преку неговата теза на поставување приоритети и самоактуализација. Мотивацијата и до ден денес е присутна во секоја сфера на човековото дејствување, па и во наставата по странски јазик. Немотивираноста го попречува остварувањето на конкретни цели, па оттука наш предмет на истражување е токму присуството на мотивацијата кај учениците од средното гимназиско образование за изучување на германскиот јазик. Истражувањето ќе се врши преку претходно подготвен прашалник за учениците, а неговите резултати ќе се пласираат токму во овој труд, со надеж дека истите ќе можат да се интегрираат во наставата со цел полесно усвојување на странските јазици.

Donev, Dragan and Tasevska, Marica and Iliev, Krste (2018)
*Влијанието на културолошките особености врз процесот на преведување.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (12). pp. 129-132. ISSN 1857-7059

Културолошките особености сè почесто се во фокусот на истражувањата поврзани со науката за преводот. Во овој труд ќе се обидеме накратко да извршиме стручна анализа на ставови од еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика, како и влијание на културолошките аспекти во процесот на преведување од еден на друг јазик и нивното влијание во комуникацијата во меѓународниот глобализиран контекст. Притоа ќе биде анализирана улогата што културата ја има во општествените ситуации на современиот живот. Ќе бидат презентирани мислењата на повеќе автори, како и нивни сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од акцентот врз културните особени како важен аспект во изучувањето на англискиот како странски јазик во време на глобализацијата. Ќе ја акцентираме улогата на културолошките особености од изворниот јазик и нивното влијание врз процесот на преведување.

Ivanova, Biljana and Kirova, Snezana and Kuzmanovska,
Dragana and Tasevska, Marica (2018)
*Investigation of instrumental and integrative motivation of learning second/foreign language in Macedonia.*
Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (12). pp. 85-93. ISSN 1857-7059

Целта на овој труд е да ја разгледа инструменталната и интегративната мотивација на македонските изучувачи на англискиот и германскиот јазик како странски и да ги истражи домените на англискиот и германскиот јазик релевантни за студенти на додипломски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Истражувањето опфаќа 50 студенти со цел да се добие подлабок увид во подобра идентификација на мотивациските предизвици и пореална перспектива на наставата по странски јазици во земјава

Tasevska, Marica (2018)
*Местото и улогата на вештината зборување низ наставните методи.*
Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 12. ISSN 1857-7059

Вештината зборување претставува една од клучните вештини со која може да се процени познавањето на еден јазик. Значењето на оваа вештина од аспект на јазична комуникација претставува една од главните цели на европската референтна рамка за јазици, па оттука истата се истакнува во модерната настава по странски јазик низ сите европски земји, во однос на изучување на граматичките правила или вокабуларот на еден јазик. Кога зборуваме за вештината зборување во наставата по странски јазик, мислиме на еден комплексен процес кој бил под постојано влијание од политичките и општествените менувања, па оттука целта на овој труд е да се прикаже местото и улогата на вештината зборување низ наставните методи, почнувајќи од граматичко-преводниот метод, директниот метод, аудиолингвалниот и аудиовизуелниот метод, па сè до комуникативниот метод и интеркултурниот приод.

Doneva, Blagica and Tasevska, Marica and Iliev, Krste (2018)
*Cultural implications in the process of translation.*
Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип. ISSN 1857-7059

Културните аспекти сè почесто во фокусот на истражувањата поврзани со преведувачките студии и наставата за превод. Во овој труд ќе се обидеме да дадеме краток осврт на ставовите на еминентните истражувачи од оваа област презентирани во нивните трудови на оваа тема, како и влијанието на културните аспекти врз преводот како процес како и наставата за преведувањето. Влијанието на културата во комуникацијата ќе се разгледува и во меѓународниот глобализиран контекст. Ќе се анализира улогата што ја игра културата во општествените ситуации на современиот живот. Ќе бидат презентирани

мислењата на повеќе автори, како и нивните наоди, откритија и предлози во однос на потребата од акцент на културната импликација како важен аспект во изучувањето на англискиот јазик како странски јазик во време на глобализација. Ќе се фокусираме на културните аспекти на изворниот јазик и нивното влијание во процесот на преведување.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност кандидатката м-р Марица Тасевска активно учествуваше во низа стручно-апликативни и организациски активности на Филолошкиот факултет.

Од нив ги издвоивме следните проекти:

Kusevska, Marija and Ivanovska, Biljana and Daskalovska, Nina and Leontik, Marija and Donev,
Dragan and Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste and Tasevska, Marica (2018)
*Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката.*

Dimova, Violeta and Daskalovska, Nina and Kuzmanovska,
Dragana and Karanikolova-Cocorovska, Lusi and Mladenoski, Ranko and Leontik, Marija and Celik,
Mahmut and Marolova, Darinka and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Todorova, Marija and Ulanska, Tatjana and Tasevska,
Marica and Grkova, Marija and Jakimovska, Svetlana and Velinova,
Eva and Vitanova-Ringaceva,
Ana and Negrievska, Nadica and Karanikikj Josimovska, Jovana and Sarafova, Natasa and Kostova,
Kristina (2018)
*Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование.*

Кандидатката м-р Марица Тасевска зема активно учество во повеќе активности организирани од Филолошкиот факултет при УГД-Штип како што се:

Членување во уписна комисија за изведување уписи на нови студенти на УГД;
- Членување во комисии за елаборати за акредитација на прв и втор циклус на студии;
- Член на комисија за комисиски испити;
- Член на комисија за одбрана на дипломски трудови;
- Записничар на Катедрата по германски јазик и книжевност;
- Активно учествува во активностите организирани за промоција на Филолошкиот факултет: организација на ФИЛКО меѓународна научна конференција, организирање на награден конкурс за средношколци, поттикнување на студентите за нивно учество во студентското списание КУЛА во издание на Филолошкиот факултет и сл.

Преводи на документи за потребите на Филолошкиот факултет и на сите членки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Марица Тасевска поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката м-р МарицаТасевска во звањето виш лектор за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Драгана Кузмановска, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Билјана Ивановска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Нина Даскаловска, редовен професор, член, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „СМЕТКОВОДСТВЕНИ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ" ОД ПРОФ. Д-Р БЛАГИЦА КОЛЕВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и Одлуката бр.1202-123/31 од 25.10.2021 г., донесена на 210. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 25.10.2021 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Биљана Ангелова, редовен професор на Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,
– д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска – редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија за приложениот ракопис (учебник) со наслов *„Сметководствени информациони системи"* од авторката проф. д-р Благица Колева, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет, како и за останати единици на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Сметководствени информациони системи" од авторката проф. д-р Благица Колева претставува заокружена целина на материјалот поврзан со изучување на сметководствениот систем во целина, од неговиот развој до процесот на анализа и дизајнирање на сметководствените информациони системи. Учебникот е наменет за изучување на предметот Сметководствени информациони системи од страна на студентите на сите насоки на прв циклус студии (Сметководство и ревизија, Бизнис економија, Финансии, Менаџмент и претприемништво и Маркетинг менаџмент).

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот содржи 339 страници, кои содржат теоретска разработка на поим, задачи, цели и развој на сметководствениот информационен систем, контрола на сметководствените информациони системи и сметководствените информациони технологии и софтвери, како и примери на практичен софтвер кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа значајна и динамична проблематика. На крајот од учебникот се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на сметководствените информациони системи. Трудот е пишуван во А4 формат, со единичен проред, со употреба на фонт Arial, големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на знаење за сметководствени информациони системи, преку поими, задачи, принципи, цели на сметководствените информациони системи, до анализа и контрола на сметководствените информациони системи, со што и се овозможува подобро да го разберат сметководствениот процес како и сите деловни процеси што се одвиваат во организацијата.

Сметководствениот информационен систем е процес кој опфаќа собирање, чување, организирање, обработка, обезбедување и известување на сметководствени информации. Сметководствениот информационен систем е компонента на организацијата која акумулира,

класифицира, обработува, анализира и пренесува финансиско-ориентирани информации наменети за екстерни (како што се инвеститори, кредитори и даночни агенции) и интерни корисници (првенствено за менаџментот) релевантни за донесување на деловни одлуки.

Сметаме дека овој учебник се одликува со голема теоретска и практична вредност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика, т.е. кои се инволвирани во процесот на сметководствените информациони системи.

**Краток опис на содржината на ракописот:** Содржински, трудот е конципиран во 7 поглавја, за кои следи кратка презентација на нивните цели и структура.

*Првото поглавје* е посветено на основите на деловен информацискиот систем. Овде се дефинира поим, задачи и цели на деловен информациски систем; структура на информацискиот систем и неговите потсистеми, информацискиот систем како модел на деловниот систем, како и улогата и значењето на информацискиот систем. Во продолжение на ова поглавје е разработен деловниот информациски систем и глобалниот бизнис.

*Второто поглавје* од учебникот ги обработува информацискиот систем на претпријатијата и сметководствениот информациски систем, како и структурата и содржината на основните финансиски извештаи: Билансот на состојба, Билансот на успех, Извештајот за парични текови, Извештајот за промена на капиталот и Белешките кон финансиските извештаи, кои задолжително ги изготвува и презентира секој деловен ентитет, за сите корисници (стејкхолдери), кои врз основа на информациите од нив донесуваат рационални економски одлуки.

*Третото поглавје* се однесува на концептот и улогата на информацијата во донесување на деловни одлуки и основните видови на информациски системи кои постојат во одредено претпријатие. Во овој контекст е дефиниран и се претставени основните карактеристики на сметководствениот информациски систем како дел од целокупниот информациски систем во претпријатието.

*Четвртото поглавје* е посветено на развојот на сметководствениот систем низ одделните фази од неговиот животен циклус. Посебно се обработени факторите и принципите на организација на сметководствениот информациски систем.

Бидејќи квалитетот на функционирање на сметководствениот систем зависи од структурата на системот за внатрешна контрола, во *петтото поглавје* посебно внимание се посветува на врската помеѓу сметководствениот систем и системот за внатрешна контрола, како и други форми на внатрешен и надворешен надзор.

*Шестото поглавје* ги опишува историјата и развојот на сметководствениот информациски систем и сметководствениот софтвер, рачни сметководствени информациони системи и компјутеризирани сметководствени системи. Сликовито е објаснет сметководствениот информациски систем во претпријатието и даден е преглед на интегрираните деловни решенија – ERP софтвери. Направена е разлика во функционирањето на софтвер за мали средни и големи претпријатија. Како и дизајнирање и имплементација на компјутеризираниот СИС, со намалување на ризикот поврзан со компјутеризираните системи и дизајнирање на контроли за таквите системи. Детално се обработени мерките за сигурност и заштита на податоците, со цел да дојдат до израз предностите што ги овозможува информатичката технологија за унапредување на квалитетот на сметководството.

*Седмото поглавје* обработува практичен пример на сметководствен софтвер, кој содржи информации и увид во целокупната финансиска состојба на компанијата. Процесирање на голем број податоци без соодветна сметководствена програма е незамисливо во денешно време. Добро испланираните сметководствени процеси заштедуваат време и ресурси и остава повеќе време за фокус кон главните цели на претпријатието.

Преку презентираниот начин на обработка на организациската структура на сметководствените информациони системи и процесот на анализа, дизајнирање, контрола и заштита на сметководствените информациони системи, сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ги разберат целите и задачите на сметководствените инфромациони системи, и она што е посебно важно, преку практичниот примери содржан во материјалот да можат практично да ја осознаат постапката на сметководствените информациони системи, со цел за унапредување на квалитетот на сметководството во деловните ентитети.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следното

**М И С Л Е Њ Е**

Учебникот „Сметководствени информациони системи” од проф. д-р Благица Колева претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со процесот на следење на сметководствените информациони системи, како и сите процеси поврзани со него што се одвиваат во рамки на деловните ентитети. Авторката презентира успешна комбинација на теоретскиот и практичниот аспект на проблематиката, со цел предметната материја да се доближи до студентите и да им се помогне да научат како оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа во делот на сметководството. На останатите заинтересирани субјекти, кои работат на подготовка и презентирање на сметководствените информациони системи на деловните ентитети, овој материјал ќе им помогне за нивно полесно, поквалитетно составување и презентирање.

Сметаме дека учебникот ќе даде придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да му предложиме универзитетскиот учебник со наслов „Сметководствени информациони системи” од проф. д-р Благица Колева да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Ангелова, с.р.**
**Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИК „ЕКОНОМИЈА НА ПАРИ БАНКАРСТВО И ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ (ВТОРО ИЗДАНИЕ)” ОД ПРОФ. Д-Р ВЕСНА ГЕОРГИЕВА-СВРТИНОВ ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1202-123/32 од 25.10.2021 година, донесена на 210. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 25.10.2021 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Марија Гогова-Самоников, вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и
– проф. д-р Љупчо Давчев – вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија за приложениот ракопис (учебник) со наслов *„Економија на пари банкарство и финансиски пазари (второ издание)“* од авторката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов, наменет за студентите на прв циклус студии на Економскиот факултет, како и за останати единици на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Економија на пари банкарство и финансиски пазари (второ издание)” од авторката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов претставува заокружена целина на материјалот поврзан со економијата на парите банкарството и финансиските пазари.

Изучувањето на економијата на парите, банкарството и финансиските пазари е од големо значење како за физичките, така и за правните лица. Оваа книга ги поврзува областите на макроекономијата и финансиите. Целта на книгата е да се испита како функционираат финансиските пазари и финансиските институции кои се дел на финансискиот систем, но и каква е улогата на парите во економијата. Учебникот е наменет за изучување на предметот Економија на пари банкарство и финансиски пазари од страна на студентите на следните насоки на прв циклус на студии: Менаџмент и маркетинг (петти семестар, со неделен фонд на часови 2+1+1), Бизнис економија (петти семестар, со неделен фонд на часови 2+1+1), Сметководство и ревизија (трети семестар, со неделен фонд на часови 2+1+1).

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот содржи 272 страници, кои содржат теоретска разработка на тоа колкаво и какво е значењето на финансискиот систем за економијата во секоја земја, што претставуваат финансиските пазари и како се вреднуваат хартиите од вредност, како може преку концептот на нето сегашна вредност да направиме избор во кој вид финансиски инструмент да го вложиме нашето богатство, понатаму какво е значењето на депозитните (комерцијалните) банки за економијата во секоја земја, како централните банки ја спроведуваат монетарната политика и како со помош на монетарната политика може да се влијае на важни економски варијабли во економијата, како што се: инфлацијата, невработеноста, економскиот раст, стабилноста на каматните стапки, стабилноста на националната валута, но и конфликтот кој може да настане ако се остваруваат повеќе цели истовремено, како и бројни практични примери, илустрации и вежби, кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа значајна и динамична проблематика. Трудот е пишуван во А4 формат, со единичен проред, со употреба на фонт Arial, големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот

и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало, кое од теоретски и од практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на знаење за економијата на парите, банкарството и финансиските пазари. Бројни примери од секојдневието кои се разработени во учебникот го потврдуваат значењето на оваа економска проблематика во секојдневниот живот и поради тоа сметаме дека изучувањето на оваа дисциплина секојдневно станува повеќе од потребна.

Сметаме дека овој учебник се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика, т.е. кои се веќе вработени, во комерцијалните банки, во централната банка, во осигурителните компании, во инвестициските фондови, во брокерските друштва итн.

**Краток опис на содржината:** Содржински трудот е конципиран во 6 поглавја, за кои следи кратка презентација на нивните цели и структура.

Во *првата глава* се дава краток преглед на финансискиот систем, на неговата структура и на неговото значење за економијата на секоја земја. Финансискиот систем е дел од нашето секојдневие, кое авторот го објаснува со примери од секојдневието. Но, не само за физичките лица, финансискиот систем е битен и за правните лица. Така, компаниите земаат заеми со кои започнуваат со работа, но позајмуваат и за да се модернизираат и да го зголемат обемот на своето работење, со што се зголемува бројот на работни места. Финансискиот систем, покрај на секојдневниот живот на правните и на физичките лица влијае и на економијата на секоја земја. Секоја држава настојува да има развиен финансиски систем, бидејќи од него зависи долгорочниот раст и развој на економскиот систем.

*Втората глава* од учебникот е посветена на финансиските пазари, кои претставуваат еден дел од финансискиот систем, а чија цел е да вршат трансфер на фондови од луѓето кои имаат вишоци кон оние кои имаат недостаток на финансиски средства. Притоа се истакнува дека од тоа како функционираат финансиските пазари зависи не само личното богатство на поединците и бизнисите, туку и економскиот раст на секоја земја. Една од причините зошто некои земји во светот останале сиромашни е лошото функционирање на финансиските пазари. Во овој дел посебен акцент се става на пазарот на обврзници и на пазарот на акции, но и на пазарот на краткорочни хартии од вредност и се прави јасна дистинкција меѓу нив. На крајот од оваа глава се анализираат бројни карактеристики кои ги поседуваат овие хартии од вредност, со помош на кои можеме да се одлучиме во каков вид финансиски инструмент е најдобро да ги вложиме нашите пари.

*Третата глава* глава од учебникот е посветена на фундаменталниот принцип на финансискиот менаџмент - временската вредност на парите, во кој се објаснува зошто субјектите ја преферираат сегашноста во однос на иднината, кога одлучуваат дали би сакале да располагаат со истата сума на пари денес или утре. Покрај неизвесноста од иднината, стравот од инфлација и разни субјективно-психолошки причини, најголемата причина за преферирање на сегашноста е можноста за инвестирање, т.е. за вложување на парите и добивање на одреден надоместок или принос во вид на камата. Притоа се истакнува дека принципот на временската вредност на парите е темел на сите видови инвестициски одлуки, било да се работи за вложувања во реални добра или во финансиски инвестиции.

Во *четвртата глава* се анализира работата на разни видови на финансиски институции, но и се дава одговор на прашањата: Зошто финансиските институции како финансиски посредници се толку значајни за работењето на финансиските пазари и зошто тие се најстрого регулирани бизниси во секоја економија.

*Петтата* глава е посветена на комерцијалните банки кои се дел од финансиските институции, но поради нивното големо значење во финансискиот систем на секоја земја, авторката ги издвојува во посебно поглавје.

Комерцијалните банки се финансиски посредници со кои обичниот човек најчесто стапува во контакт. Нивната основна цел е да примаат депозити од луѓето кои штедат и да даваат заеми на оние на кои им се потребни. Во овој дел исто така се анализираат

и различните видови на ризици со кои се соочуваат банките во своето работење, како и можностите тие да се елиминираат или намалат.

*Во шестата глава* се анализира значењето на монетарната политика и на централните банки како носители на оваа политика. Во овој дел најпрво се анализира значењето на парите во економијата. Притоа се истакнува дека покрај тоа што парите ни служат како средство за плаќање на потребните добра и услуги, тие се варијабли кои влијаат на сите значајни економски големини во едно општество, како: стапката на општествениот раст, нивото на националниот доход, нивото на цените, каматните стапки итн. Но, освен тоа што парите имаат значење во рамките на националната економија, од значење е и нивната релација и со светската економија. Така, претприемачите, извозниците, увозниците, но и туристите, се заинтересирани за вредноста на домашната валута во однос на странските валути. Доколку, пак, постои неусогласеност меѓу понудата и побарувачката на пари во економијата, може да се случи инфлација или дефлација, кои предизвикуваат многу негативни економски ефекти. На крајот од оваа глава се анализираат стратегиите и инструментите кои централните банки ги користат за постигнување на основната цел – ценовната стабилност.

Преку презентираниот начин на обработка на одделните глави од учебникот, сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите, а и на оние кои се вработен во комерцијалните банки, во централната банка, во инвестиционите фондови да ја разберат улогата и значењето на финансискиот систем. Исто така, на инвеститорите да им помогне да го разберат функционирањето на финансиските пазари, вреднувањето на финансиските инструменти и да можат да одлучат каде е најпогодно да ги вложат своите заштеди. Исто така, целта е студентите да го разберат големото значење на комерцијалните банки кои се дел од финансиските институции. Покрај тоа се анализира значењето на монетарната политика и на централните банки како носители на оваа политика, како и значењето на парите во економијата, кои и покрај тоа што се средство за плаќање тие се и варијабли кои влијаат на сите значајни економски големини во едно општество.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниот

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот „Економија на пари банкарство и финансиски пазари (второ издание)" од авторката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со економијата на парите, банкарството и финансиските пазари. Авторката презентира успешна комбинација на теоретскиот и практичниот аспект на проблематиката, со цел предметната материја да се доближи до студентите и да им се помогне да научат како оваа комплексна проблематика да ја применат во практичната работа. Се надеваме дека студентите ќе стекнат соодветни знаења, кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа.

Оваа дисциплина ќе им помогне на студентите кои во иднина би се вработиле во комерцијалните банки, во централната банка, во инвестициските фондови, во брокерските друштва итн. Исто така, учебникот е од корист и за пошироката стручна јавност за подобро да ја разберат улогата на парите, банкарството и финансиските пазари за економијата во целина. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да му предложиме учебникот со наслов „Економија на пари банкарство и финансиски пазари (второ издание)" од авторката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Марија Гогова-Самоников, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Давчев, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ – ПРАКТИКУМ „КОЛЕКЦИЈА“ ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ЌЕРТАКОВА,ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2302-107/5 од 120. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 1.11.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- м-р Јордан Ефремов, вонреден професор, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- д-р Соња Јордева, доцент, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис – практикум „**КОЛЕКЦИЈА**” **од авторката доцент д-р Марија Ќертакова,** наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот за практикум е „КОЛЕКЦИЈА” - практикум, назив на предметот е КОЛЕКЦИЈА и се слуша во V семестар како изборен предмет на насоката Текстил, дизајн и менаџмент и во VIII семестар како изборен предмет на насоката Дизајн и технологија на текстил и облека, со фонд на часови 2+1+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот за практикум е во согласност со наставната програма по предметот Колекција и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 155 страници во А4 формат со нормален проред и содржи 230 слики/илустрации (во мала-скратена големина). Обемот на ракописот за практикум по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис практикум со ист или сличен наслов досега не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа два дела, прв дел дизајнерски процес во модна колекција и втор дел примери – проекти за изработка на модна колекција.

Учебникот – практикум содржи материјал првенствено за студентите на Технолошко-технички факултет, но и за секој креативен поединец, кој има нагласена тенденција кон задлабочена анализа на научноистражувачки проблеми поврзани со мода, колекција и термини слични на нив.

Во рамките на овој практикум се разработени следниве тематски целини.

Првата тематска целина се однесува на теоретизирање на клучните сегменти од дизајнерскиот процес при создавањето на една модна колекција. Определени се основните маркери и етапи при создавањето на модна колекција, при што се конкретизирани и објаснети сите составни сегменти на стручно-апликативно ниво – од идеја до реализација. Текстот е поткрепен со соодветен илустративен материјал, со цел полесно разбирање на наставната единица. Зададени се тематски содржини кои многу поконкретно ја определуваат самата колекција и нејзините фази на проектирање.

Посочени се исклучително важни градбени единици, клучен фактор за дизајнирање на една колекција, независно за каков тип се работи. Во овој сегмент авторката ги конкретизира сите развојни фази од идеја до реализација. Ставен е акцент на т.н. модно портфолио кое претставува современ графички метод за презентација на една модна колекција. Разработени се исклучително современи и актуелни теми како творец-моден дизајнер, инспирација, мудборд, клиент-целна група, карта на бои и материјали, модни илустрации, технички скици, кроен процес, техничко-технолошки процес на изработка, модна ревија, модна фотографија итн., за да на крај се дадат примери на најсовремените начини на презентација на модна колекција во неопостмодернистичкиот период.

Во втората тематска целина се претставени примери на изработени десет проекти на модни колекции (модни портфолија), при што се разработени клучни теми кои се однесуваат на модната колекција и процесот на нејзина изработка (од идеја до реализација), при што на аналитичко, визуелно и апликативно ниво се презентирани најсовремените и најкреативни начини за нејзина презентација и реализација. Оваа целина е исклучително богата на илустративен материјал и е многу важна за согледување и разбирање на теоретските сегменти од страна на секој поединец – студент. Ваквиот метод на селекција, подреденост и организација на наставниот материјал е еден од најпознатите и најпризнати (од страна на модните експерти) начини за презентација на модна колекција во современиот свет – споделува авторката. За крај се посочени модерни компјутерски техники за изработка како на моден проект, така и на модна колекција, со што се зададени примери на екстремно нестандардни експресивни форми и начини на демонстрација, типични за денешната „дигитална ера“.

Материјалот е селектиран во рамките на капацитетот и наставната програма на учебникот за овој предмет. Текстот е надополнет со голема база на приложени фотографии и илустрации со цел полесно согледување и разбирање на наставно-научниот материјал, како и збогатување на естетско-информативната заднина на секој кој го чита.

## ЗАКЛУЧОК

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот за практикум со наслов **„Колекција” - практикум,** пријавен од авторката **доц. д-р Марија Ќертакова,** е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе им биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за практикум со наслов „Колекција” – практикум, пријавен од авторката доц. д-р Марија Ќертакова и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензиран практикум, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**М-р Јордан Ефремов, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Соња Јордева, доцент, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ„ЕКСТРАКЦИЈА НА РАСТИТЕЛНИ МАСЛА“ – УЧЕБНИК ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р САЊА КОСТАДИНОВИЌ-ВЕЛИЧКОВСКА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2302-86/8 од 114. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 9.8.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Киро Мојсов, вонреден професор, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– д-р Дарко Андроников, вонреден професор, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за подготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „Екстракција на растителни масла” од вон. проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Екстракција на растителни масла“ (прво издание) е напишан на македонски јазик. Содржината е поделена на предговор и дванаесет поглавја. Составен дел од ракописот е и содржината на целиот материјал поставена на почетокот на ракописот, како и библиографијата на крајот од ракописот.

Ракописот е напишан на едноставен јазик разбирлив за студентите. Содржи информации за начини на екстракција на растителни масла, суровини за нивно производство, како и најсовремени техники за определување на нивниот квалитет. Поради тоа е погоден не само за студентите од Технолошко-технички факултет кои студираат на насока Прехранбена технологија, туку може да го користат студентите при изучување на предметот Квалитет на масти и масла на Земјоделски факултет, насока Безбедност на храна. Опсегот на покриеност на предавањата и вежбите е во согласност со програмата по предметот Екстракција на растителни масла кој се слуша во V (петти) семестар на Факултетот за медицински науки како изборен предмет на студиска програма Фармација со број на часови (2+1+1) од првиот циклус на студии.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е образложен на 155 страници А4 формат. Соодветно и правилно се цитирани 48 референци, истите наведени во поглавјето библиографија. Ракописот е поткрепен со 75 слики и многу табели и шематски прикази за подобро разбирање на техниките и начините на кои функционираат инструментите кои се користат при екстракција на растителни масла. Обемот и содржината на ракописот ги задоволуваат критериумите според бројот на часови за предавања и вежби предвидени за соодветниот предмет на Технолошко-технички факултет, како и според одредбите на Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Краток опис на содржината:** Во овој учебник по предметот Екстракција на растителни масла (прво издание) се објаснети дванаесет поглавја во кои подробно се дискутирани начини на екстракција на растителни масла, суровини за нивно производство, како и најсовремени техники за определување на нивниот квалитет.

Во првото поглавје од овој учебник се дефинирани поимите за заситени и незаситени масни киселини, витамини растворливи во масти и масла, нивни структурни формули и нутритивни вредности.

Во второто поглавје од учебникот се објаснети видови на екстрактори, како и 9 (девет) постапки за екстракција на растителни масла и тоа: екстракција со растворувач, течно-течна екстракција, екстракција по Soxhlet, забрзана екстракција со растворувач, цврсто-фазна екстракција, екстракција со суперкритични флуиди микробранова екстракција, ултразвучна екстракција и дестилација на растителни масла.

Во третото поглавје од овој учебник се објаснети начинот на селекција на суровина, екстракција и контрола на квалитет на најчесто консумирани масла од група на олеинска киселина: маслиново и сончогледово масло.

Четвртото поглавје ги содржи најважните информации за добивање на масла од група на ерucична киселина со посебен акцент на најконсумираното масло од ова група-масло од маслодајна репка.

Квалитетот и безбедноста на рицинусово масло е објаснето во петтото поглавје од овој учебник како најзначаен претставник на масла од група на хидрокси киселини. Лековитите својства и фармаколошката активност на ова масло се дискутирани во однос на неговите квалитативни и квантитативни карактеристики.

Суровини за добивање на сончогледово масло со висока содржина на линолеинска киселина и масло од тиква се посебно дискутирани во шестото поглавје од учебникот. Посебно внимание е посветена на таксономијата и економското значење на маслената тиква како суровина за добивање на масло од тиква. Понатаму, во ова поглавје е дискутиран квалитетот на органско масло од соја и масло од соја добиено од генетски модифицирани сорти на соја.

Неглицеридни компоненти од растителните масла се дискутирани во седмото поглавје од овој учебник со посебен акцент на токофероли и токотриеноли, односно витамин-Е-активни компоненти.

Екстракција и квалитет на есенцијални (терпенски) масла се дискутирани во осмото поглавје на овој учебник. Посебно е објаснета екстракција на масло од канабис како и „enfleurage" техника за добивање на висококвалитетни терпенски масла.

Нутритивни вредности на најчесто употребувани ладноцедени масла во исхраната е дискутирано во деветтото поглавје, како и нивниот ефект врз здравјето на консументите.

Најчесто употребувани хроматографски техники за определување на квалитет на растителни масла се дискутирани во десеттото поглавје со посебен акцент на хроматографија со колона, гасна и течна хроматографија

Единаесеттото поглавје содржи две лабораториски вежби за одредување на квалитетот на зачините ким и спеарминт и контрола на квалитетот на зачините ким, цинамон, каранфилче, кумин и анасон.

Дванаесеттото поглавје претставува преглед на сите стандардизирани ИСО методи за определување на најважните параметри за физичко-хемиски квалитет на растителни масла, како што се: киселински и пероксиден број, јоден и сапунификациски број, густина и индекс на рефракција.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид изложеното, како и основната намена, овој ракопис да биде наменет за студентите од Технолошко-технички факултет, насока Прехранбена технологија, на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип му препорачуваме ракописот под наслов „Екстракција на растителни масла" – учебник (прво издание) од авторот вон. проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска да го прифати како рецензиран учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Киро Мојсов, вонреден професор на Технолошко-технички факултет, с.р.**
**Д-р Дарко Андроников, вонреден професор на Технолошко-технички факултет, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ДИПЛОМАТИЈА” - СКРИПТА ОД ДОЦ. Д-Р АНЕТА СТОЈАНОВСКА-СТЕФАНОВА**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, како и врз основа на Одлуката број 2102-235/8 од 12.10.2021 година, донесена на 252. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ана Никодиновска-Крстевска, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Дејан Мaролов, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај - рецензија на ракописот за е-скрипта со наслов *„Меѓународни односи и дипломатија”* од авторката доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

По прегледувањето на ракописот до Наставно-научниот совет Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**: Ракописот со наслов „Меѓународни односи и дипломатија” е подготвен според стандардната методологија за изработка на ракописи во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Исто така, обемот и содржината на ракописот ги задоволуваат критериумите и одредбите за бројот на часови според погоре наведениот Правилник. Материјалот во овој ракопис е поделен на десет тематски поглавја кои се предвидени со наставната програма по предметот Меѓународни односи и дипломатија.

Ракописот е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип при реализација на наставниот предмет Меѓународни односи и дипломатија, кој се изучува на насоките Бизнис логистика, Бизнис администрација и Туризам во VII семестар, со фонд на часови 2+1+1.

**Податоци за обемот на ракописот**: Ракописот со наслов „Меѓународни односи и дипломатија” од авторката доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова е наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Преку овој ракопис студентите ќе може да стекнат знаења и да стекнат аналитички вештини и компетенции потребни за совладување на предметната материја, со цел реализација на наставните содржини по соодветната наставна програма. Скриптата се состои од 151 страница, систематизирани во десет тематски поглавја. Ракописот е пишуван на македонски јазик, во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**: Ракописот е напишан на едноставен и разбирлив јазик, со јасна стручна терминологија. Трудот, според содржината и начинот на обработка, претставува дело во кое на оригинален начин е опфатена комплексноста на проблематиката поврзана со меѓународните односи и дипломатијата и современите предизвици со кои се соочуваат. Во нашата држава постојат други ракописи кои на информативен начин обработуваат една или дел од застапените теми. Сепак, трудот претставува оригинален научен опус во кој се опсервираат одблиску процесите и ја доловува наставната содржина за реализација на соодветниот предмет. Според сознанијата на рецензентите, во досегашното издаваштво на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип друг ракопис (скрипта) со овој наслов не е објавен.

**Краток опис на содржината**: Ракописот е структуриран со цел полесно да ги воведе студентите во дисциплината, разјаснувајќи ги сите актери кои се значајни за функционирањето на меѓународните односи. Ракописот има десет поглавја.

Првото поглавје е насловено *Државите во меѓународните односи*. Авторката ја претставува државата како субјект на меѓународното право, преку нејзините елементи: население, територија, власт, суверенитет и способност да стапува во односи со други субјекти на меѓународното право.

Во второто поглавје *Видови држави и форми на здружување на народите во меѓународните односи* се претставени видовите држави, функциите и надлежностите на државите, како и формите на здружување на народите во меѓународните односи.

Третото поглавје е насловено *Правото на народите на самоопределување* го претставува човекот кој се наоѓа во средиштето на меѓународните односи, како и меѓународно-правната заштита на човекот низ актите кои се донесени. Со посебно внимание се претставува правото на народите на самоопределување како колективно човеково право.

Четвртото поглавје со наслов *Признавање на државата во меѓународното право и меѓународните односи* ги обработува теориите и методите за признавање на државата во меѓународното право и меѓународните односи, како и правилата кои важат за признавање на државите во меѓународниот поредок.

Во петтото поглавје со наслов *Дипломатски и конзуларни работи* е претставена дипломатијата и нејзината улога во меѓународните односи. Претставена е и работата на дипломатско-конзуларните мисии преку Виенските конвенции.

Шестото поглавје е насловено *Теории за водење на меѓународните односи* се прикажани доминантните и алтернативните теории за водење на меѓународните односи.

Во седмото поглавје со наслов *Меѓународни организации* се претставени меѓународните организации како субјекти на меѓународното право, Организацијата на Обединетите нации, како и со постапката за членство на државите во Обединетите нации.

Во осмото поглавје насловено *Облици на организација на моќта во меѓународното општество* се претставени теми за правото, моќта и политиката во меѓународното општество. Прикажани се и правата и должностите на државите во меѓународните односи, како и улогата на Обединетите нации во справување со заканите за мирот и безбедноста.

Во деветтото поглавје со наслов *Глобализациски процеси во меѓународните односи* авторката ја претставува глобализацијата, пред сè политичката глобализација, делувањата на државите и нивните дипломатии во услови на глобализација, како и прашања поврзани со создавањето и појавата на глобална култура и глобална цивилизација.

Во десеттата тематска единица насловена *Современи предизвици во меѓународните односи и дипломатијата* се претставени современите случувања пред кои се исправени дипломатијата и меѓународните односи.

Материјата во десетте поглавја е презентирана со јасен, студиозен, стручно-методолошки пристап и низ табеларни и графички примери. Во разработка на поставените теми во трудот, авторката со разбирлив и стручен академски стил на пишување пристапува кон структурирање на проблематиката и користениот материјал во конечното обликување на трудот што е пред нас. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал се очекува студентите без тешкотии да ја совладаат оваа материја.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниов

## З А К Л У Ч О К

Материјата обработена во е-скриптата со наслов „Меѓународни односи и дипломатија“ во целост ги задоволува потребите на наставниот план и програма по предметот предвидена за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Како рецензенти на овој ракопис, цениме дека скриптата е конципирана и напишана на соодветен и разбирлив начин.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање скрипта според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му **препорачуваме ракописот „Меѓународни односи и дипломатија” од доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова да биде издаден како скрипта**.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Ана Никодиновска, вонреден професор**
**на Правен факултет,Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.**
**Д-р Дејан Маролов, вонреден професор на Правен факултет,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**

## Р Е Ц Е Н ЗИ Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ДИПЛОМАТИЈА” -ПРАКТИКУМ ОД ДОЦ. Д-Р АНЕТА СТОЈАНОВСКА-СТЕФАНОВА

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, како и врз основа на Одлуката број 2102-235/7 од 12.10.2021 година, донесена на 252. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ана Никодиновска-Крстевска, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Дејан Маролов, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај - рецензија на ракописот за е-практикум со наслов *„Меѓународни односи и дипломатија”* од авторката доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледувањето на ракописот до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**: Ракописот со наслов „Меѓународни односи и дипломатија” е подготвен според стандардната методологија за изработка на ракописи во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Исто така, обемот и содржината на ракописот ги задоволуваат критериумите и одредбите за бројот на часови според горенаведениот Правилник. Материјалот во овој ракопис е поделен на десет тематски поглавја кои се предвидени за обработување на часовите по вежби на студентите по предметот Меѓународни односи и дипломатија со цел поттикнување на аналитички вештини кај студентите и теоретско-практичен приказ на изучената материја.

Ракописот е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип при реализација на наставниот предмет Меѓународни односи и дипломатија кој се изучува на насоките Бизнис логистика, Бизнис администрација и Туризам во VII семестар, со фонд на часови 2+1+1.

**Податоци за обемот на ракописот**: Ракописот со наслов „Меѓународни односи и дипломатија” од авторката доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова е наменет за студентите од прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Преку овој ракопис студентите ќе може да добијат основни сознанија, компетенции и практични вештини потребни за совладување на предметната материја за реализација на наставните содржини по соодветната наставна програма. Практикумот се состои од 77 страници кои се систематизирани во 10 десет тематски поглавја. Ракописот е пишуван на македонски јазик, во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонтот Ариал, со големина на буквите 11.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**: Ракописот е концепиран и напишан на едноставен и разбирлив јазик, со јасна терминологија, разбирлива за студентите. Согласно со сознанијата на рецензентите, во досегашното издаваштво на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип не е објавен друг практикум кој на ваков начин ја разработува наставна проблематика.

**Краток опис на содржината**: Со цел да се олесни пристапот во учењето и совладувањето на наставната содржина на предметот Меѓународни односи и дипломатија, тематските единици во овој ракопис се креирани да поттикнат аналитички вештини и да

им овозможат на студентите да го применат стекнатото теоретско знаење во практична реализација.

Секое тематско поглавје е креирано во согласност со соодветната тематска единица од предметната програма по предметот. Преку реализација на соодветните прашања за истражување и вежби, студентите имаат можност за практична разработка и дополнување на стекнатото знаење за соодветното тематско поглавје. Ракописот преку креираните поглавја за истражување, анализа и размислување, за време на вежбите ги оспособува студентите за практично разбирање на поимите, случувањата и процесите. Ракописот е структуриран со цел полесно да ги воведе студентите во дисциплината, разјаснувајќи ги сите актери кои се значајни за функционирањето на меѓународните односи и водењето на дипломатијата.

Ракописот има десет поглавја.

Првото поглавје насловено *Државите во меѓународните односи* содржи дваесет и пет прашања за истражување поврзани со државата како субјект на меѓународното право и меѓународните односи, со главните белези на државата и нејзината улога во меѓународните односи.

Второто поглавје *Видови држави и форми на здружување на народите во меѓународните односи* содржи дваесет и шест прашања за истражување кои се однесуваат на видовите држави, функциите и надлежностите на државите, како и формите на здружување на народите во меѓународните односи.

Третото поглавје насловено *Правото на народите на самоопределување* содржи седумнаесет прашања за истражување поврзани со правото на самоопределување како колективно човеково право и со индивидуата, односно човекот кој се наоѓа во средиштето на меѓународните односи.

Четвртото поглавје со наслов *Признавање на државата во меѓународното право и меѓународните односи* содржи петнаесет прашања за истражување, анализа и вежби поврзани со теориите и методите за признавање на државата во меѓународното право и меѓународните односи, како и за правилата кои важат за признавање на државите во меѓународниот поредок.

Петтото поглавје со наслов *Дипломатски и конзуларни работи* од содржински аспект се состои од дваесет и девет прашања за истражување кои се поврзани со еволуцијата на дипломатијата, со дипломатските активности и положбата и улогата на амбасадорите согласно Виенските конвенции, како и прашања поврзани со надворешната политика на државите и факторите кои влијаат на водењето на надворешната политика.

Шестото поглавје насловено *Теории за водење на меѓународните односи* се состои од деветнаесет прашања поврзани со доминантните и алтернативните теории за водење на меѓународните односи. Прашањата се конципирани за разработка на реализмот, институционализмот, либерализмот, марксизмот, конструктивизмот, деконструктивизмот, радикализмот и останатите теории.

Седмото поглавје со наслов *Меѓународни организации* од содржински аспект се состои од дваесет и пет прашања за истражување поврзани со меѓународните организации како субјекти на меѓународното право, понатаму разработува прашања за делувањето на Организацијата на Обединетите нации, како и со постапката за членство на државите во Обединетите нации.

Осмото поглавје насловено *Облици на организација на моќта во меѓународното општество* се состои од петнаесет прашања за истражување кои се поврзани со правото, моќта и политиката во меѓународното општество, со правата и должностите на државите во меѓународните односи како и со улогата на Обединетите нации во справување со заканите за мирот и безбедноста.

Деветтото поглавје со наслов *Глобализациски процеси во меѓународните односи* содржи дваесет и пет тематски прашања поврзани со глобализацијата, пред сè политичката глобализација, со делувањата на државите и нивните дипломатии во услови на глобализација, како и прашања поврзани со создавањето и појавата на глобална култура и глобална цивилизација.

Десеттата тематска единица насловена *Современи предизвици во меѓународните односи и дипломатијата* се состои од триесет и пет прашања за истражување кои се однесуваат на предизвиците кои ги носи дигиталната ера и останатите современите предизвици во дипломатијата и меѓународните односи.

Како рецензенти на овој ракопис, цениме дека практикумот е конципиран и напишан на соодветен и разбирлив начин. Ракописот е пишуван на македонски јазик и истиот може да се користи од страна на сите единици и субјекти на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Од содржински аспект и од аспект на обемност, овој ракопис ги задоволува барањата предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, како и критериумите и одредбите за бројот на часови според горенаведениот Правилник.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на гореизнесеното за ракописот „Меѓународни односи и дипломатија”, може да се заклучи дека овој ракопис придонесува за проширување и надополнување на наставната содржина, а сето тоа во согласност со студиската програма и наставните програми за студентите при реализација на наставната програма по предметот Меѓународни односи и дипломатија (VII семестар, број на часови 2+1+1) на насоките Бизнис логистика, Бизнис администрација и Туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за кои ракописот е од посебна важност.

Конкретното и јасно презентирање на содржината на прашањата за истражување во тематските поглавја се очекува во потполност да им го олесни пристапот на студентите во совладување на наставната материја.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест да му го предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **е-практикумот со наслов „Меѓународни односи и дипломатија” од авторката доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Ана Никодиновска, вонреден професор**
на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.
**Д-р Дејан Маролов, вонреден професор**
на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА УЧЕБНИКОТ „ПРЕТПРИЕМНИШТВО“ ОД Д-Р МАРИЈА МАГДИНЧЕВА-ШОПОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип, како и Одлуката бр.2102-235/6 од 252. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 12.10.2021 година, избрани се следните рецензенти:

– д-р Мичо Апостолов, редовен професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
– д-р Неда Петроска-Ангеловска, редовен професор на Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

за изготвување извештај - рецензија на приложениот ракопис **„ПРЕТПРИЕМНИШТВО“** од **проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „ПРЕТПРИЕМНИШТВО“ е наменет првенствено за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика како основна литература при реализација на наставната програма по задолжителниот предмет Претприемништво и мал бизнис (I семестар, фонд на часови 2+2+1) на насоката Бизнис логистика во Гевгелија, Штип и во Скопје и Бизнис администрација во Штип и во Скопје, како и изборниот предмет Претприемништво, гастрономија и исхрана во Штип, на насоката Туризам во Гевгелија и во Штип и на Хотелско-ресторанска насока во Штип (IV семестар, број на часови 2+1+1 ).

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка, големина на буквите 11 и има вкупно 260 страници. Предложениот обем и содржината ги задоволуваат критериумите според предвидениот број часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите од прв циклус студии и е подготвен со цел студентите да се стекнат со основни сознанија од областа на Претприемништвото и малиот бизнис.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на оригинален начин, со јасен и разбирлив јазик. Ракописот методолошки е структуриран во десет тематски целини-глави кои меѓу себе се надополнуваат.

Секоја тематска целина започнува со кратко информативно појаснување за содржината на тематската целина која е предмет на обработка во истата, а на крајот завршува со дел наменет за прашања за истражување и дискусија. Учебникот се состои од десет тематски целини: 1. Претприемништвото во економската теорија; 2. Предизвици на претприемништвото 3. Предуслови за успешни претприемачки претпријатија; 4. Организациска култура кај претприемачки претпријатија; 5. Бизнис план; 6. Основање на ново претпријатие; 7. Купување на постојно претпријатие; 8. Фамилијарни претпријатија; 9. Франшиза и 10. Современи форми на претприемништвото.

Во првата глава, насловена како *Претприемништвото во економската теорија*, се обработени најелементарните поими кои се однесуваат на запознавање со поимот

претприемништво, природата на претприемништвото, современо дефинирање на претприемништвото и поврзаноста на претприемништвото и малите претпријатија. Втората глава ги разработува предизвиците на претприемништвото, причините за започнување со претприемачка активност, карактеристиките и способностите на претприемачот. Претприемачката ориентација, креативноста и иновативноста, процесот на креирање на идеја и планирањето и подготовките пред започнување со бизнис се предмет на објаснување во третото поглавје. Во четвртото поглавје е обработен концептот на организациската култура кај претприемачки претпријатија како современ менаџмент концепт. Во петтата глава е објаснета потребата од изработка на бизнис план, содржината на бизнис планот, принципите за изработка на бизнис план и можните грешки при изработка на бизнис планот. Физибилити студијата за основање на ново претпријатие и сите аспекти поврзани со основањето на претпријатијата се објаснети во шестата глава. Во седмата глава од ракописот насловена *Купување на постојно претпријатие* е објаснет процесот на купување на постојно претпријатие, како и можности и ограничувањата за идниот претприемач од купувањето на постојно претпријатие.

Осмата глава ги разработува фамилијарните претпријатија, поврзаноста на фамилијата и бизнисот и наследувањето на фамилијарните претпријатија. Дефинирањето на франшизата, можности и ограничувања од склучениот договор за франшиза за сопственикот на франшизата и корисникот на франшизата се објаснети во деветтата глава. Последната десетта глава ги објаснува современите форми на претприемништвото, односно корпоративното и социјалното претприемништво, како и разликите меѓу традиционалното и социјалното претприемништво.

Составен дел на секоја тематска единица, а со цел на студентите да им се овозможи поедноставен пристап во совладување на материјата, разбирање на темите кои се обработени и поврзување на теоретските со практичните концепти, по завршување на секоја тематска единица, содржани се прашања за истражување и дискусија и прикажани и дел насловен како Студирање преку пример. Ваквиот начин на конципирање на материјата им овозможува на студентите самите да проверат дали целосно ја разбрале наставната материја, со цел олеснување на студентите во подготвувањето на испитот по предметите Претприемништво и мал бизнис и Претприемништво. Крајот на ракописот за учебник е соодветно нотирање на библиографските единици на користена и консултирана литература, од домашни и странски автори, а се однесуваат на монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници.

Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Преку начинот на обработка на материјата, авторката покажува големо стручно и научно познавање на проблематиката која е предмет на обработка. Начинот на презентирање на материјата од областа на претприемништвото е поврзан со примери од праксата, со што се прави поврзување на теоријата со практиката. Целосното и експлицитното презентирање на проблематика од областа на претприемништвото претставува предуслов и создава можност за користење на овој ракопис не само за студентите, туку и пошироко.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот **„ПРЕТПРИЕМНИШТВО“** од авторката **проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова** претставува стручна публикација која содржи голем број елементи од истражувачкиот, практичниот и наставно-образовниот пристап во областа на претприемништвото. Обработените тематски единици се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Претприемништво и мал бизнис.

Предложениот ракопис претставува успешен обид на авторката да претстави научен материјал со висок квалитет, кој им овозможува на студентите и корисниците стекнување пошироки знаења од областа на претприемништвото.

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис-учебник насловен како „**ПРЕТПРИЕМНИШТВО“** е во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика и содржините на предметот Претприемништво и мал бизнис. Од научен и педагошки аспект, предложениот ракопис го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии.

Оттука, како Рецензентска комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **со задоволство му предлагаме ракописот „ПРЕТПРИЕМНИШТВО“ од авторката вон. проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова да го прифати како учебник.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Мичо Апостолов, редовен професор,**
**Факултет за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**
**Д-р Неда Петроска-Ангеловска, редовен професор,**
**Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИС (УЧЕБНИК) СО НАСЛОВ „ТРГОВСКО ПРАВО” ОД ПРОФ. Д-Р БОРКА ТУШЕВСКА-ГАВРИЛОВИЌ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-110/7 од 25.8.2021 година, од редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 24.8.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Горан Коевски, редовен професор, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
– д-р Дарко Спасевски, вонреден професор, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (учебник) по предметот **Трговско право** од **проф. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ,** наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Трговско право“ претставува учебник по Трговско право. Во овој учебник авторката се фокусирала на повеќе прашања од областа, вклучувајќи прашања од статусно-правен и договорен карактер, прашања за хартии од вредност, аспекти на конкурентското право и основи на стечајот како материјално-правен и процесно-правен институт.

Преку продлабочена анализа на материјалот елабориран во учебникот, авторката успеала на систематски и конзистентен начин да ја структурира содржината во учебникот, опфаќајќи ги фундаменталните поими и концепти на статусното трговско право, на трговските именувани и неименувани договори, на дел од хартиите од вредност, основните концепти на конкурентското право и стечајот.

При изработка на учебникот, авторката тргнува од еден однапред структуриран концепт на пишување и истиот во континуитет го применува на сите тематски едници елаборирани во учебникот. Концептот по којшто авторката пишува го базира на три аспекти на обработување на материјата, и тоа: важечка законска рамка во Република Северна Македонија, релевантни и авторитетни теоретски становишта за елаборираните прашања и релевантна судска и арбитражна практика.

Запазувајќи го во целост континуитетот во систематиката на пишувањето, авторката во ниту еден сегмент не отстапува од утврдената структура и содржина и на тој начин успева да создаде прегледен, прецизен, јасен и лесно читлив материјал за студентите, материјал којшто е компатибилен на потребните и стандардите на универзитетски учебник.

Учебникот по предметот Трговско право е наменет за студентите на прв циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во рамки на студиската програма на правните студии, предметот Трговско право има статус на задолжителен предмет, со фонд на часови 2+2+1, и носи 6 (шест) кредити според ЕКТС. По основ на овие параметри, критериуми и стандарди, авторката ја подготвила содржината и структурата на учебникот, водејќи сметка за нејзината компатибилност со наставната програма што ја изучуваат студентите по предметот Трговско право.

Со објавувањето на ова учебник, студентите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ќе имаат можност материјалот предвиден во наставниот план и програма по предметот Трговско право да го совладаат на поедноставен начин, проучувајќи ги не само важечките законски решенија, туку и релевантните академски ставови и релевантната домашна и меѓународна судска и арбитражна практика.

Овој начин на пишување на учебникот им дава можност на студентите да ја совладаат и практичната примена на националните законски решенија и меѓународните решенија содржани во конвенции, директиви и регулативи на ЕУ од областа на трговското право. Дополнително, учебникот изобилува со релевантна судска и арбитражна практика, како логистика и надградба на теоретски знаења на студентите.

**Податоци за обемот на ракописот**: Учебникот по Трговско право има 370 страници напишани во А4 формат, со фонд на буки Ариал и големина на фонд 11. Обемот на содржината ги задоволува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Според сознанијата на Рецензентската комисијата, овој учебник претставува надградба на авторизираните предавања (скрипта) со наслов „Трговско право“, објавени од авторката во 2017 година, со издавач Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, и истиот опфаќа материја којашто содржински и структуролошки не е елаборирана во друг учебник по Трговско право во Република Северна Македонија. Вметнувајќи нови поглавја во учебникот, авторот ги проширува своите авторизираните предавања објавени во 2017 година, обработувајќи нови институти на автономната трговска практика, кои на студентот ќе му ги прошират знаењата и ќе го оспособат за практична работа.

Конципирајќи еден ваков материјалот, студентите ќе имаат можност на едно место, на систематизиран и концизен начин, да ги совладаат сите овие аспекти на трговско право, а во еден поширок контекст и на деловното право.

Според сознанијата на Рецензентската комисија, во овој учебник се вклучени научни резултати и сознанија до кои авторката има дојдено во текот на истражувањето во целата научноистражувачка кариера. Дел од овие сознанија се веќе објавени во релевантни научни и стручни извори од областа на трговското право, а дел претставуваат нови истражувања, приспособени, продлабочени и направени за потребите на овој учебник. За истакнување е фактот што авторката користи релевантна научна и стручна литература, што му дава дополнителна вредност на дело. Конечно, за истакнување е тоа што во одредени сегменти, каде што авторката сметала дека има потреба, вклучува и потемелна теоретска анализа, проблематизирајќи одредени аспекти, истовремено давајќи одговор на истите.

Ценејќи го пристапот на елаборирање на материјата, структурата и содржината, методологијата и литературата, анализата на практичните аспекти на обработените прашања, констатираме дека овој учебникот претставува оригинално авторско дело на авторот, со кое авторката покрај тоа што покажува дека ја владее материјата, покажува познавање на еден учебникарски стил на пишување, приспособен за потребите на студентите. Истовремено, овој материјал претставува збогатување на научната литература на нашата академска заедница. Земајќи ги предвид потребата, намената, местото, улогата и значењето на трговското право во образованието на правниците, сметаме дека учебникот ќе биде исклучително корисен за студентите, а се разбира може да послужи и на пошироката академска заедница, особено практичарите.

**Краток опис на содржината:** Основниот текст на учебникот е поделен на четири (4) дела, во коишто се содржани осум (8) глави. Во секоја од главните се вклучени по неколку поглавја, компатибилни на структурата и на содржината на учебникот. Авторката го структурурала материјалот почнувајќи од конкретни фундаментални прашања на статусниот дел на трговското право. Пред да навлезе во анализа на посебните прашања, авторката се занимава со општиот поим на трговското право, преку разграничувањето на трговското право од другите јавни и приватно правни дисциплини, преку основањето на трговците, до нивното престанок како субјекти на правото. Понатаму, авторката навлегува во договорниот дел на трговското право, обработувајќи ги посебно именуваните и неименуваните договори. Во продолжение на материјалот, авторката вклучува еден дел за хартии од вредност, а завршува со основите аспекти на конкурентското право. Целокупната структура и содржина на материјалот, авторката го определува врз основа на прашањата кои се предвидени во наставниот план и програма по предметот Трговско право.

Во глава прва авторката ги објаснува општите аспекти на трговското право, почнувајќи од поимот и предметот на трговското право. Во продолжение на овие прашања од општ карактер, авторката го расчистува односот на трговското право со другите гранки од јавниот и приватниот систем на правото во Република Северна Македонија. Елаборирањето на оваа прашање е исклучително битно за студентите на почеток од проучувањето на материјата да добијат јасна претстава за местото на трговското право во правниот систем на Република Северна Македонија, а со тоа да ја осознаат и природата на проблематиката што ја уредува оваа правна гранка. На овој начин стекнуваат претстава што ќе изучуваат по трговско право, кои дилеми и спорови може да ги расчистуваат и решаваат со правилата на трговското право. Хронолошки, во оваа глава, авторката продолжува со елаборирање на историските аспекти на трговското право, односно почетоците на трговското право, неговиот развој низ правните системи во компаративна смисла и на крај состојбата во која трговското право како правна гранка се наоѓа денес.

Во оваа глава, авторката го определува и поимот трговец, расчистувајќи го трговецот од останатите субјекти на правото, истовремено укажувајќи на важноста на оваа прашање и потребата од примена на различен правен режим на истите. За разграничување на трговците од другите субјектите во прометот на стоки и услуги, авторката во оваа глава ги вклучува и прашањата за белезите на трговците, постапката за регистрација, критериумите за разликување предвидени во релевантното законодавство. Во контекст на разграничувањето на трговците од другите субјекти, авторот во глава прва го објаснува и поимот на трговец-поединец.

Авторката го вклучува и прашањето за разграничувањето на претпријатието од трговецот, со цел да ги отстрани заблудите за овие две различни категории. На крај, авторката ја затвора оваа глава со прашањето за имотно-правниот режим на трговецот како посебен правен субјекти преддруштвото кое му претходни на трговецот во постапката за регистрација. Обработувајќи ги правилата за регистрација на трговците, авторката не ја пропушта можноста и овде да им објасни на студентите дека станува збор за управна постапка и оваа прашање да го доведе во врска со останатите прашања кои ги обработува во оваа глава. Овој системски принцип на работа и поврзување на институтите на трговското право е присутен во елаборирањето на целокупната материја на учебникот.

Во втората глава од учебникот авторката пристапува кон анализа на посебните видови на трговски друштва, капитални и персонални трговски друштва, уредени согласно со важечкото законодавство во Република Северна Македонија. Во одредени сегменти и за појаснување на одредени прашања, авторката прави и компаративна анализа, споредувајќи ги споредбено-правните решенија од регионот и пошироко, со решенијата во Македонскиот правен систем. Во оваа глава авторот го обработува прашањето за основањето на трговците, елаборирајќи ги сите специфики на постапките на основањето, разграничувајќи го основањето на персоналните од капиталните трговски друштва, а со тоа отвора и други прашања кои претставуваат вовед во понатамошните поглавја кои се однесуваат на концептот на одговорност, управување, престанок итн.

Третата глава од учебникот е посветена на застапувањето според македонското право, обработувајќи го поимот на „застапување“ наспроти „управувањето“ во друштвата, а и видовите на застапништва што се познати во македонскиот правен систем. Повикувајќи се на релевантното законодавство во Република Северна Македонија, а и бројните научни и стручни дела во овој сегмент, авторката посебно се задржува на видовите на застапување и тоа: застапник по закон, застапник по полномошно, прокура, трговски полномошник и трговски патник.

Водејќи сметка хронологијата и логиката за елаборирање на предвидените теми во наставнит материја, авторката во глава четврта се занимава со прашањето за престанувањето на трговците, и тоа условите и постапката. Во оваа глава авторката ги анализира фундаменталните аспекти на материјата на стечајот и ликвидацијата, настојувајќи да студентите стекнат елементарни знаења од оваа област, а базично да ги видат условите и начинот на престанок на трговците. Во обработувањето на оваа глава од учебникот, авторката се фокусирала поимот, целите и условите за отворање на стечајна постапка, органите на постапката, а особено внимание посветил на правните последици од

отворањето на стечајната постапка врз трговецот/должникот. Во овој дел од учебникот, авторката направила аналитичко-дескриптивна анализа и обработка и на прашањето за одговорноста на стечајниот управник. Од материјалот обработен понатаму во текстот, јасно е дека идејата да се пишува оваа прашање е последица на поврзаноста на истото со бројни и хетерогени други аспекти од статусниот и договорниот дел на учебникот. Главата завршува со обработување на прашањето за ликвидација на трговците. Конечно, со завршување на оваа глава од учебникот, завршува и обработката на статусниот дел, а започнува договорниот дел на трговското право, кое понатаму вклучува и други сегменти во истражувањето.

Во глава петта, авторката започнува со договорниот дел на трговското право. Како воведна во овој дел, авторката обработила неколку прашања од општ карактер и значења, и тоа за повеќе одделни теми од учебникот. Во оваа глава авторката се занимава со елаборирање на основните правила за сите видови на трговски договори, ги разграничува во однос со останатите договори, и, конечно, укажува на спецификите на секој од нив. Во оваа глава, авторката ги вклучува и основните принципи/начела на кои се базира трговското право, посветувајќи посебно внимание на начелото на совесност и чесност. Понатаму, навлегува во елаборирањето на одделните фази на склучување на договорите, при што фокусот го става на преговорите, понудата, прифаќањето на понудата, перфекцијата на договорите, карактерот на општите и посебните услови за работење на трговците итн. Во овој сегмент, како општо прашање се занимава и со исполнувањето на договорите, како и последиците од неисполнувањето. Како завршна проблематика во овој дел од учебникот, авторката го проучува и прашањето за правните последици од неисполнувањето на договорот, односно повреда на договорот.

Проучувајќи ги овие неколку општи прашања, со фундаментална вредност за темелно совладување на трговското право, авторката сакала и успеала во тоа да создаде теоретска база за студентите, која ќе им биде од корист при проучување на конкретните институти на трговското статусно, особено трговското договорно право.

Глава шеста од учебникот се однесува на проучувањето на договорите кои имаат трговски карактер, и тоа како именуваните, така и неименуваните договори. Во анализата на сите предвидени договори, авторката се служи со унифициран модел на презентирање на материјалот, почитувајќи ја поставената структура на елаборирање во целиот дел на договорното право. Авторката започнува со договорот за продажба, како фундаментал договор во секојдневниот промет на стоки и услуги. Договорот за продажба е анализиран од повеќе аспекти, поточно користејќи теорија, практика и релеватно законодавство во Република Северна Македонија. Договорот за продажба е проучуван од аспект на националното законодавство, меѓутоа, и од аспект на меѓународните извори, пред сè Виенската конвенција за меѓународна продажба на стока. Овој пристап му дава посебна вредност на овој дел, бидејќи и Виенската конвенција ратификувана од страна на Република Северна Македонија.

Покрај на продажбата, авторката посветува посебно внимание и на договорите за превоз и тоа во сите сообраќајни гранки: копнениот, железничкиот, авионскиот итн. Ова од една страна како дополнување на договорот за продажба, а од друга како нужност во целокупниот синџир на пренос на стоки. Во овој дел, авторката особено внимание посветила на поимот и видовите на транспортни документи што ги издаваа превозниците, на начин што ќе се затвори едно комплексно прашање од областа на деловното право, а тоа е одговорноста за штета причинета за време на реализирање на транспортните маршрути. Во овој дел, авторката го објаснила и концептот на мултимодален и сукцесивен превоз, што им служи на студентите во обработувањето на прашањето за одговорноста во случај на превоз на стока. Следствено и логично на овие прашања, во продолжение во шестата глава од учебникот, авторката пристапува кон анализа на договорот за комисион и договорот за шпедиција, чие обработување логично се наметнува на продажбата. Во овие договори авторката се фокусирала на спецификите во договорите за шпедиција и комисион, посветувајќи посебно внимание на видовите на комисион и видовите на шпедиција. Авторката посветила посебно внимание на договорот за осигурување, анализирајќи го по веќе поставениот концепт и доведувајќи го во врска со договорот за превоз, шпедиција, застапување.

За истакнување е фактот што авторката прави една продлабочена анализа на овие договори, користејќи и компаративен метод, а покрај законските решенија и анализата на меѓународните извори, користи и судска и арбитражна практика. Во оваа глава, авторката продолжува со анализа на другите именувани договори и тоа: застапување, контрола на стока и услуги, складирање, посредување, осигурување итн. При анализата на овие договори, авторката го користи унифицираниот концепт на изложување на материјата тргнувајќи од поимот, предметот, правата и обврските на договорните страни, спецификите на носителот на карактеристичната обврска во договорот. Во обработката на оваа глава од учебникот, авторката успеала да ги обработи договорите на начин што заедничките нишки и карактеристики на сите договори ги истакнала, ги поврзала на системски начин, како на читателот ќе му биде овозможено паралелно да ги проучува институтите и да ги согледува предносите и слабостите, односно разликите и заедничките особини.

Во оваа глава авторката анализира и неколку договори на автономната трговска практика, и тоа лизингот, франшизингот, форфертингот, лиценцата, договорот за know how. Во воведните аспекти од образложението на овие договори, авторката го запознава студентот/читателот со самата дејност, со цел на полесен начин да го доближи поимот, значењето и улогата на овие интитути, а понатаму, по истиот концепт како и кај останатите договори ги објаснува поимот, предметот, правата и обврските од договорот. Во суштина, ова е најголемиот дел од учебникот, што е компатибилно и на најголемиот фонд на часови којшто согласно со наставниот план и програма е предвиден по предметот Трговско право.

Во седмата глава од ученикот, обработени се прашањата за меницата и акредитивот, како најексплоатирани инструменти во банкарскиот сектор, а во функција на олеснување и обезбедување на прометот на стоките и услугите. Авторката во овој дел особено се посветила на видовите на меница и акредитиви и преку обработување на карактеристиките на истите успеала на успешен начин да презентира материјал којшто ги опфаќа сите аспекти на оваа материја. Додадена вредност на овој дел од учебникот претставува фактот што авторката успеала и анализата од меницата и од акредитивот да ги стави во функција на договорите за превоз, договорот за продажба, договорот за шпедиција, меѓународната трговска практика во делот на плаќањето на прометот на стоки итн. Токму овој пристап на пишување на учебникот ја создава можноста за системско проучување на материјата.

Во последната осма глава од учебникот, авторката ги анализира основните концепти на конкурентското право, како база во понатамошното навлегување во материјата на конкурентското право. Во овој дел, презентирана е една хронологија на развојот и значењето на конкурентското право во Република Северна Македонија. Со оваа глава од учебникот авторката ја заокружува содржината на материјалот предвиден во наставниот план и програма по Трговско право и на студентите им презентира еден концизен, прецизен и опфатен материјал којшто опфаќа повеќе аспекти на трговското право, а во поширока смисла и на деловното право.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По анализата на содржините во учебникот, Рецензентската комисија констатираше дека материјалот обработен во учебникот со наслов „Трговско право", покрај другото, во целост ги задоволува и потребите на наставниот план и програма по предметот Трговско право.

Според начинот на којшто овој материјал е структуриран, презентиран и елабориран, овој материјал ги исполнува сите стандарди на учебник, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делев" во Штип во совладувањето на наставната материја по предметот Трговско право.

Авторката успеала на сумарен и прецизен начин користејќи референтна литература да ја презентира материјата и истата низ призмата на релевантни судски и арбитражни пресуди да ја презентира и практичната примена на законските решенија. Иако авторката генерално се фокусирала на позитивното право и реалната судска практика, како материјал потребен и подобен за студентите на прв циклус правни студии, сепак, во одредени сегменти, авторката се впушта и во теоретска расправа, што му дава дополнителна вредност на материјалот. Тоа е направено на соодветен начин, без да се создава конфузија кај студентите, туку напротив, и покрај проблематизирањето на одредени прашања, авторката дава одговор и го насочува студентот дека треба критички да размислува и да ги доведува во врска постојните решенија, со реалните потреби во стопанството, потрошувачкиот сектор и пошироко.

Одвојувајќи го битното од помалку битното, без да се запостави кој било битен сегмент на трговското право, на мислење сме дека авторката ја постигнала главната цел на изработка на овој учебник и тоа: да придонесе во процесот на полесно и системско совладување на ова материја од страна на студентите.

Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на универзитетски учебник. Оттука, задоволство ни е на наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да му предложиме да донесе одлука за усвојување на оваа рецензија и да го одобри издавањето на овој материјал како учебник по Трговско право наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при УГД.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Горан Коевски, редовен професор, с.р.
Д-р Дарко Спасевски, вонреден професор, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ (УЧЕБНИК) „ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ” ОД ВОН. ПРОФ. МАРИЈА АМПОВСКА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1102-127/4 од 25.10.2021 година од редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 21.10.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
– д-р Кристина Мишева, вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (учебник) „**Право на осигурување**” **од авторката вонреден професор д-р Марија Амповска,** наменет за студентите на прв и на втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По внимателно читање на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Право на осигурување“ претставува учебник кој е наменет како основана и задолжителна литература за изучување на истоимениот предмет Право на осигурување. Според актуелната студиска програма за прв циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” предметот Право на осигурување е предвиден како изборен предмет на прв циклус студии, за студентите на правни студии во Штип и во Струмица, во рамките на следниве модули: Граѓанско право, Деловно право и Финансово право во VII семестар, со фонд на часови 3+2+1 и 8 кредити. Содржината на учебникот во целост соодветствува со наставната програма за предметот Право на осигурување и ја опфаќа целосно наставната материја за оваа студиска програма.

Учебникот е наменет и според содржината одговара и може да се користи како дел од задолжителнита литература за втор циклус студии за студиска програма:

двогодишни студии по граѓанско право во чии рамки е предвиден предметот Право на осигурување и супервизија на осигурувањето, како изборен предмет во трети семестар, со фонд на часови 3+2+2 и број на кредити 8.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на учебникот „Право на осигурување“ е претставена на вкупно 315 страници во А4 формат, со проред 1, а употребен е фонт на букви Arial и големина на букви 11, согласно со Упатство за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (ОИДК. ОБ.15). Сметаме дека обемот на содржината на учебникот ги задоволуваат критериумите според бројот на часови предвидени за истоимениот предмет според наставната програма и силабусот и истиот е во согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во домашната правна литература и помеѓу универзитетските учебници, според она што им е познато на рецензентите, досега не е објавен учебник по Право на осигурување. Од големо значење е објавувањето на учебникот „Право на осигурување“, бидејќи за првпат со него се систематизира материјата во една целина која соодветствува со наставната програма и потребите од изучување на овој предмет. На студентите за првпат ќе им биде ставен на располагање

академски учебник кој содржи теоретска обработка на сите значајни прашања и теми на правото на осигурување, како и приказ на компаративна теорија и практика на одредени прашања кои му припаѓаат на правото на осигурување, со цел материјата да се доближи до студентите и истите полесно да ја спознаат и да ги утврдат стекнатите знаења. Во учебникот се содржани научните сознанија до кои авторката има дојдено во текот на својата повеќегодишна научноистражувачка дејност која во континуитет на полето на отштетното, облигационото право и правото на осигурување, со што консултирана е во значаен обем домашна и странска релевантна правна литература и авторката покажува значајно познавање на материјата. Според нашите сознанија и поради следењето на научниот развој на авторката можеме да констатираме дека дел од материјата обработена во овој учебник се веќе објавени од страна на авторката во соодветни публикации во текот на овие години. Другиот дел од обработената материја се нови научни текстови, оригинални и создадени само за целите на овој учебник, со цел поврзување на целата материја на правото на осигурување, нејзино дополнување, продлабочување и приспособување на намената оваа публикација да се користи како учебник за студентите на правни студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и на правните факултети, факултетите за осигурување и секаде каде што се проучува материјата на правото на осигурување во нашата држава. Начинот на кој е обработена материјата, обработката на методските единици, користената литература и коментирањето на одредените одредби и практика го прави учебникот оригинално авторско дело на авторката во кое е сублимирано солидното познавање на материјата. Овој учебник воедно претставува значајно збогатување на научната литература на нашата академска заедница. Така како што е конципиран, сметаме дека учебникот ќе биде користен особено за студентите за високообразовниот процес и целата академска заедница, но содржините се интересни и за правните практичари и сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Целокупната материја на правото на осигурување во рамките на овој учебник е поделена на 12 глави кои соодветствуваат на наставните единици предвидени со наставната програма за предметот Право на осигурување и тоа: Поим на правото на осигурување и неговото место во правниот систем, Формално-правни извори на правото на осигурување, Основни поими (елементи) на осигурувањето, Субјекти во правото на осигурување, Статусно право на осигурување, Договорно право на осигурување, Осигурување на имот, Осигурување од одговорност, Осигурување од професионална одговорност, Осигурување на лица, Реосигурување и соосигурување и на крајот Остварување на правата од осигурување.

Првата глава е насловена *Поим на правото на осигурување и неговото место во правниот систем* - претставува воведна тема која има за цел да ги претстави значењата на поимот право на осигурување, како и неговото место во правниот систем како целина, а посебно односот со социјалното осигурување и отштетното право. Во оваа глава авторката за да дојде до поимот на правото на осигурување го користи историскиот метод за да го прикаже потеклото на осигурувањето, а потоа преку еден мултидисциплинарен пристап го дефинира општо осигурувањето и посебно правото на осигурување, за на крајот да ги претстави поделбите кои правната теорија и законодавецот ги користат во поглед на научното изучување и регулирање на материјата на правото на осигурување.

Втората глава од учебникот е насловена *Формално-правни извори на правото на осигурување* и во неа авторката најпрво ја истакнува поделбата во правната теорија на правни извори кои ја регулираат правната положба, статусот на друштвата за осигурување, односот на државата спрема друштвата за осигурување во поглед на нивното работење и контрола над дејноста, кои по својата природа се управно-прави и на правни извори во кои се содржани норми со имотен карактер, а како такви се сметаат законот, договорот, општите и посебните услови на осигурувањето, обичајот и обичајното право, општите правила на граѓанското и трговското право, судската практика и правната наука. Авторката ги прикажува во учебникот најзначајните правни извори на правото на осигурување од домашното право и тука зборува за Уставот, Законот за облигационите односи, закони од областа на осигурувањето, поточно Закон за супервизија на осигурувањето, Закон за задолжително осигурување во сообраќајот, Закон за доброволно здравствено осигурување,

Закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај, потоа општите услови, обичајот, општите правила на граѓанското и трговското право и судската практика и правната наука. Потоа авторката внимание посветува и на ЕУ директивите кои се релевантни за правото на осигурување, делејќи ги на директиви кои регулираат осигурување од граѓанско-правна одговорност за штета настаната со употреба на моторни возила и директиви кои уредуваат статусно-правни прашања во областа на осигурувањето.

Третата глава е насловена како *Основни поими (елементи) на осигурувањето* и во неа авторката го запознава читателот со еден класичен дел од правото на осигурување, а тоа се основните елементи на осигурителниот однос: ризикот, осигурениот случај, осигурената сума и премијата на осигурување. Авторката при приказот на овие елементи ја користи компаративната правна теорија, како и домашното позитивно право испреплетувајќи го низ материјата секаде каде што тоа соодветствува. На овој начин за студентите се создава една целосна сликата за овие поими која опфаќа практични аспекти од нивната примена во законодавството поткрепени со теоретска разработка и објаснувања.

Четвртата глава е насловена *Субјекти во правото на осигурување*. Во рамките на оваа глава авторката укажува дека во рамките на правото на осигурување се јавуваат повеќе лица кои имаат различна улога и правна положба. Во таа смисла авторката зборува за улогата и правната положба на осигурувачот, осигуреникот/договорач на осигурувањето, корисникот на осигурувањето, осигуреното лице, носителот на стварни права на осигурената ствар, прибавувачот на осигурен предмет, трето оштетено лице и застапници и посредници во осигурувањето.

Петтата глава е насловена *Статусно право на осигурување,* а во неа авторот ги прикажува правни норми со кои се уредуваат условите за основање, работење и престанок на друштвата за осигурување и други правни лица кои се занимаваат со вршење на различни правни работи од областа на осигурувањето, како и надзорот врз работата на сите субјекти.

Глава шест е насловена како *Договорно право на осигурување* и во нејзини рамки посебно се обработени карактеристиките на договорот за осигурување, како и останатите прашања кои ѝ припаѓаат на општата теорија на договорното право и општата теорија на облигационото право. Во таа смисла авторката зборува за институтите слобода на договарање, страни на договорот, склучување на договорот, содржина на договорот (при што детално се елаборирани обврските на двете договорни страни) и за траењето на осигурувањето. Во рамките на сите поднаслови авторката успешно ја поврзува општата теорија со спецификите во регулирањето на правото на осигурување и го истакнува посебниот режим онаму каде што тој е присутен.

Глава 7 е насловена *Осигурување на имот*. Со оглед на тоа дека претходните глави се однесуваат на правните правила заеднички за сите видови на осигурување, почнувајќи од оваа глава авторката ги прикажува спецификите на посебните видови на осигурување и односите меѓу нив. Во рамки на главата за осигурување на имот авторката подетално ги прикажува институтите специфични само за него, како што се начелото на надомест на штета и интерес за осигурување на имот, надоместот кај осигурувањето на имот и институтите надосигурување, подосигурување и двојно и повеќекратно осигурување.

Во глава 8 *Осигурување од одговорност*, авторката природно се надоврзува на материјата за осигурување на имот, преку обработка на карактеристиките на осигурувањето од одговорност и неговиот однос со имотното осигурување, а посебно разработувајќи ги правните односи кои настануваат кога постои осигурување од одговорност. Во рамките на оваа глава, со цел да го илустрира и да го доближи до читателот институтот осигурување од одговорност, авторката посветува внимание на два вида на осигурување од одговорност и тоа осигурување од автомобилска одговорност и осигурување од одговорност за нуклеарна штета.

Глава 9 носи наслов *Осигурување од професионална одговорност* и тука посебно внимание се посветува на осигурувањето од одговорност на носителите на правните професии (адвокати, нотари и извршители). Одлуката на авторката оваа тема да ја истакне, за сметка на други прашања кај кои е посветено помало внимание, е желбата да се упати студентот во теоретско-практичните аспекти на неговата професија, во случаите кога ќе избере некоја од регулираните правни професии. Во поглед на оваа содржина, исто така,

се истакнува и посветената разработка на елементите на граѓанско-правната одговорност и нејзината поврзаност со правото на осигурување, што се должи на тоа што еден значителен дел од творештвото и научноистражувачката работа на авторката се наоѓа токму во областа на отштетното и облигационото право, како и на постоењето на потребата за студентите, но и за практичарите јасно да се подвлечат основите на разликувањето меѓу одговорност и осигурувањето од одговорност, нивните посебни правни режими и точките на нивно испреплетување.

Глава 10 - *Осигурување на лица* е посветена на приказ на систематизирани посебни правила на кои се засноваат правните односи во случаите на осигурување на лица, како и на разработка на посебните видови на осигурување на лица. Посебно внимание учебникот посветува на живот и доброволното здравствено осигурување.

Глава 11 е насловена *Реосигурување и соосигурување* ги обработува овие два институти во рамките на правото на осигурување преку подвлекување на нивните теоретски карактеристики, како и законска уреденост.

На крај, последната глава, глава 12 - *Остварување на правата од осигурување* се посветува на осигуреникот и фазите низ кои минува целата постапка за остварување на правата од осигурувањето, а краток осврт се дава и на остварувањето на правата од осигурување на осигурителите во случај кога постои реосигурување или соосигурување.

## ЗАКЛУЧОК

Авторката подготвила научна книга наменета за наставно-научната дисциплина право на осигурување. Имено, ракописот „Право на осигурување " е наменет пред сѐ за учебник па оттаму методолошки е одлично приспособен за совладување на испитната материја и за постепено совладување на предметната програма на предметот Право на осигурување. Студентите имаат можност читајќи го ова четиво да се здобијат со теоретски знаења, но и да ја спознаат практичната примена на нормите на правото на осигурување преку богатата компаративна теорија и практика со која се илустрирани теоретските лекции во овој учебник. Ова на ракописот му дава учебникарски карактер, но во исто време и монографско-расправен карактер, со оглед на тоа што авторката на одредени места каде што сметала дека е потребно прикажува и теоретска расправа за актуелни правни регулирања во областа. Авторката создала самостојно авторско дело преку правилно користење на богатата литература и подготвила пионерски учебник што до сега како наслов не бил објавуван во нашата држава. Вредноста е препознатлива и во тоа што ракописот може да се користи во совладување на повеќе предметни програми, како и да биде корисна алатка за практичарите.

Врз основа на изнесеното имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Штип овој ракопис насловен „Право на осигурување" да биде издаден како учебник за студентите на прв и на втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, вонреден профеор, с.р.**
**Д-р Кристина Мишева, вонреден профеор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „БОРБА ЗА ОПСТАНОК ИЛИ ЕКСПАНЗИЈА?" ОД ВОН.ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МАРОЛОВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1102-127/3 од 212. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 21.10.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ана Никодиновска-Крстевска, вонреден професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,
- д-р Јорданка Галева, доцент, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов „Борба за опстанок или експанзија?" од вон. проф. д-р Дејан Маролов, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот: „***Борба за опстанок или експанзија"* со поднаслов *„Студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава"* е интердисциплинарна монографија која може да се користи како дополнителна литература при подготовка на истражувања на студенти за дипломски, магистерски и/или докторски трудови.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот се состои од 116 страници, формат А4, 13 илустрации, пишуван во фонт Arial 11, без проред, со 96 библиографски единици. Ракописот според обем и по содржина во целост е согласно со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип досега не е објавен учебник/наставно помагало/монографија со ист или сличен наслов. Овој ракопис ќе може да се користи и да биде бесплатно достапен за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е сочинет од 4 основни поглавја вклучитено и предговор, вовед, заклучок и користена литература.

Првото поглавје носи наслов *Определување и разграничување на поимите „мала држава" и „мала сила*". Во ова поглавје авторот ја обработува постоечката литература и се обидува да даде соодветно разграничување и дефиниција што е можно попрецизно за теоретските поими на „мала држава" и „мала сила". Имено, науката за меѓународни односи честопати користи термини како мала/голема држава, мала/голема сила и сл. Со цел да истите да се користат како соодветни аналитички алатки, бројни автори се обидувале и се обидуваат да ги дефинираат. Во најголем дел од овие дефиниции се тргнува од претпоставката дека мала држава е идентичен поим со „држава со мала моќ". Токму првиот дел од овој труд се занимава со досегашната работа на бројни автори кои работеле на темата „држава со мала моќ" и за да го реши тој проблем авторот се користи пред сè со легислативниот (правен) концепт на дефинирање на држава според меѓународното јавно право. Ова се однесува пред сè на обидот да се дефинира и разграничи поимот мала/голема држава. Исто така, се анализира и концептот на моќ, со цел да се утврдат и разграничат разните видови на сили кои постојат во меѓународниот систем. Во продолжение, се врши анализа на бројните варијабли кои дефинираат одредена држава како повеќе или помалку моќна, што пак може да биде комплетно независно од фактот дали државата е

мала или голема согласно со дефиницијата која ја предлага авторот. Како резултат на ова, се поставуваат јасни контури за определување на поимите на мала/голема сила и нивно разграничување од поимите на мала/голема сила.

Второто поглавје носи наслов *Мелијански дијалог и неговите лекции*. Во овој дел авторот прави конкретна анализа на цитираниот текст од Мелијанскиот дијалог и оваа епизода од Пелопонеската војна. Ова е направено наменски со цел да се извлечат некои битни заклучоци во однос на моралот и силата, како и на односите и изборите кои им се на располагање на малите сили соочени во конфликт со голема сила, кои воедно се користат за анализата на двете студии на случај. На овој начин авторот открива одредени историски аналогии во парадигмите на однесување на една голема и мала сила кои се во меѓусебен конфликт. Тоа го прави на начин што го споредува античкиот пример со посовремени примери обработувани во студиите на случај во оваа книга.

Третото поглавје носи наслов *Студија на случај бр.1. Србија vs Австро-Унгарија*. Во овој дел се врши анализа на конфликтот помеѓу Србија и Австро-Унгарија кој ја предизвика Првата светска војна. Овде се презентираат релевантни околности и актери на меѓународните односи од соодветната историска епоха, но сепак, фокусот се става врз Србија и Австро-Унгарија. Се анализираат можните опции кои ѝ биле достапни на Србија и изборите кои таа ги направила и притоа се нудат можни одговори за таквата нејзина определба. Целта е да се увиди како две соседни држави во добри односи на крај завршуваат во војна за тотално уништување. Тргнувајќи од тоа, авторот се обидува да издвои определна парадигма на однесување на мала држава и мала сила во конфликт со голема држава и голема сила, како и можно влијание на трети сили како сојузници. Сето ова се анализира низ призмата на структурниот реализам. Заклучокот е дека и двете држави верувале во неминовноста од воена разврска во одреден период, но сепак од клучно значење била поддршката на нивните големи сојузници.

Четвртото поглавје носи наслов *Студија на случај бр. 2. Чехословачка vs Германија*. Станува збор за студија на случај на конфликтот помеѓу Чехословачка со нацистичка Германија, кој се чини многу интересен пример од кој може да се извлечат бројни заклучоци. Историски оваа криза е позната како Минхенска криза од 1938 год. Со цел да се извлечат соодветни заклучоци за судирот на една мала со една голема сила, како во конкретниот случај, особено е значаен фактот дека анализата е поопширна и дека не се сведува врз двете конкретни држави. Претходново е особено точно заради фактот што ниту една држава не постои сама за себе и не е целосно независна и незасегната од дејствувањето и потезите на другите држави. Ова повеќе важи за обработка на конкретниот случај, каде што не станува збор за некои изолирани островски држави во некој далечен океан, туку држави коишто се наоѓаат во срцето на Европа. Станува збор за две држави кои заедно граничеле со дури 11 држави. Очигледно е дека конфликтот помеѓу овие две држави го поседувал потенцијалот за одредена промена на рамнотежата на силите во централна Европа (и пошироко), заради тоа авторот смета дека е неопходно да се земат предвид дејствувањето и уште повеќе недејствувањето на останатите големи сили, а пред сè Обединетото Кралство и Франција, и СССР. Сепак, со цел да се добие целосна слика, во анализата се зема предвид и меѓународниот систем во периодот помеѓу двете светски војни. Токму овие дилеми се обработени во ова поглавје.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот претставува значаен придонес, пред сѐ, во науката за меѓународните односи, но и во други сродни научни дисциплини, заради неговиот интердисциплинарен пристап. Начинот на кој авторот го истражува балансот на силите помеѓу „малите“ и „големите“ држави во меѓународниот поредок, повикувајќи се на примери од историјата е значаен придонес во научната мисла. Станува збор за квалитетна монографија која ќе им биде од помош како на студентите така и на академскиот кадар на Правниот факултет. Ракописот ги задоволува критериумите за објавување сосласно со Правилниците за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на сето ова, Комисијата со задоволство се изјаснува со позитивна рецензија и дава предлог за објавување на ракописот.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Ана Никодиновска-Крстевска, вонреден професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**
**Д-р Јорданка Галева, доцент, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА НА ТУРИСТИЧКИТЕ АГЕНЦИИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ОД КАНДИДАТКАТА М-Р БИЛЈАНА НИКОЛОВСКА**

Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 на својата 44. седница (електронска) одржана на ден 20.10.2021 г., со Одлука бр. 0206-630/2 од 20.10.2021 година, формира Комисија за оценка на докторскиот труд со наслов **„Улогата на туристичките агенции врз развојот на туризмот во Република Северна Македонија“,** во состав:
– проф. д-р Цане Котески, претседател;
– проф. д-р Никола В. Димитров, член;
– проф. д-р Татјана Бошков, член;
– проф.д-р Лидија Симонческа - екстерен ментор, член и
– проф. д-р Златко Јаковлев - интерен ментор, член.

По деталниот преглед на докторската дисертација, а во согласност со Законот на високо образование (Службен весник на РМ, бр. 35/2008) и член 6 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата до Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Овој докторски труд е изработен според следниов распоред:
– според поставените теоретски и практични цели беа изготвени анкети и разни прашања кои беа поставувани при теренските истражувања;
– паралелно со горенаведените истражувања беше спроведено канцелариско истражување на документите од национално, регионално и меѓународно ниво;
– - преку теоретската содржина беше одговорено на основните и општи истражувачки прашања, додека пак преку сопствените истражувачки зафати се дојде до одговор на конкретните прашања насочени кон перспективите за развој на нови потенцијални видови туризам во Република Северна Македонија и
– по приложените анализи од спроведеното опсежно истражување се понудени сопствени решенија, стратегии и тактики за поширок развој на туризмот во Република Северна Македонија коишто би можеле да ги применат самите туристички агенции, но и надлежните власти во Република Северна Македонија.

**ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Во истражувачката фаза, како и при изработката на овој докторски труд, беа опфатени полиња на истражување и проблеми коишто во трудот се прецизно формулирани и одговорени. Во ова истражување се наведени не само проблемите, туку и крајните резултати, односно целите поради кои е спроведено истото и од теоретска и од практична гледна точка.

Теоретски цели на истражувањето се:
– Запознавање со моменталниот степен на развој на туризмот во Република Северна Македонија;
– Осознавање на содржината на тековната понуда на туристичките агенции;
– Утврдување на начините на коишто туристичките агенции би придонеле за развој на туризмот во Република Северна Македонија;
– Утврдување на потенцијални нови туристички трендови во Република Северна Македонија кои во значителна мера ќе ја збогатат туристичката понуда на земјата.

Покрај теоретските цели зададени се и **практични цели** кои им даваат конкретизација на истите и без кои ова истражување би немало применливост и оправданост:

– Појава на нови потенцијални туристички трендови во Република Северна Македонија кои во значителна мера позитивно ќе влијаат на економијата на земјата, на локалното население, но и во значителна мера ќе ја збогатат туристичката понуда на земјата;
– Определување нови концепции за збогатување на содржината на туристичките агенции;
– Проширување на услугите на туристичките агенции со содржини на нови алтернативни облици на туризам и
– Определување на содржината за стручна доквалификација и обуки за дополнително развивање на човечките ресурси коишто ќе делуваат во остварување на сите предвидени планови и активности за развој на постоечките, како и на нови видови туризам, со што нашава земја ќе биде попромовирана како атрактивна туристичка дестинација, како на домашниот, така и на странскиот туристички пазар.

Од напоменатите теоретски и практични цели беа поставени следните хипотези кои по анализата на трудот беа анализирани и потврдени:

– Концепцијата за развој на нови потенцијални видови туризам во Република Северна Македонија кои позитивно ќе влијаат на економијата на земјата, на локалното население и кои ќе ја збогатат туристичката понуда на земјата;
– Зајакнување на комуникацијата помеѓу туристичките агенции од Северна Македонија, Балканот, Европа и од светот со цел размена на идеи за примена и развој на нови туристички трендови, како и за пренесување на искуства од пракса;
– Утврдување насоки за креирање на туристички аранжмани за разни видови домашни и странски посетители и туристи;
– Зголемена примена на научните сознанија во креирањето на идни планови и насоки за развој на туризмот во Република Северна Македонија, но и на улогата на туристичките агенции за промоција и развој на нови видови туризам во Република Северна Македонија за коишто постои потенцијал во нашата земја и
– Република Северна Македонија е земја во којашто развојот на туризмот ќе придонесе за збогатување на содржината на туристичките агенции со понуди за различни видови туризам, како и на алтернативни видови туризам.

**Главна цел на ова истражување** е анализа на улогата на туристичките агенции врз развојот на туризмот во Република Северна Македонија преку истражување на содржината на нивната туристичка понуда, но и побарувачка, како и преку истражување на нивните промотивни активности на домашниот како и на странскиот пазар, но и откривањето нови перспективи за зголемување на профитот остварен од своите услуги коишто ги пласираат на пазарот, со што ќе придонесат за понатамошен развој на туризмот во Република Северна Македонија. За да се дојде во доволно сознанија за постигнување на главната цел, се спроведе следното:

- Проучување на појавата и развојот на туристичките агенции во Република Северна Македонија;

- проучување на содржината на понудата на туристичките агенции во Република Северна Македонија;

- Истражување на моменталната состојба на степенот на развој на туризмот во Република Македонија од гледна точка на угостителско-туристичките работници;

- Истражување за овозможениот развој по пат на обуки и тренинзи на персоналот кој работи во туристичките агенции;

- Определување на потенцијални атрактивни можности за збогатување на понудата на туристичките агенции преку истражување на актуелните туристички трендови во светот;

- Утврдување на потенцијалот за вклучување содржина од нови селективни видови туризам во понудата на туристичките агенции во Република Северна Македонија;

- Утврдување на степенот на промотивни активности на туристичките агенции на домашниот, како и на странскиот туристички пазар;

- Утврдување на должината на престојот на странските туристи во Република Северна Македонија според категоријата на клиенти;

- Анализа на услугите од понудата на туристичките агенции коишто странските туристи најчесто ги користат;

- Определување на видовите туризам во Република Северна Македонија за коишто постои најголем интерес кај домашните и странските туристи;

- Утврдување насоки за збогатување на содржината на понудата на туристичките агенции во Република Северна Македонија, како и за нејзин успешен пласман на домашниот и странскиот туристички пазар, што би придонело за развој на туризмот во Република Северна Македонија.

По спроведувањето на наведените истражувања и направената анализа од собраните податоци од терен и канцелариското истражување, донесените заклучоци, предлози и предлог-насоки за влијанието на туристичките агенции за развој на туризмот во Република Северна Македонија ќе придонесат за:

- Зголемена примена на научните сознанија во креирањето на идни планови и насоки за збогатување на содржината на понудата на туристичките агенции во Република Северна Македонија, како и на стратегии за поуспешен пласман на нивните услуги на домашниот и на странскиот туристички пазар;

- Вклучување на поголем број соодветно едуцирани човечки ресурси во процесот на собирање, обработка и трансфер на знаења од областа на туризмот;

- Подобрување на содржината на понудата на туристичките агенции со внесување услуги од новите светски актуелни видови туризам за коишто постои голем потенцијал во земјава и коишто не се во целост искористени;

- Подобрени знаења за нови видови туризам за коишто постои развој во Република Северна Македонија;

- Подобрени знаења за потребата од зачувување на животната средина;

- Опфаќање на младите категории население со соодветно изработена образовна програма за сфаќањето што претставува одржлив развој на туризам, кои се придобивките што ги има животната средина, како се воспоставуваат мерки на контрола и како се управува со него;

- Зајакнување на комуникацијата помеѓу надлежните тела за развој на туризмот и угостителско-туристичките претпријатија во земјата;

- Зачувување на природната средина и одржливо искористување на ресурсите;

- Зголемување на можностите за создавање приход од новите видови туризам кај туристичките агенции, но и кај локалното население;

- Создавање услови за што е можно поголем број на стручно оспособен персонал за работа во туристичките агенции, како и во надлежните тела за развој на туризмот во земјата;

- Поголема насоченост кон стручните сегменти од областа на туризмот во рамките на програмата за теоретска настава на учениците од средните угостителско-туристички училишта со цел развивање на повисока свест за развој на нови одржливи видови туризам и нивно вметнување во понудата на туристичките агенции;

- Зголемена употреба на информатичко-технички средства за збогатување на стручните компетенции кај персоналот од областа на угостителството и туризмот;

- Зголемена употреба на информатичко-технички средства за поуспешен пласман на услугите на туристичките агенции на домашниот и на странскиот пазар;

- Поголема афирмација на Република Северна Македонија како атрактивна туристичка дестинација како во регионот, така и во Европа и

- Поголема искористеност на туристичките ресурси во Република Северна Македонија, а со тоа и зголемување на националниот доход, што доведува до раст на економијата на земјата.

**МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА**

За задоволување на поставената цел на истражувањето, авторот применил неколку методологии и пристапи за да се обезбеди доволна количина податоци со цел да се:

- Создаде слика за вистинската состојба за моменталниот степен на развој на туризмот во Република Северна Македонија;

- Осознае содржината на тековната туристичка понуда на туристичките агенции;

- Утврди категоријата на странски туристи и должината на нивниот престој во Република Северна Македонија;

- Креира слика за потенцијалните нови туристички трендови во Република Северна Македонија кои во значителна мера ќе ја збогатат туристичката понуда на земјата;
- Согледаат начините на коишто туристичките агенции би придонеле за развој на туризмот во Република Северна Македонија;
- Определи содржината за стручна доквалификација и обуки за дополнително развивање на човечките ресурси коишто ќе делуваат во остварување на сите предвидени планови и активности за развој на постоечките, како и на нови видови туризам, со што нашава земја ќе биде попромовирана како атрактивна туристичка дестинација, како на домашниот, така и на странскиот туристички пазар.

Истражувањето, исто така, ги задоволи и следните методолошки барања, односно: објективност, посветеност и систематичност.

Се спроведоа истражувања на научно-теоретски сознанија и релевантна литература за користење на методи на: анализа, синтеза, генерализација, комплексно надгледување и анализа на достапна содржина. Собирањето податоци се базираше на кабинетско истражување на: домашна и странска литература, на интернет содржини и други релевантни извори. Во појдовното истражување е застапена дедукцијата, односно се појде од основните поими и принципи на изведување, со цел да се објасни темата на истражување.

Исто така, беше применет и квантитативниот метод кој е користен за анализа на резултатите добиени од емпириското истражување спроведено за потребите на докторскиот труд. За подетално објаснување на дел од поимите и аспектите коишто се содржат во нив, се примени и методот на класификација. Компаративна анализа на состојбата во поглед на новите туристички трендови беше направена помеѓу Република Македонија и Република Србија и Република Хрватска.

За подобро собирање на податоци со помош на кои се операционализира темата - предмет на ова истражување, беа спроведени следните активности:

- Теренски истражувања:
  - o Посета на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, со цел подетално запознавање со нејзините тековни активности за развој и промоција на туризмот во Република Македонија;
  - o Посета на Стопанската комора за туризам на Република Македонија со цел преглед на тековните мерки, политики, конкретни проекти за промоција туризмот на Република Македонија кои ги спроведува Владата на РМ, но пред сè преку директно учество на Комората;
- Канцелариско истражување за документи од национално ниво:
  - o Истражување за објавените одлуки во Службен весник на Република Македонија коишто се однесуваат на стимулација на развојот на туризмот и на привлекување на што е можно поголем број странски посетители во земјата;
  - o Истражување на публикациите од Државниот завод за статистика од областа на туризмот;
  - o Истражување на содржината на понудите на туристичките агенции за туристичките дестинации во Република Северна Македонија преку посета на веб-страниците на туристичките агенции;
  - o Истражување на содржините на стратегиите за туризам во Република Македонија со цел осознавање на можни перспективи за збогатување на понудата на туристичките агенции;
  - o Истражување на директивите на Европската Унија за развој на туризмот;
  - o Истражување и анализа на Националната стратегија за развој на туризмот изработена од Kohl & Partner во 2016 год.;
  - o Истражување на планови и идеи за развој на нови видови туризам во земјава кои се елаборирани во научни трудови и врз основа на кои туристичките агенции би можеле да ги насочат своите идеи при креирањето на туристички аранжмани и останати услуги;
  - o Истражување на образовните програми на средните стручни угостителско-туристички училишта и на факултетите за туризам во земјава со цел да се утврди застапеноста на најновите туристички трендови и актуелности во област на туризмот кои ќе придонесат за поквалитетен стручен персонал во туристичките агенции;

- Канцелариско истражување за документи од регионално ниво:
  - o Истражување на туристичката понуда на Република Хрватска и нејзина компарација со веќе постоечката туристичка понуда на Република Македонија, по пат на анализа и собирање податоци од разни научни трудови и литература;
  - o Истражување на туристичката понуда на Република Србија и споредба на видовите туризам кои се развиени на нејзиното подрачје и паралелно согледување на можниот потенцијал на нашата земја за развој на дел од нив;
- Канцелариско истражување за документи од меѓународно ниво:
  - o Истражување на публикациите на Светската туристичка организација (WTO);
  - o Анализа на научна литература која детално ги разработува новите светски туристички трендови.

## СТРУКТУРА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд со наслов **„Улогата на туристичките агенции врз развојот на туризмот во Република Северна Македонија“** претставува обид од научен аспект да се одговори на прашањето која е улогата на туристичките агенции за развој на туризмот во Република Северна Македонија. Оваа дисертација претставува обид од научен аспект да се одговори на прашањето - какво е значењето на туристичките агенции за развој на туризмот во нашава држава, бидејќи посредничкиот фактор во целост е насочен кон развој на туризмот и е во функција на неговиот развој. Исто така, туристичките агенции се тие кои за разлика од другите носители на туристичкото стопанство целосно се во функција на развојот на туризмот и задоволување не туристичките потреби, желби, интереси, склоности и навики. Да се одговори на наведеното прашање не е лесно, ниту пак едноставно. Одговорот на поставеното прашање ќе се добие со продлабочено и повеќедимензионално истражување. Во истражувањето ќе се примени соодветна истражувачка методологија базирана на сериозна, сеопфатна и систематска научна анализа на повеќе фактори на влијание.

Дисертацијата е структурирана во пет поглавја кои се систематизирани, меѓусебно поврзани и заемно се надополнуваат едни со други, со што се добива една научна целина од која може да се добие одговорот на погоре поставеното истражувачко прашање.

Во првото поглавје од докторската дисертација со наслов *Теоретско-методолошки пристап во истражувањето*, најнапред авторот ја детерминира методологијата на истражувањето, каде што посебно се осврнува на предмет на истражувањето, потоа на цел на истражувањето, определување на хипотези, потоа ги елаборира методолошките принципи и методи на истражувањето, неговата етика и очекуваните резултати од истражувањето.

Второто поглавје е насловено како *Туризмот во XXI век и современи трендови во туризмот*, каде што ја истакнува улогата на туризмот како водечка гранка во XXI век, потоа се осврнува на Мега трендови во туризмот и новите очекувања на туристите и на крај од оваа теза го истакнува Развојот на специфичните форми на туризмот.

Третото поглавје е со наслов *Агенциското работење во современите услови на туристичкиот пазар*, во кое авторот го објаснува туристичкото посредување, потоа се осврнува на туристичкиот пазар, ја елаборира современата технологија во агенциското работење и на крај во рамки на оваа теза го истакнува развојот на човечките ресурси во туристичките агенции - неопходни квалификации, знаења и вештини.

Во четвртото поглавје на дисертацијата со наслов *Улогата на туристичките агенции врз развојот на туризмот во Република Северна Македонија*, најнапред авторката се осврнува на историјата на туристичкото посредништво во Република Северна Македонија и на крај на оваа теза зборува за важноста на туристичките агенции за развојот на туризмот во Република Северна Македонија.

Во петтото поглавје од дисертацијата со наслов *Емпириско истражување*, најнапред авторката применила методолошки инструмент за прибирање податоци, потоа применила организација и процес на истражување, следно извршила анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето и на крај направила компаративна анализа на развиеноста

на туристичките агенции и нивната улога врз развојот на туризмот во Република Северна Македонија со други земји.

И на крај од дисертацијата авторката дава свои констатации и заклучоци од спроведеното истражување и дава адекватни препораки за подобрување на актуелната состојба во туризмот.

*Оцена на кандидатот*

Кандидидатката м-р Билјана Николовска има завидни резултати за време на своето формално образование на прв и втор циклус студии и покажува интерес да го работи докторскиот труд со цел да даде детален приказ за потребата од согледување на улогата на туристичките агенции за развој на туризмот во Република Северна Македонија. Преку овој докторски труд на кандидатката м-р Билјана Николовска ќе се даде значаен придонес за збогатување на научно-теоретската мисла и практично проучување и негова апликација, како и унапредување на квалитетот на работењето туристичките агенции кој претставува предуслов за успешна перспектива на македонскиот туристички бизнис. Кандидатката м-р Билјана Николовска пред одбраната на докторскиот труд **„Улогата на туристичките агенции врз развојот на туризмот во Република Северна Македонија“** ги има објавено следните рецензирани истражувачки трудови:

1. **Nikolovska, B.**, *(*2017), Distribution as a Marketing Instrument in the Activity of the Tour Operators. *J*ournal of La Fondation pour la formation hotelière, FH;

2. Jakovlev, Z., **Nikolovska, B.**, *(*2018), Programming of the Animation of Visitors during their Tourist Stay in the Eastern Region of the Republic of Macedonia, Ciencia e Tecnica Vitivinicola Journal;

3. **Nikolovska, B.**, *(*2018), Online Marketing Strategy Research in Hotels in the Republic of Macedonia, Journal of La Fondation pour la formation hotelière, FH;

4. **Nikolovska, B.**, *(*2019), Smart Technology in Hotels in the Republic of North Macedonia, Journal of La Fondation pour la formation hotelière, FH;

5. **Nikolovska, Biljana**, and Nikolovski, Zoran (2021), Alternative forms of tourism in order to increase the tourist offer and attractiveness – the case of the Republic of North Macedonia. Knowledge International Journal. ISSN 1857-923X;

6. **Nikolovska, Biljana**, (2021), The representation of information technology in the operation of travel agencies in the Republic of North Macedonia. Knowledge International Journal Vol. 46.5.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија од досега изнесеното констатира дека докторската дисертација со наслов **„Улогата на туристичките агенции врз развојот на туризмот во Република Северна Македонија“**, од кандидатката м-р Билјана Николовска, претставува самостоен и оригинален научен труд изработен во согласност со позитивните законски прописи и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Презентираниот материјал во докторската дисертација и спроведените истражувања на кои се темелат заклучните согледувања и препораките од кандидатката го отсликува современиот пристап во создавањето на научните дела во доменот на туризмот и угостителството што воедно претставува придонес во науката и практичната применливост во оваа сфера.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го прифати позитивниот извештај за оцена на докторската дисертација со наслов **„Улогата на туристичките агенции врз развојот на туризмот во Република Северна Македонија“** од кандидатката м-р Билјана Николовска и да ѝ овозможи на кандидатката јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Цане Котески, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола В. Димитров, член, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Бошков, член, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Симонческа, член, екстерен ментор, с.р.**
**Проф. д-р Златко Јаковлев, член, интерен ментор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА РЕСТОРАНСКАТА ПОНУДА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО" ОД М-Р ЈУЛИЈАНА САЗДОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на својата 44. седница (електронска), одржана на 20.10.2021 год., донесе Одлука бр. 0206-630/3, од 20.10.2021 год., со која се формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Анализа на квалитетот на ресторанската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството“**, пријавена и изработена од кандидатката м-р Јулијана Саздова, магистер по меѓународен туризам, во состав:

- **д-р Елизабета Митрева** редовен професор – претседател
- **д-р Татјана Бошков**, вонреден професор – член
- **д-р Ацо Кузелов,** редовен професор – член
- **д-р Дејан Методијески**, вонреден професор – интерен ментор и член
- **д-р Васко Цуцулески**, редовен професор – екстерен ментор и член.

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Структура на трудот**

Докторската дисертација со наслов **„Анализа на квалитетот на ресторанската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството“** на докторанд м-р Јулијана Саздова содржи 278 страници компјутерски обработен текст. Докторската дисертација е збогатена со 4 табели, 114 (шеми, слики, дијаграми), 90 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи и меѓународни акти.

Трудот е структуриран во следниве поглавја: вовед, теоретски дел, експериментален дел, резултати и дискусија, заклучок, литература и прилози. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Анализа на одделните делови од докторската дисертација**

Докторската дисертација со наслов „Анализа на квалитетот на ресторанската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството“ од кандидатката м-р Јулијана Саздова е структурирана во неколку поглавја кои се во функција на појаснување на добиените резултати и нивната научна оправданост.

Во првата глава *Вовед на трудот* се образложени целите на истражувањето и важноста на проблемот, од теоретски и практичен аспект, при што е потенцирано значењето на квалитетот на услугата од аспект на задоволување на потребите, желбите и барањата, како и лојалноста на корисниците, како стратешка алатка за позиционирање и како начин за постигнување оперативна ефикасност и подобрување на бизнис перформансите во угостителската индустрија. Преку методолошки пристап во научноистражувачката работа, кандидатката го дефинира предметот на истражување од просторен, временски и дисциплинарен аспект, ги утврдува научните и практичните цели на истражувањето, основната и посебните хипотези и дава методолошката рамка на истражувањето, каде се одредени методите на истражување, изворите на податоци, начинот на обработка и интерпретација на податоците. На крајот се објаснува оправданоста на истражувањето и применливоста на резултатите.

Во втората глава насловена како *Теоретски дел* кандидатката врши широка анализа на туризмот и угостителството, ресторанството и нивната поврзаност со квалитетот на производот/ услугата. Посебен осврт кандидатката дава на квалитет на угостителските услуги и ресторанскиот производ, како и мерењето на квалитетот на услугите и задоволството на гостите, стандардизацијата во угостителските објекти, организациската култура и улогата на вработените во постигнувањето на квалитетот. Во оваа тематска единица е елаборирано надворешното и внатрешното уредување на ресторанитe, како и новите трендови и примена на иновациите во унапредување на квалитетот во ресторанската услуга, како и трендовите на исхрана и услугите во ресторанското работење. Во оваа глава кандидатката го потенцира значењето на мерењето на квалитетот на услугата со цел утврдување на локацијата на проблемите поврзани со истиот и поставување стандарди за испорака на услугата.

Третата глава е насловена *Експериментален дел* во која се претставени целта на докторската дисертација, предметот на истражувањето, како и методологијата на експерименталните истражувања за квалитетот на угостителските услуги во угостителските објекти во источниот дел од Република Северна Македонија. Во истражувањето кандидатката користи квалитативно-квантитативен метод кој е модифициран и составен од индикатори, кои според авторката ќе дадат јасна и објективна слика за моменталната состојба за квалитетот на угостителските услуги во угостителските објекти во источниот дел од Република Северна Македонија. Според резултатите добиени од анкетните прашалници, кандидатката открива слабости во менаџирањето и работењето во угостителските објекти и дава насоки за понатамошно делување на менаџерите и вработените, што ќе помогне за креирање краткорочни и долгорочни планови за иден угостителски развој. Кандидатката за да обезбеди поголема објективност во оценувањето на поставените индикатори ги вклучува и гостите од угостителски објекти, чие мислење помогна во креирање насоки во понатамошниот развој на угостителскиот производ. Поради сѐ поголемото секојдневно користење на услугите од страна на клиентите кои ги нудат угостителските објекти, голема е оправданоста за подобрување на постоечкиот квалитет на услугите. Во рамките на утврдените цели во докторската дисертација се поставени основната хипотеза и четири посебни хипотези, за чие докажување кандидатот користи различни методи и техники: метод на научно и систематско набљудување, метод на анализа на содржината, метод на испитување (анкетирање и интервјуирање), историски метод, компаративен метод, статистички метод и други. Користена е разновидна библиографија и податоци од интернет.

Во методологијата на истражувањето е дадена постапката за реализација на целите на истражувањето и тоа: планирање на истражувањето преку избор на угостителските објекти и дефинирање на примерокот; дизајнирање на анкетен прашалник за перцепцијата, очекувањата, задоволството и лојалноста на целната група на корисниците на услугата, анкетен прашалник за менаџерите и вработените на угостителските објекти; спроведување на анкетата, анализа на добиените податоци; одредување на влијанието на социодемографските карактеристики на корисниците на услугата врз оцена на квалитетот на услугата; одредување на клучни детерминанти на квалитетот на услугата во ресторанитe, како еден од сегментите на угостителска дејност. За обработка и анализа на податоците, како и тестирање на поставените хипотези во истражувањето применети се статистички методи.

Во четвртата глава кандидатката прави анализа на резултатите и дискусија, каде што детално се презентирани резултатите и анализата од теренските истражувања. Во ова поглавје кандидатката направила согледување на моменталната состојба на квалитетот на угостителската понуда во источниот дел на Република Северна Македонија, со дијагностика на слабостите во менаџирањето со угостителските објекти и дава насоки за идни инвестициски зафати. Резултатите добиени од истражувањето и заклучоците што следат во трудот можат да им бидат на располагање на угостителските објекти во креирање на краткорочни и долгорочни планови за иден туристички развој на дестинацијата. Накратко, деталната анализа на добиените резултати, кандидатот ја врши во 4 дела: Анализа на резултатите од анкетното истражување на гостите во угостителски објекти; Анализа на

резултатите од анкетното испитување на вработени во угостителските објекти; Анализа на резултатите од анкетното испитување на менаџери во угостителски објекти, Компаративна анализа на добиените резултати и SWOT анализа, при што истите ги објаснува со текст, табеларно и со графикони.

Применетата методологија на истражување ѝ помогна на кандидатката да спроведе опсежни набљудувања и испитувања и добивање објективна оценка на моменталната состојба на квалитетот на угостителската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството. Добиените сознанија можат да придонесат за унапредување на одредени ставови поврзани со развој на угостителството, квалитетот на услуги, локалниот, регионалниот туристички развој и сл. Анализата на индикаторите има и општествена оправданост која произлегува од потребата за вклучување на сите заинтересирани страни во процесот на подобрување на квалитетот на услугата, што ќе придонесе за јакнење на стопанството во целост и подигнување на свеста за зачувување на угостителската понуда за идните генерации. Генерално, добиените резултати може да послужат како основа на стратегија за развој на угостителството и туризмот, особено во делот на вклучување на угостителската понуда во туристичката понуда. Добиените резултати ќе бидат поттик за преземање одредени активности за подобрување на квалитетот на угостителскиот производ кој ќе се понуди на туристичкиот пазар. Со оценка на квалитетот на угостителското работење се нудат активности кои заинтересираните страни треба да ги преземат, како и придобивките на различните учесници во процесот на одлучување и насоките за идните краткорочни и долгорочни инвестициски проекти и планови за развој на квалитетот на угостителската понуда во земјата на локално, регионално и национално ниво.

Во следната глава *Заклучок* се претставени заклучните согледувања во однос на концептуалните, емпириските и апликативните цели на докторската дисертација и формулирање на интегрални сознанија за поставени хипотези. На крајот, кандидатката дава опсежни заклучни согледувања и препораки за идни активности.

Во последната глава е дадена литературата која е обработена во теоретскиот дел, и истовремено е користена во споредувањето и дискусијата на резултатите добиени од изведеното истражување. Најголемиот дел се научни трудови од релевантни научни списанија од потесното подрачје на докторската дисертација.

Во делот *Прилог*, кандидатката ги презентира оригинални анкетни прашалници за корисниците на услугата во угостителските објекти и за менаџерите и вработените, врз основа на кои е извршено истражувањето, како и прашалниците врз основа на кои се креирани атрибутите на квалитетот на услугата во угостителските објекти посочени во литературата.

**Конечна оценка на докторската дисертација**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јулијана Саздова, со наслов „Анализа на квалитетот на ресторанската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството“, претставува оригинален научен труд изготвен согласно со сите критериуми за една докторска дисертација.

Фундаменталниот научен придонес на докторската дисертација се состои од придонесот кон научните истражувања во светот кои се изведуваат со цел утврдување на улогата на квалитетот на услугата во услужните дејности и неговото влијание на задоволството и лојалноста на корисниците во еден од сегментите на угостителска индустрија, ресторанските, како и за методологија за мерење на квалитетот на услугата.

Од апликативен аспект, придонесот на овој труд е давање препораки, насоки и стратегии за унапредување на деловните процеси на угостителските објекти што ќе овозможи на менаџментот на ресторанite да ги осознае релевантните атрибути на квалитетот на услугата и да креира политики со ориентација кон нови трендови и примена на иновации поради унапредување на квалитетот во угостителската услуга со што се обезбедува конкурентска предност; ориентација кон квалитетот на угостителската понуда со што се обезбедува зголемување на економска моќ на општеството и ориентација кон квалитетот на угостителската понуда со што се обезбедува задоволни и постојани гости. Со мерењето на квалитетот на услугата и примената на соодветен модел за мерење се обезбедуваат потребните податоци кои можат на менаџерите да им користат во практикувањето на системот за обезбедување на квалитетот, зголемување на мотивираноста на вработените и подобрување на организациските перформанси.

**Резултатите** од докторската дисертација на кандидатката обезбедуваат значаен придонес во областа на анализа на квалитетот на угостителската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството за креирање квалитетна развојна стратегија и пласман на автентични угостителски производи.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатката м-р Јулијана Саздова, пред одбраната на докторската дисертација, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови поврзани со истражуваната проблематика:

1. Mitreva, E. and **Sazdova, J.** (2019). *Менаџмент на квалитет во хотелиерството*. 2-ри Август, 2019, Штип. ISBN 978-608-4662-99-0 1.
2. Mitreva, E., **Sazdova, J.** and Gjorshevski, H. (2019). *Application of total management of quality in the Macedonian hotel industry. Quality - Access to Success, 20* (172). pp. 25-33. ISSN 1582-2559. <u>(Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28. SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).</u>
3. Mitreva, E., **Sazdova, J**. and Gjorshevski, H. (2019). *Quality management system applications in the hotel industry in Macedonia*. *Quality - Access to Success, 20* (170). pp. 68-72. ISSN 1582-2559. <u>(Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28, SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).</u>
4. Sazdova, J.**,** Antonievski, G. and Kuzelov, A. (2019). Wine tourism as factor in the development of rural areas*, In: The 2nd international scientific conference - Challenges of tourism and business logistics in the 21st century*, 20 Dec 2019, Stip.
5. Mitreva, E., **Sazdova, J.** and Gjorshevski, H. (2018). *Management with the Quality Control System in the Hotel Industry in Macedonia*. *Tem Journal, 7* (4). pp. 750-757. ISSN 2217-8309 (Print). <u>(Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,4. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).</u>
6. Mitreva, E. and **Sazdova, J.** (2018). Management with the cost of quality in the hotel industry of Macedonia. *In: VI international scientific conference - Quality system condition for successful business and competitiveness*, 28–30 Nov 2018, Kopaonik, Serbia.
7. Taskov, N., **Sazdova, J.** and Mitreva, E. (2018). Management in the development of tourism in the north-east of Macedonia. *In: The 34th International Scientific Conference on Economic and Social Development – XVIII International Social Congress (ISC-2018*), 18-19 Oct 2018, Moscow, Russia.
8. Sazdova, J.**,** Kuzelov, A. and Antonievski, G. (2017). Research on the work of restaurants, the daily meals and the catering process through the users of the services in the catering facilities in Shtip as a factor in increasing the touristic commerce*, In: First International Scientific ConferenceChallenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2017«,* 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Macedonia.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација „Анализа на квалитетот на ресторанската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството“ од кандидатката м-р Јулијана Саздова донесе заклучок дека истата претставува самостојна научна работа со оригинални научни истражувања и значајни резултати.

Докторската дисертација е научен труд со оригинални сознанија, а врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторски труд.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Анализа на квалитетот на ресторанската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството“ од кандидатката м-р Јулијана Саздова и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Елизабета Митрева – претседател, редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**
**Д-р Татјана Бошков – член, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**
**Д-р Ацо Кузелов – член, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**
**Д-р Дејан Методијески – интерен ментор и член, вонреден професорна Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**
**Д-р Васко Цуцулески – екстерен ментор и член, редовен професор на Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ “ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРЕНАТАЛНИОТ СКРИНИНГ НА СЕРУМСКИТЕ БИОМАРКЕРИ ОД QUADRIPLE TEST-ОТ И ФЕТО-ПЛАЦЕНТАРНАТА ЕДИНИЦА ВО ПРЕДВИДУВАЊЕ НА ПЕРИНАТАЛНИОТ РИЗИК И ИСХОДОТ ОД БРЕМЕНОСТА” ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Со Одлука бр.0206-637/2 донесена на 27.10.2021год. на 44 седница на наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 на Факултетот за медицински науки при Универзитет “Гоце Делчев” – Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов “Значењето на пренаталниот скрининг на серумските биомаркери од Quadriple test-от и фето-плацентарната единица во предвидување на перинаталниот ризик и исходот од бременоста” пријавена и изработена од кандидатот д-р Пранвера Изаири, во состав:

- Проф. д-р Глигор Димитров, претседател
- Проф. д-р Невенка Величкова, член и интерен ментор
- Проф. д-р Марјан Стојовски, член и екстерен ментор
- Проф. д-р Ѓорги Бабушку, член
- Проф. д-р Милка Здравковска, член

Комисијата во гореневедениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација која е пријавена и доставена од страна на кандидатот д-р Пранвера Изаири претставува оригинален труд кој согласно програмата на третиот циклус на студии на студиската програма: Базични и клинички науки, е напишана на 145 страни на А4 формат, содржи 80 табели, 103 слики и 53 литературни цитати.

Содржината во трудот опфаќа 8 поглавја, организирани по следниот редослед: *Вовед, Мотив на истражувањето, Цел на истражувањето, Материјал и Методи, Резултати и Дискусија, Заклучок и Користена литература*.

Во понатамошниот тек од овој извештај е даден краток осврт за секое поглавје од докторската дисертација.

Во првиот *Воведен дел* од докторската дисертација, д-р Пранвера Изаири детално ја објаснува улогата на плацентата и фетоплацентарната циркулација кои имаат круцијална улога во перинаталниот развиток на плодот и исходот од бременоста. Имајќи ја во предвид способноста на плацентата да продуцира голем број на специфични протеини кои се присутни во мајчиниот серум во различна концентрација во тек на бременоста, кандидатот д-р Пранвера Изаири уште на почетокот прави линк помеѓу феталната компромитација и промените во утероплацентарниот крвен проток кои можат да резултираат со утероплацентална инсуфициенција. Токму во овој дел, д-р Изаири ги објаснува сите специфични плацентарни супстанции и серумски биомаркери кои како предиктори се особено важни за понатомошниот тек на бременоста. Терминолошки и суштински ги објаснува биолошките маркери или биомаркери како специфични субстанции или индикатори кои можаат да бидат детектирани и квантитативно измерени во хуман биолошки материјал или медиум (крв, серум, урина, фецес, плунка и др.). Етапно го објаснува *Quadriple test*-от како серумски скрининг тест кој се базира на следење или евалуација на четири серумски биомаркери *alpha-fetoprotein* (AFP), *human chorionic gonadotropin* (hCG), unconjugated *estriol* (uE3) и *inhibin A*. Истите, како индикатори и предиктори, ќе бидат потврдени како едни од главните цели на трудот кои упатуваат на ризик од патофизиолошки фетални

промени, за исходот на бременоста, прееклампсијата како состојба, предвременото раѓање, интраутериниот застој во раст и развојот на плодот и др. д-р Изаири во овој дел посебно се задржува на објаснување на *inhibin* А како гликопротеински хормон кој за време на бременост се создава во постелката и се појавува во матерналната циркулација уште од четвртата гестациска недела. Еден од мотивите за ова истражување, д-р Изаири го објаснува со досегашните литературни прегледи и истражувања кои укажуваат дека *inhibin*-от А може да биде далеку подобар биомаркер од HCG, поради неговиот пократок полуживот, од тие причини истиот може да претставува одличен предиктор за прееклампсија. Имајќи ги во предвид литературните податоци и најнови истражувања кои укажуваат на асоцијацијата помеѓу вредностите на серумските протеини во мајчиниот серум и перинатален исход од бременоста, раната предикција на потенцијалната плацентарна инсуфициенција е од посебна важност, што е исто така дополнителен мотив за изработка на овој докторски труд. Фактот што неповолниот перинатален исход вклучува хипертензија индуцирана со бременост, прееклампсија, интраутерин застој во раст на плодот (IUGR), плод мал за гестациската возраст (SGA) и предвремено раѓање, д-р Изаири во воведниот дел детално и многу студиозно пристапува во објаснување на причините и патологијата на овие перинатални промени и ризици во бременоста. Благодарение на потврдените и публикувани научни сознанија која д-р Изаири ги елаборира во воведниот дел, како и врз база на нејзиното долгогодишно клиничко искуство, најнапред ја објаснува хипертензијата индуцирана со бременост и прееклампсијата како еден од ризиците за неповолен перинатален исход. Во овој дел таа ја иницира и една од хипотезите на трудот дека истата најчесто се јавува кај жени кои претходно имале хипертензивна болест и фамилијарна хипертензија, кај постари бремени жени (над 40год.), обезни жени, жени со мултипна бременост, жени кои имаат поголема временска дистанца помеѓу двете бремености, родилки оплодени во *in vitro* услови, при инсуфициенција на плацента, кај жени со промени во липидниот метаболизам, дијабет и други ендокрини заболувања, како и при зголемен внес на алкохол и користење на наркотични средства. Истата хипотеза д-р Изаири ја поврзува и детално објаснува со плацентарната исхемија, оксидативен стрес и други фактори што резултира со патофизиолошки промени на *aa. spirales uteri*, дисфункција односно неадекватна трофобластна инвазија и неадекватна имплантација. Исто така, ја објаснува и потребата од редовно мониторирање на крвниот притисок, присуството на протеини, креатинин, мокрачна киселина во урината како и редовен клинички преглед на секоја трудница. На тој начин, кандидатот индиректно ги најавува и целите на трудот. Во воведниот дел, кандидатот ги цитира најновите истражувања кои потврдуваат дека при бремености комплицирани со висок крвен притисок, прееклампсија, интраутерин застој во раст на плодот, и др., циркулаторната импенданса на *a. uterina* е зголемена, т.е. постои висок резистентен индекс или појава на ран дијастолен notch, промени во *a.umbilicalis* (висока импенданса) и истата се јавува доколку повеќе од 60% од плацентарната циркулација е облитерирана. Сумирано, поентата на кандидатот д-р Изаири, во воведниот дел е да потенцира дека интраутерин застој во раст на плодот (IUGR) и предвремено породување (пред полни 37 гестациски недели), се комплексни компликации кои на светско ниво се сретнуваат кај 10-15% од сите бремености во светот и со тоа преку ова истражување сака да влијае во намалување на перинаталниот морбидитет и морталитет.

Првична и основна <u>*Цел на ова истражување*</u> е да се направи пренатален скрининг и корелација на серумските биомаркери од *Quadriple test*–от и фето-плацентарната единица во вториот триместар од бременоста, како можни индикатори и предиктори за рано дијагностицирање на евентуален неповолен перинатален исход кој вклучува: хипертензија индуцирана со бременост, прееклампсија, интраутерин застој во раст на плодот, итн. На тој начин кандидатот д-р Изаири укажува на значењето на пренаталниот скрининг на серумските биомаркери посебно од *Quadriple test*-от и ултразвучни параметри на фетоплацентарните единици во предвидување на перинаталниот ризик и исходот од бременоста. Сите цели на трудот се во функција на однапред предвидените работни хипотези и подхипотези кои се детално дефинирани во Пријавата на докторската дисертација. Во делот <u>*Материјал и методи*</u>, д-р Изаири го објаснува дизајнот на студијата. Се работи за студија која има проспективен карактер во која се вклучени 673 испитанички, бремени

жени помеѓу 18-та и 24-та гестациска недела, следени и мониторирани во специјалната болница за гинекологија и акушерство " Мајка Тереза-Скопје". Студијата е направена и спроведена според Правилникот на Етички комитет на Факултетот за медицински науки и врз база на однапред добиена Одлука (бр.2005-149/3) од негова страна за одобрување на научно-истражувачката студија. Детално е објаснет протоколот за работа, анонимниот прашалник, начинот на земање на крв за анализа и следењето на серумските биомаркери како предиктори за прееклампсија, со помош на ELISA метод во Апарат Access 2 – Beckman Coulter. Освен тоа со помош на ултрасонографски прегледи мониторирана е феталната биометрија, количество на околуплодова вода, зрелост на постелка, како и PI и RI на *aa. uterinae* и *a.umbilicalis*. Сите вклучени испитаници се мониторирани и следени до крај на нивната бременост, преку редовно мерење на крвниот притисок, појавата протеинурија (во 24 часовна урина), како и мониторирање на останатите параметри важни за истражувањето како и содржината на мокрачна киселина, креатинин и уреа во мајчиниот серум.

Во овој дел објаснета е поделбата на испитаниците во групи според однапред утврдени критериуми:

I група – со позитивен наод на *Quadriple test*-от, референтни вредности на PI и RI на aa.uterinae.

II група – со негативен наод на *Quadriple test*-от, високи вредности на PI и RI кај најмалку едната *a. uterina*

III група – со позитивен наод на *Quadriple test*-от, високи вредности на PI и RI кај најмалку едната a. uterina.

IV група (контролна) – со негативен наод на *Quadriple test*-от и референтни вредности PI и RI на *a.uterina*

Од студијата се исклучени пациентките кои имаат дијабет, третирани со aspirin и бремени жени со близначка бременост.

Статистичката анализа на податоците добиени од истражувањето е направена во статистичкиот програм SPSS 23,0. Kolmogorov-Smirnov тест е користен за тестирање на нормалноста на дистрибуцијата на податоците. За компарирање на анализираните групи се користени непараметарски тестови за независни примероци (Student t-test, X2 (Pearson Chi-square) Z (Mann-Whitney U Test). Направена е корелација помеѓу одделни параметри и однапред дефинираните групи на испитаници. Добиените податоци се прикажани табеларно и графички. Изработена е бинарна логистичка регресиона анализа и валидност на дијагностички тестови за неповолен исход на бременост

Во поглавјето *Резултати* д-р Пранвера Изаири систематски ги презентира резултатите од истражувањето сумирајќи ги најпрво според поставените работни хипотези и однапред утврдени цели на трудот. Од вкупниот број на испитаници, 673, 523(77.7%) имале поволен исход на бременоста и ја сочинуваат контролната група (КГ), додека за 150 (22.3%) бремени жени исходот на бременоста е неповолен и тие ја сочинуваат испитуваната група (ИГ), од кои 48 (7.13%) се со прееклампсија (PE), 32(4.75%) со PIH (хипертензија индуцирана со бременост), 20 (2.97%) со SGA (плод мал за гестациската возраст), и 50 (7.43%) со IUGR (интраутерин застој во раст на плодот).

Резултатите од варијаблите кои во униваријантната анализа се потврдуваат како сигнификантни се: индекс на телесна маса, систолен и дијастолен притисок, гестациска недела на прием, пулсатилен и резистентен индекс на двете утерини артерии, пулсатилен индекс на умбиликалната артерија, волумен на постелка, inhibin A, HCG, креатинин, *acidum uricum*). Истите ставени во модел на мултиваријантна анализа, како независни предиктори ги детерминираше: индексот на телесна маса ($p<0.0001$), дијастолниот притисок ($p<0.0001$), PI *a.uterina lat.dex.* ($p=0.044$), PI *a.uterina lat.sin.* ($p=0.04$), PI *a.umbilicalis* ($p=0.001$), волуменот на постелка ($p=0.007$), *inhibin A* MoM($p<0.0001$), HCG ($p=0.021$), и *acidum uricum* ($p<0.0001$).

Во поглавјето*Дискусија*, кое се надоврзува на резултатите во докторската дисертација, кандидатката симплифицирано и во континуитет ги компарира добиените вредности и заклучоци со сознанијата од литературните истражувања споредувајќи ги детално.

Во последното поглавје *Заклучоци*, детално се презентирани и сумирани сите елементи на истражувањето, согласно поставените и детерминирани цели на студијата.

На крајот, следуваат библиографските податоци конципирани по азбучен ред, 53 на број, во поглавјето *Литература.*

**Научен придонес:**

Имајќи во предвид дека прееклампсијата, хипертензија индуцирана со бременост, интраутерин застој во раст на плодот и предвременото породување, како состојби и компликации во тек на бременоста се причина за високиот морбидитет и морталитет на мајката, фетусот и новороденото од една страна и претставуваат финансиско оптоварување на Фондот за здравство, од друга страна, очекуваме дека со ова истражување ќе успееме да ги потврдиме првичните индикатори како предиктори за овие состојби и позитивно да влијеме на оваа состојба. Од клинички апсект, со ваквата студија и пренатален скрининг на серумските биомеркери, како и со следење на фетоплацентарната единица во втор триместар од бременоста, се надеваме дека ќе влијаеме на рано дијагностицирање на хипертензијата индуцирана со бременост, прееклампсијата, интраутериниот застој во раст на плодот и предвременото породување како состојби и однапред ќе може да се дефинираат ризичните групи на пациентки.

Според начинот на пишување и изнесување на материјата, докторската дисертација изработена под менторство на проф. д-р Невенка Величкова, вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како интерен ментор, и проф. д-р Марјан Стојовски, редовен професор на Медицински факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како екстерен ментор, е работена според Правилникот на трет циклус на студии и во неа постои конзистентност на деловите во рамките на целината. Добиените резултати статистички се обработени и презентирани на ефективен, концизен и разбирлив начин. Заклучоците се конкретни и самите по себе можат да бидат причина за понатамошни испитувања и истажувања во предклинички и клинички студии. Докторската дисертација на д-р Пранвера Изаири обработува актуелна тема од областа на базичните и клинички истражувања и содржи резултати со висок степен на научна и апликативна вредност.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Кандидатката пред одбраната на докторската дисертација ги објавила следните рецензирани научни трудови:

Izairi, Pranvera and Skeparovska, Kristina and Velickova, Nevenka (2020) The corelation between feto-placental unit, fetal biometry and amniotic fluid in pregnant women with preeclampsia in second trimester. International Journal Knowledge, 38 (4). pp. 685-689. ISSN 1857-923Xhttps://eprints.ugd.edu.mk/24376/

Izairi, Pranvera and Velickova, Nevenka (2019) Пренатален скрининг на инхибин А и фето-плацентарна циркулација како предиктори за прееклампсија кај бремени жени во втор триместар. International Journal Knowledge, 35 (4). pp. 1269-1275. ISSN 1857-923Xhttps://eprints.ugd.edu.mk/23771/

Izairi, Pranvera and Antovska, Vesna and Skeparovska, Kristina and Velickova, Nevenka (2020) The corelation between feto-placental unit, fetal biometry and amniotic fluid in pregnant women with preeclampsia in second trimester. In: International Medical Congress in Albania, 02-04 Apr 2020, Tirana, Albaniahttps://eprints.ugd.edu.mk/24375/

Pranvera Izairi, Nevenka Velickova, Marjan Stojovski, Asim Izairi (2021) The importance of prenatal screening of serum biomarkers of Quadriple test and feto-placental unit in prediction of perinatal risk and pregnancy outcome, Acta Medica Balkanica-International Journal of Medical Sciences-AMBIJMS-accepted, *publication in progress*

Pranvera Izairi, Nevenka Velickova (2021) Association of adverse pregnancy outcome with the values of serum biomarkers of Quadriple test, Albanian J Med Health Sci Vol. 57- accepted, *publication in progress*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Значењето на пренаталниот скрининг на серумските биомаркери од Quadriple test-от и фето-плацентарната единица во предвидување на перинаталниот ризик и исходот од бременоста" и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран и јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Значењето на пренаталниот скрининг на серумските биомаркери од Quadriple test-от и фето-плацентарната единица во предвидување на перинаталниот ризик и исходот од бременоста", пријавена и изработена од кандидатот д-р Пранвера Изаири и да и одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф.д-р Глигор Димитров, претседател**
**Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев – Штип**
**Проф.д-р Невенка Величкова, член и интерен ментор, Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев – Штип**
**Проф.д-р Марјан Стојовски, член и екстерен ментор, Медицински факултет, Универзитет Св.Кирил И Методиј – Скопје**
**Проф. д-р Ѓорги Бабушку, член, Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев – Штип**
**Проф.д-р Милка Здравковска, член, Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев – Штип**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно- научниот совет на единицата**

| Билтен 15.11.2021 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | Улогата и обврските на сестрата во Одделот за интензивна нега на Хирургија во ЈЗУ Медицински центар во Куманово | 2002-296/16 од 20.10.2021 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Вања Ангеловска |